РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 989
Скопје, 1 јули 2010 година

## Содржина на Билтен број 989 од 1 јули 2010 година


**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по предметот ортодонција на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(ас. д-р Цветанка Мишевска, м-р сци)**........1-4

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Транспонирањето на acquis communautaire на Европската унија во правото на Република Македонија, нормативистичка перспектива** изработена од **м-р Малинка Ристевска Јорданова**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје........5-13

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на пријавени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Игор Марковски)**........14

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензијата на ракописот **Соматоформни растројства** од **проф. д-р Нада Поп-Јорданова**, пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје........15-19
2. Рецензијата на учебникот **Анатомија на човекот (прв дел)** од **проф. д-р Добрила Тосовска-Лазарова и соработниците**, пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје........20-22

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Основи на прехранбеното процесно инженерство-процеси на конзервирање на храната** од **проф. д-р Слободанка Кузманова**, пријавен на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје........23-25

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на максилофацијалната хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Даница Поповиќ Моневска)**........26-35

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Наташа Љушева, Мајлинда Исмаили, Елена Николова, Мирјана Миова, Игор Поповски, Илија Андовски, Наташа Брова, Марија Трајковска, Иван Маленков, Сашо Ефремов, Илина Алексовска, Николина Кузманова, Анастазија Јовановска, Билјана Трајковска, Александар Стаменковиќ)**........36-37

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Институтот за национална историја во Скопје **(м-р Габриела Топузовска)**........38
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за национална историја во Скопје **(Драган Ѓалевски, Ристо Палигора, Викторија Грозданова-Коцевски, Фуат Шериф)**........39

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(м-р Стојанчо Митовски)**........40

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**
1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонска литература во Скопје (**Валентино Скендеровски, Наташа Пешевска, Лутеција Боцева, Васил Ѓоргиев, Христо Петрески, Зоја Бузалковска, Лилјана Плевнеш, Дарин Ангеловски**)....41-42

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**
1. Реферат за избор во звањето вонреден професор во научната област живинарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**д-р Драгослав Коцевски**)....43-52

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за подобност на темата за изработка на докторска дисертација **Влијание на одделните конструктивни параметри врз функционалноста и векот на чиниестата пружина за фрикциона спојница за патнички автомобил** и оспособеноста на кандидатот **м-р Маријо Телента** за научна работа на Машинскиот факултет во Скопје....53-59

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**
1. **Исправка** на Рецензијата на докторската дисертација **Инхибиција на деминерализацијата на емајлот околу брекетите во тек на ортодонтски третман in vivo и in vitro студијата** од **д-р Ефка Жабокова-Билбилова, м-р с-ци**, пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје....60

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија на докторската дисертација **Содржините во етичкото образование на младите**, изработена од **м-р Гордана Никчевска**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....61-63
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје (**м-р Ристо Петров, м-р Анета Христова, м-р Љиљана Николовска, м-р Фети Мустафаи, м-р Зоран Јованчев, м-р Драган Шапкалиски**)....64

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија на докторската дисертација **Релевантноста на новата кејнзијанска економија за пазарот на трудот во Република Македонија**, изработена од **м-р Предраг Трпески**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје....65-70
2. Рецензија на докторската дисертација **Различни модели на пензиски реформи и нивното влијание врз пазарите на капитал во земјите на Централна и Источна Европа**, изработена од **м-р Јадранка Мршиќ**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје....71-77

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**
1. Рецензија на докторската дисертација **Перспективите на миграционата политика на Република Македонија во контекст на нејзиното зачленување во Европската унија**, изработена од **м-р Зоран Филиповски**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....78-84

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија на ракописот **Примена на ЦФД-методологијата кај турбомашините од авторите д-р Зоран Марков и д-р Предраг Поповски**, пријавен на Машинскиот факултет во Скопје....85-90

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**
1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Сашо Нефовски**)....91

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за физичка култура во Скопје (**Елена Соклевска-Илиевска**)........................................92

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на помлад асистент-истражувач во областа на архитектонското проектирање на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје (**Мери Батакоја**)........................................93-97

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Механизми на хиперактивност индуцирани со воздушна хипероксија во белодробниот паренхим кај неонатални стаорци**, изработена од **м-р Рамадан Сопи**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје........................................98-103

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Правниот статус на вработените во јавните служби**, изработена од **м-р Марија Пешева**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје........................................104-111

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Проценка на влијанието на иригационите солуции на smear layer, виталните структури и дентинот на ендодонтски третирани заби**, изработена од **д-р Илијана Аџисанкова Муратовска**, пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје........................................112-119

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ОРТОДОНЦИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 7-ма редовна седница одржана на 24. 3. 2010 година, по предлог на Кадровскиот одбор, а во врска со распишаниот конкурс за избор на наставници и соработници на Факултетот, донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на асистент по предметот ортодонција, во состав: проф. д-р Марија Зужелова, проф. д-р Јулијана Ѓоргова и проф. д-р Златанка Белазелкоска. На конкурсот објавен во весникот „Вечер" од 18.12.2009 година се пријави ас. д-р Цветанка Мишевска, м-р сци, вработена на Клиниката за ортодонција при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар во Скопје.
Врз основа на пријавата и поднесената документација, Рецензентската комисија се состана и на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ас. д-р Цветанка Мишевска е родена во Скопје на 28.7.1971 година. Основното образование го завршила во ОУ „Браќа Рибар" во Скопје, а средното образование при Медицинскиот училиштен центар „Д-р Панче Караѓозов", отсек за забни техничари, со континуиран одличен успех.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1989/90 година, а дипломирала на 18.10.1994 година со просечен успех 9, 28. Стручниот испит го положила во 1995 година.

Во 1994 година се вработила при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар, во почетокот на Клиниката за дентална патологија, а од 1996 година на Клиниката за ортодонција. Во март 2004 година е избрана за помлад асистент на Катедрата за ортодонција, а во март 2007 година за асистент на истата катедра.

Во 1997 година го започнала специјалистичкиот стаж по специјалноста ортодонција. Специјалистичкиот испит го положила во 2000 година и се здобила со звањето специјалист по ортодонција. Постдипломските студии од областа на ортодонцијата ги завршила со просечна оценка 10,00. Магистерскиот труд под наслов „Дентофацијална морфологија кај индивидуи со агенеза на заби" го одбранила на 6.4.2004 година.

Поднесената пријава за изработка на докторска дисертација со наслов „Морфолошки карактеристики на краниофацијалниот комплекс кај индивидуи со Turner-ов синдром" била усвоена на 39. редовна седница на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, одржана на 18.10.2006 година.

Со научноистражувачка работа започнала да се занимава од студентските денови (активно учествувала на два студентски конгреса). Автор и коавтор е на 31 стручно-научен труд, објавени во земјата и во странство, и активно учествувала на повеќе меѓународни ортодонтски едукативни курсеви.

Соработник е во одделни поглавја на книгите: „Трајна дентиција - ембриологија и анатомохистоморфологија" (2000) и „Дентална трауматологија", Скенпоинт (2006), и коавтор е во скриптата „Аномалии на забите", Скопје, 2008. Активно учествувала на: Европскиот ортодонтски конгрес (Сорento, 2002, Прага, 2003, Берлин, 2007 и Лисабон, 2009), Балкански стоматолошки конгрес (Охрид, 2004) и на Македонскиот стоматолошки конгрес (Охрид, 2006). Била ментор на студентски труд (Конгрес на студентите по стоматологија, 2006).

Ас. д-р Цветанка Мишевска, м-р сци, успешно ја реализира практичната настава по предметот ортодонција, запознавајќи ги студентите со проблематиката од овој домен.

Во 2008 (септември-ноември) ја завршила стручната обука - Менаџмент и лидерство во здравството, и се стекнала со стручно знаење од областа на здравствениот менаџмент, а на 30.11.2008 година го положила испитот за менаџер на јавна здравствена установа.

Активно го владее англискиот јазик. Има солидно познавање од работата со компјутери и Microsoft office.

Добитник е на Благодарница од Македонското лекарско друштво во 2000 година и Благодарница од Стоматолошкиот факултет во Скопје во 2009 година, по повод јубилејот 50 години постоење.

*Трудови објавени до изборот за асистент, рецензирани во билтените:*

Трудовите под реден број 1 и 2 се рецензирани во Билтен бр. 731 од април 1999 година.

Трудовите под реден број 3 и 4 се рецензирани во Билтен бр. 758 од мај 2000 година.

Трудот под реден број 5 е рецензиран во Билтен бр. 761 од јули 2000 година.

Трудовите под реден број од 6 до 18 се рецензирани во Билтен бр. 846 од март 2004 година.

Трудот под реден број 19 е рецензиран во Билтен бр. 863 од декември 2004 година.

Трудот под реден број 20 е рецензиран во Билтен бр. 878 од ноември 2005 година.

Трудовите под реден број 21 и 22 се рецензирани во Билтен бр. 908 од декември 2006 година.

Трудовите под реден број од 23 до 25 се рецензирани во Билтен бр. 912 од февруари 2007 година.

*Трудови за рецензија објавени по изборот за асистент :*

26. Miševska C , Gjorgova J, Kočova M, Šukarova Angelovska E. Characteristics of the craniofacial complex in patients with Turner syndrome.Balk J Stom 11:21-24,2007.
    Целта на трудот била да се детерминираат карактеристиките на краниофацијалниот комплекс кај пациентите со Turner-ов синдром. За таа цел е извршена анализа на 8 телерендгенски снимки на пациенти со Turner-ов синдром, компарирано со ист број испитаници - здрави женски деца како контролна група. Резултатите покажале сигнификантни разлики во големината и морфологијата на краниофацијалниот комплекс меѓу двете испитувани групи.
    Трудот има научно значење.

27. Miševska C , Gjorgova J, Misevski T, Toseska N, Bajraktarova E. Dental arches and palatal morphology in patients with Turner's syndrome. 83rd Congress of the European Orthodontic Society (Book of abstracts). Berlin, 2007: 131.
    Целта на испитувањето била да се утврди големината на денталните лакови и висината на палатумот кај пациенти со Turner-ов синдром. Извршена е анализа на 15 студиски модели на пациенти со Turner-ов синдром, компарирано со ист број испитаници - здрави женски деца како контролна група. Резултатите покажале сигнификантни разлики во димензиите на денталните лакови и морфологијата на палатумот меѓу двете испитувани групи.
    Трудот има научно значење.

28. Gjorgova J, Miševska C , Spasovska N. Effects of maxillary incisor protrusion on facial aesthetics. 84th Congress of the European Orthodontic Society (Book of abstracts).Lisbon,2008:185.
    Целта на трудот била да се одреди односот помеѓу протрузијата на максиларните инцизиви и мекоткивниот фацијален профил. Извршена е анализа на 70 телерендгенски снимки на пациенти од двата пола со I кл и протрузија на максиларните инцизиви, компарирано со ист број испитаници со нормална положба на максиларните инцизиви, како контролна група. Резултатите покажале сигнификантно зголемување на линеарните параметри кај машките испитаници, а со тоа докажано и влијанието на инклинацијата на максиларните инцизиви на фацијалната хармонија и естетика.
    Трудот има научно значење.

29. Miševska C, Valjakova E, Toseska N, Gjorgova J, Misevski T. Caries prevalence and periodontal status in patients with Turner's syndrome. 84th Congress of the European Orthodontic Society (Book of abstracts). Lisbon, 2008: 190. Целта на трудот била да се утврди КЕП - индексот и периодонталниот статус кај пациенти со Turner-ов синдром. За таа цел е извршена анализа на 21 пациента со Turner-ов синдром, компарирано со ист број испитаници - здрави женски деца како контролна група. Резултатите покажале сигнификантно пониски вредности за КЕП - индексот и

сигнификантно повисоки вредности за гингивалниот и плак индексот кај пациентите со Turner-ов синдром компарирано со контролната група.

Трудот има научно значење.

30. Toseska Spasova N, Gjorgova J, Miševska C, Spasov Z. Topographic relationship between the mandibular canal and impacted third molars. 84th Congress of the European Orthodontic Society (Book of abstracts). Lisbon, 2008: 197. Целта на трудот била да се утврди топографскиот однос меѓу мандибуларниот канал и импактираните трети молари. Извршена е анализа на панорамикс снимки на 70 трети молари чии корени имаат контакт со мандибуларниот канал. Резултатите покажале дека 36 заби имаат зголемена радиолуценција, 12 - суперимпозиции, а 7 заби имаат диверзија на каналот.
    Трудот има научно значење.
31. Георгиев З, Мишевска Ц, Димова Ц, Ковачевска И, Стошиќ В, Георгиев К. Интерцептивни постапки и дилеми. Аполонија 10(20):101-108, 2008.
    Целта на трудот била да се покажат значењето и важноста на интерцептивните постапки во секојдневната стоматолошка практика на секој стоматолог кој работи со деца, без разлика дали е тоа матичен стоматолог, педодонт или ортодонт. Постапките од типот на коса рамнина, брадова држалка, мобилни чувари на простор, како и екстракција на заби треба да бидат во корелација со правилно планиран ортодонтски третман.
    Трудот има научно значење.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на биографските податоци и следењето на кандидатката во нејзиниот развој, може да се констатира дека ас. д-р Мишевска континуирано работи на личната надградба како во научноистражувачката така и во педагошката работа, а своите работни обврски ги исполнува со одговорност. Затоа, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје да му предложи, д-р Цветанка Мишевска, м-р сци, да биде избрана во звањето асистент на Катедрата за ортодонција.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Марија Зужелова, с.р.

2. Проф. д-р Јулијана Ѓоргова, с.р.

3. Проф. д-р Златанка Белазелкоска, с.р.

03-173/1
17.06.2010 год.
СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 24.3.2010 донесе одлука за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „Транспонирањето на *acquis communautaire* на Европската унија во правото на Република Македонија: нормативистичка перспектива", од кандидатката м-р Малинка Ристевска Јорданова, во состав: проф. д-р Поликсена Гавровска, проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски, проф. д-р Сашо Георгиевски, проф. д-р Татјана Петрушевска и проф. д-р Тони Дескоски.. Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## ТЕМА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

### Актуелноста на проблематиката и научниот придонес на истражувањето

Секоја држава која сака да стане членка на Европската унија мора пред пристапувањето да го прифати сето она што е изградено како право на Унијата до нејзиното зачленување во Унијата. Република Македонија го започна процесот на усогласување со законодавството на ЕУ во 1996 година, кога се приклучи кон програмата ФАРЕ. Со Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европската унија и нејзините држави-членки и Република Македонија, која влезе во сила во 2004 година (а преку Времената спогодба, нејзини делови влегоа во сила во 2001 година), обврските за усогласување со законодавството на ЕУ, како и приоритетите на усогласувањето подетално се определени во една задолжителна правна рамка.

Темата е особено релевантна во период кога сè уште трае процесот на преземање на постојното право на Европската унија, односно *acquis communautaire*. Република Македонија сè уште нема започнато преговори за членство, ниту, пак, е извршен процесот на скрининг, односно аналитички преглед на усогласеноста на националното законодавството со законодавството на ЕУ, што вообичаено е првата фаза од преговорите за членство во ЕУ. Од друга страна, како држава-кандидатка од 2005 година, по примерот на државите-кандидатки од претходниот бран на проширување, Република Македонија подготвува и спроведува Национална програма за усвојување на правото на Европската унија, како сеопфатен документ кој го димензионира процесот на транспонирање во временски и нормативни рамки, инкорпорирајќи ги и аспектите на имплементација и извршување. Истовремено, Република Македонија ги извршува и обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, кои всушност значат преземање во одреден опсег и со различен приоритет на делови од *acquis communautaire*.

Самиот процес на транспонирање наметнува сериозни предизвици и комплексни правни, како и пошироки социо-економски прашања. И покрај, но и наспроти користењето на сознанијата и искуствата од поранешните и сегашните држави-кандидатки во практиката и екстензивната странска техничка помош, изградбата на еден аналитички и научно издржан пристап во процесот на транспонирање е евидентна потреба во Република Македонија. Тоа е значајно за

текот на преговорите за членство во ЕУ, зашто процесот на преговори всушност значи преземање обврска за усвојување на правото на ЕУ во одреден рок.

Актуелноста на темата, односно самиот процес на транспонирање не завршува со членството во ЕУ. Сосема спротивно, процесот на транспонирање е редовна дејност на сите членки на ЕУ, со таа разлика што членката на ЕУ учествува и во процесот на неговото креирање и што одделни акти (директивите) се транспонираат, а други (регулативите) стануваат дел од правниот поредок. Транспонирањето на правото на ЕУ е значајно за функционирањето на Европската унија како целина, зашто обезбедува усогласените политики на ЕУ да се озаконат и спроведат во практиката на целата, сè поголема и сè поразновидна територија на оваа супранационална заедница. Преку принципите на супремација, како и на директна примена на *acquis communautaire*, востановени од Европскиот суд на правдата, се обезбедува позитивното право на Европската унија ефективно да се применува на територијата на сите држави-членки. Државата-членка трпи последици доколку не го транспонира, неправилно го транспонира или не го спроведува *acquis*.

Оттаму, за Република Македонија успешноста на транспонирањето на правото на ЕУ е релевантна не само во процесот на пристапување во ЕУ, туку уште повеќе подолгорочно – како основа за успешен процес на транспонирање како држава-членка на ЕУ. Од друга страна, обврските за спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, како и на регионалните договори (Договорот за заедничката европска воздухопловна област, Договорот за Енергетската заедница на Југоисточна Европа, Договорот за транспортна заедница кој е во тек на преговори), произведуваат во сегашноста правни обврски за Република Македонија, кои произлегуваат од *acquis communautaire*.

Во Република Македонија самиот процес на транспонирање на правото на ЕУ не бил предмет на подлабоко академско истражување, и покрај присутните напори посериозно да му се пристапи преку научни семинари и други академски ангажмани. Постојат парцијални секторски анализи, вклучувајќи и компаративни истражувања за одредени области, но отсуствува сеопфатно истражување на усвојувањето на *acquis communautaire* во Република Македонија, во кое овој процес се анализира во неговата целовитост и комплексност.

Транспонирањето на *acquis communautaire* станува сè повеќе предмет на академски интерес во самата Европска унија, уште повеќе акцентиран по последното проширување на ЕУ со државите од Централна и Источна Европа (*Falkner, Dimitrova, Kaedling, Toshev*).

Со усвојувањето на Договорот од Лисабон и постигнувањето на повисок степен на унификација на нормативната структура и правната рамка на Унијата, истражувањето на транспонирањето на правото на ЕУ во Република Македонија станува уште порелевантно.

**Предмет, цел и хипотеза на истражувањето**

Предмет на истражувањето е процесот на транспонирање на *acquis communautaire* во правото на Република Македонија. Транспонирањето, како една

од фазите на имплементирање на политиките на ЕУ во националната политика на државата-членка, претставува правен процес на вградување на нови норми во националниот правен систем. Од аспект на барањето за преземање на обврските кои произлегуваат од членството, како еден од копенхагенските критериуми за државите-кандидатки (кој вообичаено се нарекува критериум на *acquis communautaire*), транспонирањето се третира како првата фаза од овој процес, по која следат имплементацијата и извршувањето (transposition, implementation, enforcement/TIE). Во овој контекст, транспонирањето претставува легислативно усогласување со *acquis*, односно вградување на правната норма на ЕУ во националниот правен систем. Меѓутоа, со транспонирањето не завршува усогласувањето со *acquis*, зашто е неопходно да се воспостават административни структури и процедури за спроведување на законодавството (имплементација) и на крајот ефективно да се извршува транспонираното *acquis* (извршување). Целината на овие постапки треба да обезбеди усогласеност и почитување на *acquis* (compliance).

Блиски на предметот на истражувањето и чести во теоријата и практиката се и поимите на хармонизација и апроксимација. Овие термини во основачките договори на Унијата се користат паралелно (член 94, член 95, член 100 од Договорот за Европската заедница), и тоа како легислативен инструмент за постигнување на целите на Унијата во областа на единствениот пазар. (*Craig, De Burca*). Спогодбите за стабилизација и асоцијација, како и претходно Европа спогодбите за државите од Централна и Источна Европа содржат одредби за апроксимација, односно хармонизација на законодавството на државите-кандидатки со она на Европската унија. Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европската унија и нејзините држави-членки и Република Македонија (член 68) дава и поблиско објаснување на апроксимацијата – дека законите на Република Македонија постепено ќе станат компатибилни со оние на ЕУ. Во литературата, процесот на апроксимација се третира пошироко и ги опфаќа и фазите на имплементација и извршување.

Истражувањето се концентрира на фазата на транспонирање, односно на вградувањето на правната норма на ЕУ во правниот систем на Република Македонија. Основна цел на истражувањето е да се утврдат факторите кои ја условуваат успешноста на процесот на транспонирање на *acquis communautaire*.

Фокусот врз транспонирањето овозможува детална и длабинска анализа на оваа исклучително значајна фаза во преземањето на обврските кои произлегуваат од членството. Легислативното вградување на *acquis* во националниот правен систем претставува клучен елемент на имплементацијата на политиките на ЕУ на национално ниво. Државите-членки имаат простор и слобода да го извршат транспонирањето согласно со нивните правни традиции, уставно правен поредок, социјално-економски, па и културни услови. Начинот на кој *acquis* ќе се инкорпорира во националниот правен систем битно влијае врз целината на правниот систем и неговата оперативност, како и врз успешноста на натамошните фази на усвојувањето на *acquis* - имплементацијата и спроведувањето. При преземањето на обврските кои произлегуваат од членството една држава-кандидатка е исправена пред предизвикот, преку транспонирањето, да инкорпорира

во сопствениот правен систем еден интегрален корпус на норми создаван во текот на шеесетте години на постоење на Европската заедница, односно Европската унија. Пристапот и начинот на кој инкорпорирањето ќе се изврши го трансформира целокупниот правен систем. Фактот што *acquis communautaire* е специфичен корпус на правото кој не е идентичен со системот на меѓународните договори, ниту, пак, ги има својствата на национален правен систем; неговата специфична структура, како и сè поголемиот обем, пред државата која си ја поставува целта да го инкорпорира во целина поставува клучни проблеми и предизвици. Пред сè, се поставува императивот на суштествено осознавање и разбирање на *acquis communautaire* во целина, а потоа и на пониско ниво на групирање на нормите кои се транспонираат, односно нивната цел, како битна претпоставка за пристапување кон транспонирањето. Потоа се поставува потребата од програмирано транспонирање во целовитоста на националниот правен систем, при што еден корпус на норми на ЕУ, структуриран по специфичен систем на подрачја на *acquis*, односно поглавја за преговори се поставува versus националниот корпус на норми. Идентификацијата на националните норми во кои одделен потесен корпус на норми на ЕУ (групирани во подрачја) ќе се транспонира е исклучително значаен сегмент на транспонирањето. При тоа подрачјата не се еквивалентни, туку се преклопуваат и инволвираат надлежност на различни национални институции и тангираат интереси на различни субјекти. Комплексен проблем, исто така, претставува начинот на транспонирање, односно преземање во националниот правен систем на различните елементи па *acquis* (директиви, регулативи, одлуки, итн.), имајќи предвид дека се работи за суштествено различни правни инструменти. Натаму, транспонирањето на *acquis* во Република Македонија се врши во подолг период на суштествени транзициони реформи и има значителна улога во обликувањето на целокупната реформа на правниот систем на Република Македонија по осамостојувањето. Фактот што Република Македонија еден релативно долг период (споредено со државите од Централна и Источна Европа) е во специфична ситуација да го транспонира *acquis communautaire* без преговори за членство, односно без систематска инволвираност на Европската комисија во согледувањето на нивото на усогласеност преку аналитичкиот преглед на усогласеноста на националното законодавство со *acquis* (скрининг) претставува дополнителен предизвик.

Теоретскиот пристап во истражувањето се заснова на нормативистичкиот институционализам, при што теоретската рамка се потпира на концептите на социјалниот конструктивизам (*Schimmelfenning, Checkel, Finnemore, Manners*) и на институционалната теорија на правото (*MacCormick*). Клучни во примената на нормативистичкиот пристап се, од една страна, аспектот на наметнување на нормативистичката моќ на ЕУ преку политиката на условеност на Европската унија, а од друга страна, аспектот на прифаќање на нормата од страна на националните чинители. Самиот процес на транспонирање се третира од аспект на промена на постојна норма, односно прифаќање на заедничката норма усвоена во ЕУ и нејзино вградување во домашниот систем на норми. Процесот на транспонирање на правото на ЕУ во една земја-кандидатка е комплексен процес на осознавање на нормите кои се владејачки во ЕУ, проценка за начинот на пренесување во националното право и нивно преземање во правниот систем на

државата, при што бројни чинители влијаат врз успешноста на транспонирањето на една држава-кандидатка - домашни, но и надворешни, во кои, пред сè, спаѓаат институциите на ЕУ.

Во истражувањето, преку поставената хипотетска рамка се истражува релевантноста на следниве чинители во процесот на трансонирање на *acquis*: усогласеноста на нормите кои се транспонираат со предоминантната норма на владејачката политичка елита, напредокот во политичките критериуми, подготвеноста на администрацијата за апсорпција на новите норми; квалитетот на методологијата на транспонирањето, вклученоста на засегнатите субјекти, поттикот и казната на ЕУ, техничката помош, како и дијалогот за нормите меѓу домашните чинители и чинителите на ЕУ.

**Методолошката рамка**

При изработката на трудот се користи комбинација на квалитативни и квантитативни методи. За утврдување на квантитативни индикатори за успешноста на процесот на транспонирање се користи контекстуална анализа на документите на ЕУ (особено извештаите за напредокот), како и статистичка анализа на динамиката на транспонирање на правото на ЕУ во РМ. Историско-правниот метод и компаративно-правниот метод е применет во анализата на еволуцијата на процесот на транспонирање на *acquis*, неговото програмирање и спроведување, како и во анализата на методологијата на транспонирањето на нормите во Република Македонија, споредено со други држави-кандидатки, како и држави-членки. Студијата на случај е применета во одделни подрачја на транспонирање на *acquis* (особено во случаи на непочитување на востановена преземена норма од ЕУ), како и на начинот на транспонирањето на одделни видови правни инструменти на ЕУ.

Во оценувањето на релевантноста на факторите врз успешноста на процесот на транспонирање применет е структуриран прашалник, како и интервјуа со релевантни чинители во процесот.

Анализатата на содржината е апллицирана во истражувањето на примарната литература, односно документите на ЕУ и на Република Македонија релевантни за транспонирањето.

Преку критичка анализа, користејќи и индуктивниот и дедуктивниот метод, истражувањето дава оцена за влијанието на одделните фактори врз процесот на усвојување на *acquis* во Република Македонија и ги идентификува основните недостатоци во приодот и методологијата на транспонирањето, како основа за изградба на еден конзистен пристап и методологија во прифаќањето на нормите на ЕУ во правниот систем на Република Македонија.

**Структура на дисертацијата**

Докторскиот труд „Транспонирањето на *acquis communautaire* на Европската унија во правото на Република Македонија: нормативистичка перспектива" се состои од вовед, четири дела и заклучок.

Во **воведниот дел** се разработува актуелноста на предметот на истражувањето, доменот во кој докторската дисертација претставува научен

придонес и е даден релевантен преглед на актуелни придонеси на слични теми на истражување, пред сè во европски рамки.

Во **првиот дел** насловен како: „*Acquis communautaire* – концепт и контекст", презентирана е генеологијата и еволуцијата на *acquis communautaire*, , од неговата концептуализација во шеесеттите години на овој век до актуелната унификација на нормативната структура на ЕУ во Договорот од Лисабон. При тоа, посебно се разгледува поимот на „фундаментално *acquis*" и неговата релевантност за процесот на европеизацијата. Кандидатката го карактеризира фундаменталното *acquis* како хоризонтален политичко-правен супстрат на корпусот на правните акти на Унијата. Во посебна глава е даден осврт на екстернализацијата на *acquis*, при што се анализирани постојните механизми за екстернализација, преку различните видови и степени на соработка, вообличени во соодветни договори (особено Договорот за заедничка европска економска област, споредено со Европа договорите и спогодбите за стабилизација и асоцијација). Натаму, направено е терминолошко разграничување меѓу поимите на хармонизација, апроксимација, усогласување, усвојување на правото на ЕУ и транспонирање, при што кандидатката укажува на нијансите разлики при користењето на овие термини и како синоними.

Во **вториот дел** насловен како „Теоретска рамка", прикажан е теоретскиот модел на истражувањето, при што е даден преглед на основните теории на европската интеграција релевантни за истражувањето. Направена е детална анализа на развојот на нормативистичкиот пристап и неговото вградување во институционалната теорија на европската интеграција. Посебен осврт е даден на социјалниот конструктивизам и дилемите околу неговото поврзување со нормативистичкиот дискурс на европската интеграција, а натаму се изложени постулатите на институционалната теорија на правото. Во овој дел, во посебна глава е образложен теоретскиот модел на истражувањето, неговите цели, хипотезите на истражувањето, како и методолошкиот инструментариум. Користејќи ги постојните модели на дифузија и апсорпција на нормите развиени во современите теоретски студии за ЕУ, кандидатката изложува модел за истражување, кој става акцент на влијанието на домашните чинители во процесот на транспонирање и постигнување конвергенција на нормите преку суштествено спознавање на нормите што треба да се преземат и дијалог.

**Третиот дел** насловен како „Усвојување на *acquis*" е посветен на анализата на практиката на усвојување на *acquis* во државите-кандидатки за членство, при што е направена дистинкција на овој процес со процесот на транспонирањето и имплементација на *acquis* во државите-членки. Даден и преглед на механизмите на процесот на проширување, вклучувајќи го воспоставениот инстументариум на ЕУ (пристапни партнерства, техничка помош, извештаи итн.) од аспект на усвојувањето на правото на ЕУ и функционирањето на политиката на условеност во овој контекст. Анализирана е улогата на институциите на Европската унија во детерминирањето на агендата и динамиката на процесот на проширување, што има значителни консеквенци на процесот на транспонирање на правото на ЕУ. Посебно е анализирана релацијата на процесот на транспонирање на *acquis* и преговорите за членство, при што е изложена структурата на *acquis* за преговори. Во посебна глава е прикажана еволуцијата на механизмите за програмирање на

приближувањето со законодавството на ЕУ, односно усвојувањето на правото на ЕУ во Републиката (програми за приближување на законодавството, национална програма за усвојување на *acquis*), како и развојот на методологијата на транспонирањето. При тоа, посебно се анализирани одделни проблеми на усвојување на правото на ЕУ, какви што се, на пример, проблемот на вградување на регулативите во националниот правен систем и прашањето на преземање акти на ЕУ преку ратификувани меѓународни договори. Кандидатката заклучува дека формалните класификации и поделби на *acquis* се релевантни од аспект на структурираност и институционална подготовка на процесот, но дека фокусот на процесот на транспонирање треба значително да се сврти кон суштината на вградувањето на нормите на ЕУ во правото на Република Македонија. Во овој дел на трудот е прикажана и анализирана динамиката на усвојувањето на правото на ЕУ на генерално ниво.

**Четвртиот дел** од докторскиот труд насловен како „Вградување на *acquis* во правото на Република Македонија – статус и фактори" ја содржи супстанцијата на истражувањето, при што се изложени наодите од контекстуалната анализа на извештаите од ЕУ и од анализата на релевантноста на одделните чинители врз транспонирањето во поставената хипотетска рамка. Кандидатката го класифицира *acquis* во неколку области, според карактерот на политиките кои се имплементираат и употребата на правните инструменти. Во главата „Внатрешен пазар", која е најобемна и исклучително сложена област поради хоризонталното влијание врз националниот правен поредок, се прикажани резултатите од анализата на поглавјата: 1) Слободно движење на стоки; 2) Слободно движење на работници; 3) Слобода на основање; 3) Право на основање и слобода на обезбедување услуги; 4) Слободно движење на капитал; 5) Јавни набавки; 6) Право на трговски друштва; 7) Право на интелектуална сопственост; 8) Политика на конкуренција; 9) Финансиски услуги; 16) Оданочување; 20) Политика за претпријатија и индустрија; 28) Заштита на потрошувачите и здравствена заштита; 29) Царинска унија; 30) Надворешни односи. Заклучоците укажуваат на тоа дека и покрај фактот што не постои експлицитен судир во нормите кои се транспонираат со декларираните предоминантни норми на политичките елити (освен во подрачјето на конкуренција), динамиката и квалитетот на транспонирањето се на релативно ниско ниво, иако со значителна невоедначеност во различни подрачја. Во главата „Земјоделство и безбедност на храната" се класифицирани поглавјата: 11) Земјоделство, 12) Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика; 13) Рибарство. Ова е област со волуминозно и разновидно *acquis*, во кое се заклучува дека методологијата на транспонирањето, како и институционалната поставеност имаат големо значење во успешноста на транспонирањето. Главата „Кохезија и мрежни индустрии" ги вклучува анализата на поглавјата: 9) Информатичко општество и медиуми, 14) Транспортна политика; 15) Енергија; 21) Трансевропски мрежи; 22) Регионална политика и координација на структурните инструменти. Во оваа глава, преку студијата на случајот на кршење на Спогодбата за стабилизација и асоцијација во областа на електронските комуникации, кандидатката укажува на фактот дека казната од ЕУ може во одредени околности да претставува поттик за напредок, односно клучен пресврт во транспонирањето. Во Главата „Економско-монетарна област, статистика и финансии" се опфатени

поглавјата: 17) Економска и монетарна политика; 18) Статистика; 32) Финансиска контрола; 33) Финансиски и буџетски одредби. Оваа област, иако е констатирано дека во неа не постои значително *acquis*, особено не во поглед на транспонирањето, е оценета како значајна од хоризонтален аспект во процесот на транспонирање и Поглавјата: 19) Социјална политика и вработување, 24) Наука и истражување, 25) Образование и култура се опфатени во главата „Социјална политика, наука, истражување, образование, истражување и култура", во која од аспект на комплексност и обем на мерки на транспонирање се издвојува областа на социјалната политика, која претставува значителен предизвик за Република Македонија, додека во другите области е констатирано дека не се вклучени крупни прашања на транспонирањето. Посебна глава е посветена на поглавјето: 27) Животна средина, поради обемот на *acquis*, регулираноста на областа со директиви и нивната комплексност. Во оваа област е констатирано дека востановената посебна методологија на транспонирањето и систем на мониторинг кој обезбедува квантификација на нивото на транспонираност има влијание на успешноста на транспонирањето. Во областа на правдата, слободата и безбедноста со двете поглавја: 23) Правосудство и фундаментални права и 24) Правда, слобода и безбедност, изложена е карактеристичната поврзаност со политичките критериуми, како и посебноста на досега применетите правни инструменти. Конечно, поглавјето „Заедничка надворешна и безбедносна политика" е издвоено во посебна глава, како карактеристична област на правото на ЕУ, со посебни специфики утврдени и во Лисабонскиот договор.

Во последниот дел, односно во заклучокот на докторската дисертација презентирани се на синтетизиран начин наодите од истражувањето и релевантноста на анализираните фактори на транспонирањето. Кандидатката критички се осврнува на досегашната практика на транспонирањето, особено критикувајќи го техницизмот и формалистичкиот пристап, наспроти потребата од суштествено инкорпорирање на нормите на ЕУ во правниот поредок на Република Македонија. Во заклучокот се содржани и препораки за натамошниот процес на усвојувањето на *acquis* во Република Македонија конзистентно со поставената теоретска рамка, во што се состои научниот придонес на оваа докторска дисертација.

**Заклучок и предлог**

Докторскиот труд „Транспонирањето на *acquis communautaire* на Европската унија во правото на Република Македонија: нормативистичка перспектива" од кандидатката м-р Малинка Ристевска Јорданова обработува многу значајна тема за Република Македонија, која е актуелна и во пошироки европски рамки. Богатата користена литература ја покажува способноста на кандидатката за систематско аналитичко користење на стручна литература. Поставената теоретска рамка ги следи современите европски тенденции, а применетиот богат методолошки инструментариум обезбедува релевантност и издржаност на сознанијата презентирани во трудот.

Материјата е изложена на јасен начин, содржински богато, сеопфатно и темелно, а целиот труд е логично систематизиран. Кандидатката пристапува продлабочено и критички кон анализата на комплексното и сеопфатно прашање кое е предмет на истражувањето, покажувајќи способност да ги селектира и

објективно да им пристапи на значајните проблеми од практиката, користејќи мноштво на емпириски податоци. За отворените прашања од практиката кандидатката изразува сопствен и јасен критички став, конзистентно со поставената теоретска рамка.

Трудот претставува самостоен стручно-научен труд, во кој кандидатката дава сопствен придонес за натамошното развивање на пристапот на Република Македонија кон инкорпорирањето на правото на ЕУ во правото на Република Македонија. Трудот истовремено претставува основа за натамошни истражувања во оваа област, што ја демонстрира неговата научна валидност и вредност.

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторски труд што ги задоволува критериумите за подготвување на научни и стручни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска регулатива и актите на Правниот факултет „ Јустинијан Први" и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Од тие причини, на Комисијата ѝ претставува задоволство едногласно да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" да го усвои овој извештај со позитивна оцена и да ѝ возможи на кандидатката Маринка Ристевска Јорданова да пристапи кон јавна одбрана на нејзиниот докторски труд.

КОМИСИЈА

1.Проф. д-р **Поликсена Гавровска** с.р

2.Проф. д-р **Љубомир Д. Фрчкоски** с.р

3.Проф. д-р **Сашо Георгиевски** с.р

4.Проф. д-р **Татјана Петрушевска** с.р

5.Проф. д-р **Тони Дескоски** с.р

ПРЕГЛЕД

на пријавени теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје на седницата одржана на 10.6.2010 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Игор Марковски | Реформа на јавната администрација преку реинженеринг на системот на јавни набавки | Вон. проф. д-р Радмил Поленаковиќ |

Декан

Проф. д-р Атанас Кочов

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ "СОМАТОФОРМНИ РАСТРОЈСТВА" ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р НАДА ПОП-ЈОРДАНОВА

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование на РМ (Сл.весник бр 35/08), а во врска со член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на УКИМ, Наставно-научниот совет на својата работна седница одржана на 25.5.2010 година донесе одлука за определување на Рецензентска комисија за учебникот "Соматоформни растројства" од проф. д-р Нада Поп-Јорданова, во состав акад. Момир Поленаковиќ, проф. д-р Никола Софијанов и проф. д-р Марија Кутурец.

Рецензентската комисија, откако го разгледа доставениот текст на учебникот го изготви следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Текстот што е доставен печатен во А4-формат има 154 страници и е поделен во три дела, збогатени со 9 слики и две табели. На крајот на текстот постојат референци, соодветно цитирани во текстот, како и речник на зборови од други јазици објаснети на македонски.

Во воведот е дадена основната идеја за пишување на оваа книга, а тоа е надградба на основните знаења за детскиот развој, специфичните потреби на детето, условите на живот како и огромниот број на пациенти токму од оваа група на растројства кои бараат разбирање и соодветно разрешување, а за кои не се пишува во класичната педијатриска литература.

Првото поглавје е насловено како ***Психолошки развој на детето***.
Првото потпоглавје насловено *Кои се промените?* ги разјаснува поимите растење и развој, што тие значат, како детето напредува физички, едукативно, од што тоа зависи и најбитното, како тоа се проценува.
Во поднасловот *Биолошки развој и поведение* детално се објаснети стадиумите на развојот според неколку современи научници и тоа: според Хенри Валон, Жан Пијаже, Сигмунд Фројд и Рене Шпиц. Сите автори имаат сличен но и различен приод во диференцирање на развојните фази кај децата што е битно кога со нив се работи и кога тој развој се евалуира за да се донесе заклучок.
Следното потпоглавје носи наслов *Фази на психолошкиот развој*. Во него накусо се обработени особеностите на пренаталниот развој, фазата на доенче, малото дете, претшколскиот период, периодот на школско дете за на крајот да се каже нешто и за адолесценцијата и преодот кон фазата на

возрасен. Во овој дел со особено внимание се зборува за важноста на емоционалната врска со мајката, како и можните трауми кои даваат тешки последици за натамошниот развој на детето.

Второто поглавје е посветено на ***Темпераментот и индивидуалните разлики.***
Првиот поднаслов во ова поглавје е посветен на *карактеристиките на темпераментот.* Во овој дел се дадени дефиниции на темпераментот и видовите на темперамент што се разликуваат уште во првата година од животот, што е битен елемент кога се проценува детето. Со големо внимание се зборува за големата Њујоршка лонгитудинална студија предводена од Томас која е многу значајна за разјаснување на видовите индивидуални разлики од најмалата возраст. Ова разјаснување е битно поради фактот што лекарите, педијатрите, па и психолозите, не го разбираат темпераментот во вистинската комплексност и не можат да прават дистинкција на она што е темперамент и патолошко однесување.
Вториот поднаслов *Корените на индивидуалните разлики во однесувањето* е посветен на факторите кои ја условуваат индивидуалноста, и тоа: хронолошката возраст, матурацијата, генетските разлики, полот и факторите кои влијаат за време на гестацијата (пред раѓањето) и оние по раѓањето на детето.
Следниот поднаслов на второто поглавје е: *Димензии на личноста и психометрија.* Во овој дел се укажува како се проценуваат темпераментот и индивидуалните разлики преку психометриски инструменти што е многу важно од практичен аспект. Особено се зборува за Ајзенковиот инвентар на личноста кој е адаптиран за македонската популација и кој широко се применува во практиката секогаш кога треба да се проценат основните димензии на личноста врзани за темпераментот.

Третото поглавје е посветено на ***значењето на емоционалниот развој*** .
Како и во претходното поглавје, поднасловите се длабоко функционални и едукативни.
Првиот поднаслов е: *Што се емоции и нивната функција*, во кој се дефинира поимот емоции, нивната функција кај децата, улогата на емоциите во односот родител-дете. Даден е невронаучен приод во толкувањето и хиерархијата на емоциите според Антонио Дамасио, еден врвен современ невронаучник кој важи за лидер во изучувањето на емоциите кај човекот. Исто така, во овој дел шематски е даден приказ за манифестацијата на емоциите во најраниот период од животот, раното детство.
Особено актуелен и важен дел од овој дел на книгата е посветен на *емоциите и мозочната структура.* Во овој дел се дадени објаснувања за деловите на мозокот одговорни за емоциите, дадени се слики на кои шематски се прикажани тие делови заради појаснување, како и бројните неуроимиџинг техники кои ги користи современата невронаука за истражување на емоциите.

На крајот на овој поднаслов интересен е приказот на синергистичното толкување на емоциите од аспект на будизмот и невронауката, еден сосема модерен приод, досега неразработен во класичните учебни помагала кај нас. Зборувано е за трите најдеструктивни емоции кај луѓето: гневот, преголемта желба и заблудата.
Сосема на крајот од ова поглавје стои поднасловот *Комӣлексносӣ и адаӣӣација,* во кој сумарно се дадени чинителите од кои зависи развојот на детето, кој е најкомплексниот процес во природата, а ги подразбира: гените, околината и минатиот развој. Сосема нов и современ приод во објаснувањето на развојот на болестите е "моделот на патека", кој обезбедува рано откривање на начините на лоша адаптација на детето и овозможува враќање на нормалниот развој, со што се спречува јавување на вистинска болест.

Четвртото поглавје е насловено ***Невробиолоӣија и развој.*** Во овој дел се дадени два поднаслова: *Инӣеракција орӣанизам - околина* како и *Вроденосӣ и мозочен развој.* Во овој дел на книгата, авторката веќе се приближува кон етиологијата на соматоформните растројства разликувајќи го влијанието на околинските фактори од вроденото претставено преку ДНК.

Овој прв дел на книгата претставува вовед во разбирањето на соматоформните растројства преку емоционалниот развој, темпераментот и невробиологијата.

Вториот дел на книгата започнува со поглавје насловено како ***Карактериистики на соматоформните растројства.*** Во првиот поднаслов-*Дефиниција,* детално се разработува поимот соматоформни растројства, менувањето на поимот со тек на промената на статистичките мануели што се користат во дијагностиката, како и разликите што постојат помеѓу најупотребуваните дијагностички критериуми, едниот МКБ-10 (европски, даден од Светската здравствена организација) и DSM-IV ( Американски, мануел на американската психијатриска асоцијација). Во овој дел се дадени и основните знаци за овие растројства, како што се нагол почеток, семејна историја, дискрепанца помеѓу физичките наоди и тегобите на кои се жали пациентот, свесна/несвесна мотивација и можна коморбидност. На крајот на поднасловот се дадени шематски неопходните услови што треба да се задоволат за поставување на дијагнозата соматоформно растројство, според DSM-IV.
Во вториот поднаслов е дадена *еӣидемиолоӣијаӣа* на соматоформните растројства. Укажано е на огромниот процент на застапеност, разликите во епидемиологијата кај возрасните и децата, како и на чинењето на лекување на оваа група болести.
Третиот поднаслов е посветен на *медицинскаӣа евалуација,* каква е класификацијата на оваа група растројства, кои се симптомите што можат да бидат присутни и постапките што треба да се задоволат за да се дојде до вистинската дијагноза.

Поднасловот *Психолошка основа на соматоформните растројства* е еден од најбитните во оваа книга. Се разјаснува корелацијата со психосоматската болест, се зборува за единството помеѓу телото и духот, како и за концептуалните модели во педијатријата. Овој поднаслов е битен поради разјаснувањето на сите карики во јавување на соматофорното растројство.
На крајот, поднасловот *Коморбидитет* е посветен на сите можни коморбидни состојби како што се анксиозноста, депресијата и друго.

Шестото поглавие е посветено на ***подгрупите на соматоформни растројства***. Во овој дел се разработени поединечно: соматизационото растројство, конверзијата, хипохондријата, дизморфичното растројство, растројството со болка, родителскиот Минхаузен синдром, синдромот на лажно болен и сосема посебно недиференцираното соматоформно растројство.
Сите наведени состојби спаѓаат во соматоформни растројства според најновата ревизија во DSM-IV. Особено е важно да се нагласи дека кај некои од наведените растројства се дадени карактеристични примери на пациенти кои авторката ги лекувала. Исто така, во склоп на хипохондријата се дадени два теста, адаптирани од странска литература, со кои пациентот може сам да одреди дали спаѓа во оваа група растројства.

Третиот дел на книгата е насловен: ***Дијагностичко-терапевтски принципи***. Во ова поглавје се содржани поднасловите: *Основни напомени, Принципи при проценката, и Принципи при лекувањето*. Сето ова го олеснува приодот на лекарот/психологот кон оваа група растројства.

Последниот дел на текстот е посветен на ***терапевтските методи***. Во овој дел, проф. Поп-Јорданова објаснува за *бихевиоралните тераписки приоди (когнитивно-бихевиоралните интервенции, рехабилитациониот приод и оперантно-бихевиоралните интервенции)*.
Посебно потпоглавје е посветено на *биофидбек-модалитетите*, во кое накусо е објаснето што е биофидбек, кои подвидови на оваа метода постојат, како и некои добиени резултати со биофидбек-третман кај соматоформните растројства. За биофидбек-методата, која е посебна специјалност на авторката, постои и посебна книга во издание на "Култура", Скопје.
Последниот поднаслов е *Здружена грижа* во кој се објаснува што значи добра комуникација, како се лекуваат здружените психијатриски проблеми за на крајот да се даде еден *Водич за родителите*, дел кој е едукативен и особено битен кога имамe дете со соматоформно растројство. Водичот за родителите помага во активната вклученост на родителите во водењето на деца со соматоформни растројства.

Како што е нагласено во почетокот на оваа рецензија, на крајот на книгата се дадени сите референци (во голем дел-сопствени публикувани трудови) користени во оваа книга, цитирани според сите медицински правила и по азбучен ред.

Во поглавјето ***Речник*** е дадено објаснување на најчесто употребуваните странски термини.

Книгата ***Сомаѿоформни расѿројсѿва*** е пишувана со коректен македонски јазик и на стил лесен за разбирање како за студентите така и за специјалистите по педијатрија, општа медицина, стоматологија и психологија. Дадени се најсовремените приоди за оваа група растројства, најновите класификациони критериуми и примери од практиката што го олеснуваат проценувањето и разбирањето на болестите од оваа група.

ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да го прифати извештајот за ракописот "**Соматоформни растројства" од проф. д-р Нада Поп-Јорданова** и да го одобри за користење како високошколски учебник.

Рецензенти

Академик Момир Полепаковиќ с.р.

-----------------------------------------------------------

Проф. д-р Никола Софијанов с.р.

-----------------------------------------------------------

Проф. д-р Марија Кутурец с.р.

-----------------------------------------------------------

**РЕЦЕНЗИЈА**
НА УЧЕБНИКОТ „АНАТОМИЈА НА ЧОВЕКОТ (ПРВ ДЕЛ)" ОД ПРОФ. Д-Р ДОБРИЛА ТОСОВСКА - ЛАЗАРОВА И СОРАБОТНИЦИТЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 25.5.2010 година, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија за оцена на текстот на учебникот „Анатомија на човекот (прв дел)", изработен од проф. д-р Добрила Тосовска - Лазарова, проф. д-р Наташа Наќева, проф. д-р Марија Папазова, н. сор. Јулија Живадиновиќ и н. сор. Ники Матвеева.

Прегледувајќи го доставениот текст, Рецензентската комисија во состав:

1. проф. д-р Никола Јанкуловски,
2. проф. д-р Весна Јаневска,
3. проф. д-р Весела Малеска - Ивановска,

го изготви следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Предмет на оваа рецензија е текстот на учебникот под наслов „Анатомија на човекот (прв дел)". Напишан е од проф. д-р Добрила Тосовска - Лазарова, проф. д-р Наташа Наќева, проф. д-р Марија Папазова, н. сор. Јулија Живадиновиќ и н. сор. Ники Матвеева, кои имаат долгогодишно стручно и педагошко искуство од областа на анатомијата. Уредник на учебникот е проф. д-р Добрила Тосовска - Лазарова. Учебникот е наменет за студентите од високите стручни школи, како и за студентите од Стоматолошкиот факултет. Основна концепција на учебникот е јасен морфолошки приказ на компонентите на човековото тело систематизирани според наставната програма предвидена за соодветните студиски програми.

Содржината на текстот е прегледно презентирана на 275 страници, во 6 глави: „Остеологија", „Анатомија на горен екстремитет", „Анатомија на долен екстремитет", „Анатомија на граден кош", „Анатомија на стомак" и „Анатомија на карлица".

Во првата глава, на 88 страници, презентирана е организацијата на коскениот систем на човековото тело. Коските од топографски аспект се групирани во коски на главата, коски на трупот и коски на екстремитетите. Даден е детален морфолошки приказ на секоја коска поединечно, при што се вклучени и важните скелетни мускулни припои.

Во втората глава е прикажана анатомијата на горниот екстремитет. Текстот опфаќа 36 страници, во кои како посебни целини се прикажани зглобовите, мускулите, фасциите, артериските, венските и лимфните садови, како и нервите на горниот екстремитет. Посебно е прикажана топографската поделба на раката на регии, како и содржината и соодносите на елементите во секоја од нив.

Анатомијата на долниот екстремитет е прикажана во третата глава, која се состои од 34 страници. Презентирани се зглобовите, мускулите,

фасциите, артериските, венските и лимфните садови, како и нервите на долниот екстремитет. Прикажана е и топографската поделба на долниот екстремитет на регии, како и содржината и соодносите на елементите во секоја од нив.

Во четвртата глава, на 28 страници, изнесена е анатомијата на градниот кош. Направен е морфолошки опис на елементите кои влегуваат во состав на ѕидовите на градниот кош (зглобови, мускули, фасции и садови и нерви), како и содржината на градната празнина поделена на плевропулмонални простори и средноградие. Опишани се анатомските карактеристики на деловите од респираторниот и кардиоваскуларниот систем кои се сместени во градниот кош. На крајот од главата прикажана е топографската анатомија на градниот кош.

Ѕидовите и содржината на стомакот се изнесени во петтата глава на 34 страници. Во состав на ѕидовите на стомакот прикажани се мускулите и фасциите кои го сочинуваат. Даден е детален морфолошки приказ на органите групирани според топографската поделба на стомачната празнина. Изнесена е васкуларизацијата, инервацијата и лимфната дренажа на секој орган. На крајот на петтата глава дадена е топографска поделба на стомачниот ѕид и на стомачната празнина.

Во шестата глава, на 35 страници, изнесена е анатомијата на карлицата. Прикажани се анатомските карактеристики на елементите кои влегуваат во состав на ѕидовите на карлицата (зглобови, мускули, фасции, крвни садови и нерви), како и градбата и васкуларизацијата на органите содржани во карличната празнина (мочоводни органи, машки и женски полови органи и завршниот дел од дигестивниот систем). На крајот од главата прикажана е топографската анатомија на карлицата.

На крајот од учебникот е понуден индекс на зборови.

Стилот на кој е напишан учебникот е јасен, едноставен, илустративен и применлив за студентите. Јазикот е воедначен, јасен, концизен и терминолошки конкретен.

Текстот е добро компониран, систематизиран и презентиран на многу јасен и разбирлив начин. Обемот на учебникот е оптимален и усогласен со наставните содржини од областа анатомијата во склоп на предметот анатомија, во согласност со наставната програма на високите стручни школи и Стоматолошкиот факултет.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесеното во извештајот, членовите на Комисијата сметаат дека предложениот текст по својата тематска организација и обем одговара на материјата од областа на анатомијата, која студентите од високите стручни школи и Стоматолошкиот факултет ја изучуваат во склоп на предметот анатомија, бидејќи соодветствува со прифатениот наставен план на предметот. Напишан е со јасен, едноставен и разбирлив јазик, а при тоа е употребена соодветна стручна терминологија. Учебникот е изработен така што може да служи како извонредна база за стекнување на знаења на студентите, како во теоретскиот дел, така и во практичната примена на познавањето на анатомијата. Предложениот наслов соодветствува на материјата на учебникот. Прецизноста во излагањето е извонредна. Комплексноста на морфолошката структура на

телото на човекот е изнесена во форма која секој студент може да ја прифати и научи.

Затоа, членовите на Комисијата со задоволство предлагаат овој пишан материјал да се издаде, а на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му предлагаат да го прифати како официјално учебно помагало по предметот анатомија.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.

2. Проф. д-р Весна Јаневска, с.р.

3. Проф. д-р Весела Малеска - Ивановска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## на ракописот „ОСНОВИ НА ПРЕХРАНБЕНОТО ПРОЦЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО - ПРОЦЕСИ НА КОНЗЕРВИРАЊЕ НА ХРАНАТА"

од проф. д-р СЛОБОДАНКА КУЗМАНОВА

Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на својата XXXVII седница од 29.4.2010 година, нè именува за членови на Комисијата за рецензија на ракописот „Основи на прехранбеното процесно инженерство – процеси на конзервирање на храната" од д-р Слободанка Кузманова, ред.проф. По разгледувањето на ракописот го доставуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ракописот **„Основи на прехранбеното процесно инженерство – процеси на конзервирање на храната"** е наменет пред сè за студентите на студиската програма прехранбена технологија и биотехнологија на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје кои наставната дисциплина со истиот наслов: процеси на конзервирање на храната, ја слушаат во VII семестар со неделен фонд на часови 3+3.

Ракописот содржи вкупно 319 страници текст, Б5 - формат. Текстот содржи голем број илустрации (табели, дијаграми, слики, технолошки шеми) чие нумерирање е посебно (независно) за секоја глава. Материјалот е поделен во осум глави, во кои се обработени трите најзначајни начини кои денес се користат во конзервирањето на храната, и тоа: конзервирање на храната со топлина, конзервирање со отстранување на водата и конзервирање на храната со одведување на топлина.

Во првата, уводна глава со наслов: „Одлики на храната пред и по конзервирање" (стр.7-45) се објаснети промените во сензорските својства на храната (конзистенција, вкус, арома, боја), како и промените во нутритивните карактеристики на храната кои настануваат во текот на процесите на конзервирање.

Во главата 2, насловена како „Термичка стерилизација на храната пакувана во конзерви" (стр.45-102) обработени се микробиолошките, термичките и инженерските аспекти на конзервирање на храната со примена на топлина. Изнесени се податоци за микроорганизмите кои ја расипуваат храната и нивните својства, подробно е обработена кинетиката на уништување на бактериските спори, објаснети се и разработени критериумите за постигнување на стерилност. Посебно внимание е посветено на инженерските аспекти на стерилизацијата, пред сè преносот на топлина низ храната пакувана во конзерви, како и методите за определување на параметрите на топлинскиот третман. Исто така се

опишани најважните типови комерцијални системи за стерилизација во индустриски услови. На крајот од главата е обработено влијанието на термичкиот третман врз промената на сензорските и нутритивните карактеристики на храната.

Главата 3 (стр.103-136) го обработува асептичкото конзервирање на храната, една од најсовремените и најчесто применуваните методи за термичко конзервирање на храната денес. Обработени се основните инженерски принципи на термичката стерилизација, микробилогијата на асептичките процеси, како и критериумите за постигнување стерилност. Исто така се објаснети промените во храната предизвикани кај овој тип термички третман. На крајот од главата се изнесени податоци за современите материјали за пакување на асептички конзервираната храна.

Во главата 4 (стр.137-151) се обработени алтернативните начини на термичкото конзервирање на храната и тоа: печење, пржење и бланширање. Како при обработката на претходните термички методи и овде е применет истиот пристап на обработка, односно најпрво се дадени специфичностите на преносот на топлина низ храната, опишани се уредите за термички третман и на крајот се обработени промените што се случуваат во храната при нејзино печење, пржење, односно бланширање.

Глава 5 (стр.153-229) е посветена на процесите на дехидрирање (сушење) на храната, еден од најстарите и често употребувани постапки за конзервирање на храната. Најнапред се изнесени инженерските основи на сушењето на храната: видови влага во храната, сорпциони својства на храната, механизми на пренос на влагата, брзината на сушење, како и својства на агенсите за сушење. Опишани се промените кои настануваат во храната (промени во ткивото, сензорски и нутритивни промени) за време на сушењето. Во продолжение е даден опширен преглед на постапките, методите и опремата за индустриско сушење на храната.

Во глава 6 (стр.231-258) е обработено конзервирањето на храната со ладење. Ладењето на храната на температури над точката на смрзнување и нејзиното чување на тие температури е често употребувана постапка за конзервирање на храната во индустријата и во секојдневниот живот. Во текстот е објаснето однесувањето на храната при ладењето, како и промените што се случуваат за време на чување на храната на ниски температури. Подробно се обработени системите и уредите за ладење на храната. На крајот од главата се изнесени податоци за условите и постапките за чување на ниски температури на различни видови храна во индустриски услови.

Конзервирањето на храната со смрзнување е разработено во главата 7 (стр.259-289). На почетокот се дадени основни податоци за однесувањето на водата при смрзнување, како и влијанието на смрзнувањето врз микроорганизмите присутни во храната. Посебно е обработена термодинамиката на смрзнувањето како и својствата на смрзнатата храна (густина, топлинска спроводливост, специфична топлина, енталпија и топлинска дифузивност). Подробно се обработени и објаснети различните системи за смрзнување на храната кои се користат во индустријата. На крајот се објаснети промените во храната при нејзиното чување во смрзната состојба.

Последната, осма глава од ракописот (стр. 291-304) е посветена на една современа техника на конзервирање на храната, а тоа е сушење на храната во смрзната состојба, позната како сублимационо сушење или лиофилизација. Најнапред се објаснети основите на сублимационото сушење (карактеристиките на процесот и својствата на добиениот производ, како и на преносот на топлина и маса). Посебно е разработена кинетиката на сублимационото сушење, односно преносот на маса и топлина низ материјалот подложен на сушење. На крајот се опишани системите за сушење на смрзнатата храна: дисконтинуирани и континуирани сушници.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот **„Основи на прехранбеното процесно инженерство – процеси на конзервирање на храната"** од д-р Слободанка Кузманова, ред.проф., е подготвен во согласност со предметната програма на наставната дисциплина *процеси на конзервирање на храната* што се негува на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

Во ракописот се изнесени најнови литературни податоци и научни сознанија од областа на конзервирањето на храната. Материјалот во одделните глави е обработен на прегледен и систематски начин со соодветни примери и споредби кои придонесуваат за негово полесно следење и совладување од страна на студентите. Стилот и јазикот на кој е пишуван материјалот е коректен. Стручната терминологијата е исто така коректна со користење на изрази и термини во духот на македонскиот јазик. Ракописот е илустриран со голем број слики, шеми и графици кои придонесуваат за полесно следење и разбирање на текстот. Исто така, ракописот е комплетиран со современа литература и регистар на поими кои ќе придонесат за поефикасно користење од страна на читателите.

Ракописот е пред сè наменет за студентите на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, но него можат да го користат поширок круг читатели, студенти од сродни факултети како и инженерски кадри кои работат во областа на прехранбената индустрија.

Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ракописот „Основи на прехранбеното инженерство – инженерски својства на храната" од д-р Слободанка Кузманова, ред.проф. да го прифати како основен универзитетски учебник и да го одобри неговото печатење.

Рецензентска комисија

1. Д-р Ацо Димитровска, ред.проф. с.р.

2. Д-р Елеонора Винкелхаузен, ред.проф. с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА НА МАКСИЛОФАЦИЈАЛНАТА ХИРУРГИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08, 103/08 и 26/09) и член 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот ‚Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 7 редовна седница одржана на 24. 3. 2010 година, а по предлог на Кадровскиот одбор, донесе решение за формирање Рецензентска комисија по конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на максилофацијалната хирургија на Катедрата за максилофацијална хирургија во состав: проф. д-р Славе Наумовски, проф. д-р Владимир Поповски, проф. д-р Александар Грчев, проф. д-р Алберто Бенедети и проф. д-р Снежана Ињовск.

На конкурсот за избор во наставно-научни и соработнички звања, распишан врз основа на член 131 од Законот за високото образование и член 48 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје, а во врска со одлуката на деканот бр. 04-1120 од 01. 12. 2009 година на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во дневниот весник ‚Вечере, на 17. 12. 2009 година, се јави доц. д-р Даница Поповиќ Моневска од Катедрата за максилофацијална хирургија. По разгледувањето на приложената документација, Комисијата го донесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**1. д-р Даница Поповиќ Моневска**, вработена на Клиниката за максилофацијална хирургија во Скопје, е родена во Скопје, на 18. 7.1963 година.

***Универзишешско образование:***

- **доктор стоматолог:** Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје, во учебната 1986/87 година, со среден успех 9,63;
- **магистер на стоматолошки науки од областа на максилофацијалната хирургија** Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје, со магистерскиот труд под наслов Корелација помеѓу клиничкиот, рендгенолошкиот и патохистолошкиот наод кај синузитис максиларис, како резултат на постоење на ОАК ", 1996 година;
- **доктор на стоматолошки науки од областа на максилофацијалната хирургија:** Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје, докторската дисертација под наслов " Евалуација на методите за рана дијагностика на вратните метастази и улогата на елективната дисекција кај пациентите со орален планоцелуларен карцином", 2004 година.

***Рабошно искусшво:***

Првото вработување го остварила во 1989 година во Здравствен дом Скопје, додека во 1991 година се вработила на Клиниката за максилофацијална хирургија. Во 1995 година се здобила со звањето *сџецијалисш џо максилофацијална хирурѓија.*

Во звањето **помлад асистент** на Катедрата за максилофацијална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје била избрана во 1992 година, а во 1996 била избрана за **асистент** на истата Катедра. Во 2000 година била преизбрана во звањето **асистент** на Катедрата за максилофацијална

хирургија, а во 2005, во звањето **научен соработник**, додека во 2006 година била избрана во звањето **доцент** по предметот анестезија и реанимација на Катедрата за максилофацијална хирургија.

**СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ**

На Катедрата за максилофацијална хирургија, на која била избрана за асистент, а подоцна во звањето научен соработник и доцент, своите стручни и научни усовршувања и истражувања ги насочила кон проблематиката од областа на оралниот карцином, раната дијагностика, стејџингот на пациентите и примената на терапискиот протокол кај пациентите со орален карцином.

Соработник-истражувач била во **научноистражувачкиот проект**: Оформување на постопертивен дијагностички протокол за туморитена плунковните жлезди преку хистопатолошки и радиолошки критериуми. Научноистражувачки проект одобрен од Министерството за образование и наука во периодот 2001-2004 година.

Носител на проектот; проф. Владимир Поповски, соработник- истражувач: доц д-р, Даница Поповиќ- Моневска

***Студиски престој:***

Во 1996 година била на тримесечно стручно усовршување во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија во Љубљана, Словенија, кај проф. д-р Жајдела, тогашен директор на истоимената Клиника.

Во текот на следната 1997 година била на двомесечен стручен престој на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија во Гент, Белгија, кај prof. dr Schautet.

Во 2003 година присуствувала на Едукативниот семинар за орален канцер и вратни метастази кој беше организиран во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија во Загреб, од проф. д-р. Вираг.

***Авторство во учебници и учебни помагала;***

Васков И, Наумовски С., Поповски В. Бенедети А., Грчев А., **Поповиќ Моневска Д.**, Стефков А., Кирков А., Панчевски Г.

**Рендгенолошки атлас на болестите во максилофацијалната регија , Скопје, НИП Студентски збор, 1997**

Васков И.,

Соработници; **Поповиќ Моневска Д.**, Поповски Владимир

**Дентогени Синузити**

**Македонска академија на науките и уметностите , Скопје, 2006**

Васков И.,

Соработници; **Поповиќ Моневска Д.**, Поповски Владимир

**Аномалии во максилофацијалната регија**

**Македонска академија на науките и уметностите , Скопје, 2007**

Васков И.

Соработници; **Поповиќ Моневска Д**, Кроневски Петар, Бурназовски Т.

**Воспалителни процеси во максилофацијалната регија**

**Македонската академија на науките и ѕметностите. Скопје, 2008**

Резултатите поврзани со наставната и научноистражувачката дејност, како и другите нејзини активности до изборот за доцент, објавени се во билтените на Универзитетот и тоа во: билтен бр 632 при изборот за асистент, билтенот 827 за реизбор за асистент, билтенот 880 при избор за научен соработник билтенот 908 при изборот за доцент.

## АКТИВНОСТИ ВО ПЕРИОДОТ ПО ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕТО ДОЦЕНТ

*Наставно-образовна дејност*

На Катедрата за максилофацијална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје, вклучена е во секојдневната теоретска и практична настава со студентите, постдипломците и специјализантите, како и во клиничката практика и постојаните консултации.

По изборот за доцент, самостојно ја изведувала наставата по предметот анестезија и реанимација. Учествува во наставата по предметот ургентни состојби и максилофацијална хирургија за студентитит на Стоматолошкиот факултет, како и за студентите на Високата школа за стручни стоматолошки сестри.

Била член на комисија за одбрана на магистерски труд. Била ментор на специјалистички работи на специјализанти по орална и максилофацијална хирургија, како и член на комисија за полагање на специјалистички испит по орална и максилофацијална хирургија (3) .

Активно партиципирала во изготвувањето на наставната програма на додипломски и постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на наставната програма за Високата школа за стручни стоматолошки сестри.

***Научноистражувачка дејност:***

Активен учесник била на повеќе семинари и конгреси во земјата и странство со постер и усни презентации на сопствени теми. Нејзиниот публицистички опус опфаќа вкупно 50 статии. За тековниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања ги приложува следниве трудови објавени во целост:

33. **Бенедети А.**, Наумовски С., **Поповиќ-Моневска Д.** Божовиќ С. Илиев А., Серафимовски П
**Comparative study of clinical response to diferent antibiotic thretment in two groups of patientes with infection in maxillofacial area**
I Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery. Ohrid 2006
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 913,

34. Кирков А, Наумовски С, **Поповиќ-Моневска Д**,Божовиќ С
**Analysis of tumor markers in patients with oral cancer**
I Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery. Ohrid 2006
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 913,

35. Божовиќ С, **Поповиќ-Моневска Д**, ПоповскиВ, Бенедети А
**Diagnostic and therapeutic evaluation of the subamdnibular sialolithiasis**
I Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery. Ohrid 2006
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 913,

36. Илиев А, **Поповиќ-Моневска Д**, ПоповскиВ, Наумовски С, Пначевски Г
**An unusual presentation of malignant lymphoma –a case report**
I Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery. Ohrid 2006
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 913,

37. Tasevski LJ.,Naumovski S.,Popovski V., Benedetti A., Gr~ev A.,**Popovi} Monevska D.**
**Cingestive cardiomyophaty and anaesthesia in maxillofacial sutgery**
I Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery. Ohrid 2006
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 913,

38. Naumovski S, Vasilevski B, Benedeti A, **Popovi}-Monevska D**,
Кирков А
**Surgical tretament for functional and aestetical correction of the lower jaw**
XI Konges maksilofacijalnih hirurga Srbije i Crne Gore
Нови Сад, 4-6 Ноември,2006
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 937,

39. Naumovski S, **Popovi}-Monevska D**, Kirkov A, Bo`ovi} S, Ismani A

**A large parapharingeal tumor-surgical approach**
I Macedonian Congress on Maxilofaacial and neck surgery Ohrid, 2006
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 913,
40. **Popovi}-Monevska D**, Naumovski S.Gr~ev A, Bop'ovi} S.,Iliev A
**Орален планоцелуларен карцином - дијагностика и терапија**
Македонски стоматолошки прегелед 1, 2006
Трудот е рецензиран во билтен бр. 908,
41. **D.Popovich Monevska**, S.Naumovski, V.Popovski, S.Bozovich, A.Iliev
**Predicting oral cancer behavior by multiple histopathologic parametars**
Journal of Cranio-maxillofacial Surgery, Volumen 34, Supl.1, Sep.2006, pages 75-78,
Трудот е рецензира во Вилтен бр. 937
42. **Поповиќ-Моневска Д.**,Поповски В, Грчев А, Божовиќ С, Илиев А
**Biphasic synovial sarcoma of the neck; case report**
XI Конгрес максилофацијалних хирурга Србије И Црне Горе
Нови Сад, 4-6 Ноември, 2006 год.
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 937
43. **Поповиќ-Моневска Д**
**Алергиски реакции на локални анестетици**
Стоматолошка ревија, 2007
Трудот е рецензиран во соодветното списание
44. V.Popovski., A.Grcev, **D.Popovich-Monevska**
**Contemporary Diagnostic Work-up for Sjogren"s Syndorome and management of Salivary Gland Complications**
17 kongres na lekarote na Republika Makedonija,
Makedonski Medicinski Pregled 61;(supl.68), page 134-37, 2007
Трудот е рецензиран во соодветното списание
45. С.Двојаковска, **Д.Поповиќ-Моневска**, А.Бенедетти
**Ultrasonography in diagnosis of submandibular sialolithiasis**
XII Конгрес максилофацијалнох хируга Србије са меѓународним учешчем
Белград, октомври 2008 год.
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 913,
46. **Popovi} Monevska D.**,PopovskiV.,Gr~ev A., Bo'ovi} S.
**Synovial Sarcoma of the head and neck**
XII Конгрес максилофацијалнох хируга Србије са меѓународним учешчем
Белград, октомври 2008 год.
Синовијалниот карцином е многу редок меземнхимен тумор, најчесто локализиран на долните екстремитети , асамо 3 - 5 % од случајите се со локализација на главата и вратот. Синовијалниот карцином на главата И вратот потекнува од паравертебралните ткива, се манифестира како солиден тумор во ретрофарингијалниот, парафарингијалниот простор непосредно до каротидната артерија. Во овој труд е презентиран пациент со 12- месечен прогресивен тумор на вратот, со болки во рамето, дисфагија, диспенеа и др симптоми. На направените РТГ снимки, МРИ на главата и вратот се детектира тумор со енормни димензии кој го исполнува целиот парафарингијален простор и се спушта преку супраклавикуларната јама во тораксот. Презентирана е хируршката екстирпација на туморот, како и патохистолошката варијација на туморот со имунохистохемиски анализи.
47. **D.Popovich-Monevska,**S.Naumovski, V.Popovski, A.Benedeti,S.Bozovich, A.Iliev
**Loco regional recurrence of OSSC**
Journal of Cranio-Maxillofacial Surgery, Vol.36 Supplement 1,Sep.2008 Page 123

Целта на трудот кој беше усно презентиран на XX конгрес на Европската асоцијација за краниомаксилофацијална хирургија во Болоња беше да се утврди времето и локализацијата на рецидивите на оралниот планоцелуларен карцином, како и факторите кои влијаат на појава на локорегионалните рецидиви. Од вкупно 75 пациенти, 57 имале рецидиви. 27 (36%) регионални рецидиви а 30 пациенти (40%) локални рецидиви. Најчесто рецидивите се јавуваат во периодот до 16 месеци од примарниот хируршки третман. Локорегионалните рецидиви се најчести кај пациенти кои примарно се третирани во 3 и 4 стадиум на болеста. Локорегионалните рецидиви сигнификантно го смалуваат времето на преживување. Затоа се препорачува кај пациенти во 3 и 4 стадиум на болеста, пациенти кај кои најчесто и се јавуваат рецидиви, да бидат третирани со адјувантна радио и хемотерапија.

48. Naumovski S, **Popovic –Monevska D**, Dimovska R,Ismani
**Surgically assisted facemask therapy in cleft patients**
XIX European Congress for Cranio-Maxillo-Facial Surgery
Bologna, Italy 2008
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 937,

49. **Д.Поповиќ Моневска**, С. Наумовски, В.Поповски, А.Бенедетти , А. Грчев, Г.Панчевски, А.Кирков, С.Божовиќ, А.Исмани, А.Илиев
**Ретроспективна анализа на Клиниката за максилофацијална хирургија**
Македонски стоматолошки преглед, 2009
Трудот е рецензиран во соодветното списание.

50.
**Д.Поповиќ Моневска**, А.Кирков
**Актуелни дијагностички процедури во третманот на оралниот карцином**
Македонски стоматолошки преглед, 2009
Трудот е рецензиран во соодветното списание.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација но и личните сознанија за д-р Даница Поповиќ Моневска, д-р.сци. како асистент и доцент, нејзиниот напредок во професијата и науката и нејзините заложби и способности за пренесување на теоретските и практични сознанија на студентите и помладите колеги , преку предавања и практичните вежби, Комисијата, земајќи ја предвид целокупната дејност на кандидатката како максилофацијален хирург, наставник и научен работник, има чест и големо задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје да ја избере во звањето вонреден професор по предметот максилофацијална хирургија.

Рецензентска комисија,
1.Проф. д-р Славе Наумовски с.р.
2.Проф. д-р Владимир Поповски с.р.
3.Проф. д-р Александар Грчев с.р.
4.Проф. д-р Алберто Бенедети с.р.
5.Проф. д-р Снежана Ивовска с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Даница, Александар, Поповиќ Моневска
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Стоматолошки факултет - Скопје
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** шаксилофацијална хирургија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Настава I циклус студии: анестезија и реанимација | 5.4 |
| 2. | Настава I циклус студии: ургентни состојби (1+1) | 5.4 |
| 3. | Настава I циклус студии: орална и максилофацијална хирургија 2, (2+2) | 1.2 |
| 4. | Настава I циклус студии: орална и максилофацијална хирургија 3, (2+2) | 1,2 |
| 5. | Настава I циклус студии: орална и максилофацијална хирургија 4 , (3+2) | 1,2 |
| 6. | Вежби I циклус студии: анестезија и реанимација(1+1) | 10.8 |
| 7. | Вежби I циклус студии: ургентни состојби(1+1) | 5.4 |
| 8. | | |
| 9. | Настава I циклус виши стомат. сестри, ургентни состојби 1+2 | 5.4 |
| 10. | Настава во летни школи и работилници-учесник (1) | 1 |
| 11. | Вежби 1 циклус виши стомат. сестри , ургентни состојби | 10.8 |
| 12. | Консултации со студенти | 1,44 |
| 13. | Ментор на дипломска работа | |
| 14. | Ментор на специјалистичка работа 4*1 | 4,0 |
| 15. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат | |
| 16. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура | 0.6 |
| 17. | Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа | 0,6 |
| 18. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа | |
| 19. | Член на комисија за избор на насловен доцент | |
| 20. | Изготвување на пакет материјали за совладување на одреден предмет: Анестезија и реанимација (стручни стоматолошки сестри), Ургентни состојби (стручни стоматолошки сестри). | 2 |
| 21. | Научно-популарна статија во стручно-методско списание | 1 |
| | Вкупно | 57.44 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета докторска теза | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Одбранета магистерска работа | 4 |
| 3. | Учесник во национален научен проект | 3 |
| 4. | ***Печатен труд објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:*** **D.Popovich Monevska**, S.Naumovski, V.Popovski, S.Bozovich, A.Iliev **Predicting oral cancer behavior by multiple histopathologic parametars** Journal of Cranio-maxillofacial Surgery, Volumen 34, Supl.1, Sep.2006, pages 75-78. | 3,6 |
| 5. | ***Коавтор во книгата со научно-стручни*** референци: ***Современи достреели во стоматологијата*** 2009 Накова Марија со темите ; **Д.Поповиќ Моневска**, А.Кирков **Актуелни дијагностички процедури во третманот на оралниот карцином** **Д.Поповиќ Моневска**, С. Наумовски, В.Поповски, А.Бенедетти , А. Грчев, Г.Панчевски, А.Кирков, С.Божовиќ, А.Исмаии, А.Илиев **Ретроспективна анализа на Клиниката за максилофацијална хирургија** | 3.6<br>3.2 |
| | | |
| 6. | ***Печатен труд*** V.Popovski., A.Grcev, **D.Popovich-Monevska** **Contemporary Diagnostic Work-up for Sjogren"s Syndorome and management of Salivary Gland Complications** 17 Конгрес на лекарите на Република Македонија, Македонски Медицински Преглед 61;(супл.68), 134-37, 2007) | 3.2 |
| 7. | ***Печатен труд:* Поповиќ-Моневска Д** **Алергиски реакции на локални анестетици** Стоматолошка ревија, 2007 | 4 |
| 8. | ***Печатен труд:* Поповиќ-Моневска** Д, Наумовски С.Грчев А, Бопжовиќ С.,Илиев А **Орален планоцелуларен карцином - дијагностика и терапија** Македонски стоматолошки преглед 1, 2006 | 2.4 |
| 9. | ***Коавтор во книгата со научно стручни референци;*** Дентогени Синузити , Илија Васков Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 2006 со поглавие; Д.Поповиќ Моневска Дентогени синузити кај постекстракционите ороантрални комуникации стр. 45-89 | 4 |
| 10. | ***Коавтор во книгата со научно стручни референци*** Аномалии во максилофацијалната регија, Илија Васков Македонска Академија на науките и уметностите, Скопје 2007 Д.Поповиќ Моневска Заболувања на увото кај деца со расцепи на непцето стр 133-139 | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Современи аспекти во третманот на расцепите на горната усна и непцето, 139-151 | |
| 11. | ***Коавтор во книгата со научно стручни референци***<br>Воспалителни процеси во максилофацијалната регија, Илија Васков Македонската Ададемија на Науките и Уметностите. Скопје 2008 Д.Поповиќ Моневска Остеомиелитис на максила 263-170 | 4 |
| 12. | ***Труд во зборник на научен/стручен собир:***<br>Бенедети А., Наумовски С., **Поповиќ-Моневска Д.** Божовиќ С. Илиев А, Серафимовски П<br>Comparative study of clinical response to diferent antibiotic thretment in two groups of patientes with infection in maxillofacial area<br>I Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery. Ohrid 2006 Зборник на апстракти. | 1,2 |
| 13. | ***Труд во зборник на научен/стручен собир:***<br>Кирков А, Наумовски С, **Поповиќ-Моневска** Д,Божовиќ С<br>Analysis of tumor markers in patients with oral cancer<br>I Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery. Ohrid 2006 Зборник на апстракти. | 1,2 |
| 14. | ***Труд во зборник на научен/стручен собир:***<br>Божовиќ С, **Поповиќ-Моневска** Д, ПоповскиВ, Бенедети А<br>Diagnostic and therapeutic evaluation of the subamdnibular sialolithiasis<br>I Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery. Ohrid 2006 Зборник на трудови. | 1,2 |
| 15. | ***Труд во зборник на научен/стручен собир:***<br>Наумовски С, Василевски Б, Бенедети А, **Поповиќ-Моневска Д,** Кирков А<br>Surgical tretament for functional and aestetical correction of the lower jaw<br>XI Konges maksilofacijalnih hirurga Srbije i Crne Gore<br>Нови Сад, 4-6 ноември,2006<br>(Зборник на апстракти). | 1,2 |
| 16 | ***Труд во зборник на научен/стручен собир:***<br>Наумовски С, **Поповиќ-Моневска** Д, Кирков А, Божовиќ С, Исмани А<br>**A large parapharingeal tumor-surgical approach**<br>I Macedonian Congress on Maxilofaacial and neck surgery Ohrid, 2006 zbornik na apstrakti | 1,2 |
| 17 | ***Труд во зборник на научен/стручен собир:***<br>**Поповиќ Моневска Д.,**ПоповскиВ.,Грчев А., Божовиќ С.<br>**Synovial Sarcoma of the head and neck**<br>XII Конгрес максилофацијалнох хирура Србије са међународним учешчем<br>Белград, октомври 2008 год., Зборник на апстракти. | 1,2 |
| 18 | ***Труд во зборник на научен/стручен собир:***<br>**D.Popovich-Monevska**,S.Naumovski, V.Popovski. | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | A.Benedeti,S.Bozovich, A.Iliev<br>**Loco regional recurrence of OSSC**<br>Journal of Cranio-Maxillofacial Surgery, Vol.36 Supplement 1,Sep.2008 Page 123 ,zbornik abstrakti<br>XIX Congress of the EACMS- Bologna, Italy 2008 | |
| 19 | ***Труд во зборник на научен/стручен собир:***<br>Naumovski S, **Popovic –Monevska D**, Dimovska R,Ismani<br>**Surgically assisted facemask therapy in cleft patients**<br>XIX European Congress for Cranio-Maxillo-Facial Surgery Bologna, Italy 2008, Зборник трудови. | 1.2 |
| 20. | ***Учество на научен/стручен собир со меѓународно учество, реферат*** Skopje EACMFS educational center third course-Tumors of the oral and maxillofacial region-<br>Referat; Head and neck cancer , D.Popovich Monevska 2008. | 2 |
| 21 | ***Учество на научен/стручен собир со меѓународно учество,со реферат***<br>Стоматолошки факултет-Континуирано образование<br>Семинар:Алергии во стоматологијата<br>Предавање: Системски алергиски реакции на медикаменти во стоматолошката практика, Д.Поповиќ Моневска, 2008 | 2 |
| 22. | ***Учество на научен/стручен собир со меѓународно учество, реферат:***<br>Стоматолошко здружение на Македонија, Едукативен семинар на тема Ургентни состојби во стоматологијата<br>Предавање: Акутен максилрен синузит-компликации, Д.Поповиќ Моневска, 2009. | 2 |
| 23. | ***Секциско предавање на научен/стручен собир:***<br>Здружение на специјалистите по орална хирургија, стручен состанок<br>Тема: Синус максиларис - клиника и терапија, Д.Поповиќ Моневска, 2008. | 1 |
| Вкупно | | 63,6 |
| | | |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| | | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Еразмус - координатор за Стоматолошкиот факултет | 1 |
| 2. | Член на едукативниот одбор на Здружението на максилофацијални хирурзи на Македонија | 2 |
| 3. | Раководител на внатрешна организациона единица | 3 |
| 4. | Член на универзитетска комисија | |
| 5. | Член на факултетска комисија | 1 |
| 6. | Учество во комисии и тела на државни и други органи | 1 |
| 7. | Член на Наставен одбор на факултетот | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | Член на Одбор за постдипломски студии на Факултетот | |
| 9 | Секретар на Здружението на максилофацијалните хирурзи на Македонија | 4 |
| 10. | Пофалница за учеството во работата и развојот на Стоматолошкиот факултет - 50 години јубилеј, | 0.5 |
| 11. | Член на Европската асоцијација на кранио - максилофацијал ите хирурзи (EACMFS) | 2 |
| 12. | Студиски престој во странство | 1.5 |
| 13. | | |
| | **Вкупно** | 16,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 57,44 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 63,6 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 16,5 |
| **Вкупно** | 137,54 |

Рецензентска комисија,

1.Проф. д-р Славе Наумовски с.р.

2.Проф. д-р Владимир Поповски с.р.

3.Проф. д-р Александар Грчев с.р.

4.Проф. д-р Алберто Бенедети с.р.

5.Проф. д-р Снежана Ињовска с.р.

**ПРЕГЛЕД**

на одобрени теми за изработка на магистерски труд на **Економскиот факултет-Скопје** во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Наташа Љушева | "Регулација на природните монополи во функција на одржување на конкуренцијата и претприемничкиот амбиент-случајот на телекомуникацискиот пазар" | акад.проф.д-р Таки Фити |
| Мајлинда Исмаили | "Мотивацијата и ефикасноста на извршувањето на работата" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Елена Николова | "Градење на стратегија на претпријатијата во текстилната индустрија на Р. Македонија" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Мирјана Миова | "Францускиот модел на современото корпоративно управување-предизвик за македонските акционерски друштва" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Игор Поповски | "Менаџмент на бизнис процеси во ВЕБ-базирано образование" | проф.д-р Сашо Јосимовски |
| Илија Андовски | "Управување со ликвидносниот ризик во комерцијалните банки со посебен осврт на банкарскиот сектор на Р. Македонија" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Наташа Брова | "Превземање на банки во Република Македонија" | проф. д-р Михаил Петковски |
| Марија Трајковска | "Креативни аспекти на надворешната пропаганда (outdoor advertising) во Република Македонија" | проф. д-рНада Секуловска |
| Иван Маленков | "Продажбата и управувањето со продажбата во банкарското работење" | проф.д-р Митре Стојановски |

| | | |
|---|---|---|
| Сашо Ефремов | “Влијание на мотивацијата врз однесувањето на потрошувачите при купувањето на безалкохолни пијалоци “ | поф. д-р Сежана Р. Јовановска |
| Илина Алексовска | “Директен маркетинг на лекови насочени кон потрошувачите“ | поф. д-р Снежана Р. Јовановска |
| Николина Кузманова | “Пазарот на труд и невработеноста во земјите на Југоисточна Европа и во македонската економија (компаративна анализа)“ | акад. проф. д-р Гоце Петрески |
| Анастазија Јовановска | “Заедничката трговска политика на Европската унија и нејзиното влијание врз надворешно-трговската политика на Република Македонија“ | проф. д-р Билјана С. Габер |
| Билјана Трајковска | “Соединувања и припојувања-важноста и влијанието на корпоративната култура“ | проф. д-р Љубомир Дракулевски |
| Александар Стаменковиќ | “Унапредување на извршувањето со менаџментот по пат на цели“ | проф. д-р Бобек Шуклев |

**ПРЕГЛЕД**

**на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за национална историја**

| КАНДИДАТ | ТЕМА | КОМИСИЈА |
|---|---|---|
| Драган Ѓалевски | *Византискиот воен систем(средина на VI век средина на IX век* | проф. д-р Митко Б. Панов, проф. д-р Милан Бошкоски, доц. д-р Тони Филипоски |
| Ристо Палигора | *Иконите од црквата Св. Петка во Маловиште, битолско-историско уметнички аспект* | проф. д-р Никола Митревски, проф. д-р Драги Ѓоргиев, проф. д-р Милан Бошкоски |
| Викторија Грозданова-Коцевски | *Живописот на црквата Успение на Богородица-Каменско и црковно-историските прилики во Охрид во XIX век* | проф. д-р Никола Митревски, проф. д-р Драги Ѓоргиев, проф. д-р Милан Бошкоски |
| Фуат Шериф | *Дервишките редови во Република Македонија* | проф. д-р Никола Митревски, проф. д-р Драги Ѓоргиев, проф. д-р Музафер Бислими. |

**ПРЕГЛЕД**

на одобрени тема за изработка на докторски дисертации на Институтот за национална историја-Скопје

| КАНДИДАТ | ТЕМА | КОМИСИЈА |
|---|---|---|
| м-р Габрила Топузовска | Здравствената заштита во Македонија 1945-1991 година | доц. д-р Силвана Сидоровска-Чуповска, проф. д-р Марјан Димитријевски, проф. д-р Нада Јурукова |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**ПРЕГЛЕД**

**на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за национална историја**

| КАНДИДАТ | ТЕМА | КОМИСИЈА |
|---|---|---|
| Драган Ѓалевски | *Византискиот воен систем(средина на VI век средина на IX век* | проф. д-р Митко Б. Панов, проф. д-р Милан Бошкоски, доц. д-р Тони Филипоски |
| Ристо Палигора | *Иконите од црквата Св. Петка во Маловишта, битолско-историско уметнички аспект* | проф. д-р Никола Митревски, проф. д-р Драги Ѓоргиев, проф. д-р Милан Бошкоски |
| Викторија Грозданова-Коцевски | *Живописот на црквата Успение на Богородица-Каменско и црковно-историските прилики во Охрид во XIX век* | проф. д-р Никола Митревски, проф. д-р Драги Ѓоргиев, проф. д-р Милан Бошкоски |
| Фуат Шериф | *Дервишките редови во Република Македонија* | проф. д-р Никола Митревски, проф. д-р Драги Ѓоргиев, проф. д-р Музафер Бислими. |

# П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје**

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| **м-р Стојанчо Митовски** | **Улогата на културните вредности на менаџерите и вработените во Република Македонија врз прифаќањето на новите технологии** | ***Проф.д-р Антоанела Петковска Проф.д-р Јорде Јакимовски Проф.д-р Васил Поповски*** |

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд** на

## ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје

| Ред. Бр. | Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Валентино Скендеровски | Улогата на интернет културата врз создавањето на современото општество<br><br>The role of the Internet culture on the creation of a modern society | Проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева |
| 2. | Наташа Пешевска | Култот на Св. Димитрија Солунски во духовната и културната традиција на Балканот<br><br>The Cult of Saint Demetrius of Thessaloniki in the spiritual and cultural tradition of the Balkans | Проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ |
| 3. | Лутеција Боцева | Обичаите и верувањата во с. Раотинце, Тетовско во XX и XXI век<br><br>The Rituals and the Beliefs in the village Raotince, Tetovo in XX and XXI century | Проф. д-р Марко Китевски |
| 4. | Васил Ѓоргиев | Културно – историските појави и процеси во Струмица и Струмичко (XI и XII век)<br><br>The Cultural – historical appearances and processes in Strumica and the region of Strumica (11 th and 12 th century) | Проф. д-р Илија Велев |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Христо Петрески | Хаику поезијата – меѓу елитното и масовното<br><br>Haiku poetry – between elite and mass | Проф. д-р Александар Прокопиев |
| 6. | Зоја Бузалковска | Редефинирањето на границите на културата во практиката на Cirque Du Soleil<br><br>The Redefinition of boundaries of culture in the practice of Cirque Du Soleil | Проф. д-р Мишел Павловски |
| 7. | Лилјана Плевнеш | „Култот на Св. Јован Крстител во духовната и народната традиција во Македонија"<br><br>The Cult of St. Joan Baptist in the spiritual and folk tradition in Macedonia | Проф. д-р Марко Китевски |
| 8. | Дарин Ангеловски | „Идентитетите во транзициските процеси (врз примери од македонската и од бугарската проза)"<br><br>Identities in the processes of transition (through examples of Macedonian and Bulgarian prose) | Проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЖИВИНАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на својата седница од 21.4.2010 година, избра Рецензентска комисија во состав: д-р Кирил Филев, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Цане Пејковски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Сретен Андонов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, со задача да изврши преглед и оцена на научните и стручните трудови пристигнати по конкурсот за избор на наставник во научната област ЖИВИНАРСТВО на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Откако ја прегледа доставената документација, Комисијата, до Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна, го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на наставник за научната област живинарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, објавен во весникот „Нова македонија" на 15.4.2010 година и во весникот „Коха" на 15.4 2010 година се пријави кандидатот д-р Драгослав Коцевски, доцент по предметот живинарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

### 1. Биографски податоци

Д-р Драгослав Коцевски е роден на 5.4.1964 година во село 'Ржаничино, Скопско. Основно образование и гимназија завршил во Скопје. На Земјоделскиот факултет во Скопје, на сточарската насока се запишал во учебната 1982/83 година, а дипломирал во 1988 година. По дипломирањето се вработил во Институтот за сточарство при Земјоделскиот факултет во Скопје како помлад асистент по предметот живинарство. На постдипломски студии на групата за генетика и селекција на Биотехничкиот факултет во Љубљана, Одделение за зоотехника се запишал во 1989/90 година. Во 1990 година преминал во Институтот за сточарство каде што работел до 1997 година како асистент. Магистрирал во 1996 година. Во 1997 година се вработил на Земјоделскиот факултет во Скопје како асистент по предметот живинарство. Докторската дисертација ја одбранил во 2004 година. Во 2005 година е избран во звањето доцент по предметот живинарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Од 2010 година раководи со Институтот за анимална биотехнологија и Катедрата за сточарство на ФЗНХ. Покрај изнесеното, кандидатот располага со вештини за користење на информатичката технологија и активно се служи со англискиот јазик.

### 2. Наставно – образовна дејност

Д-р Драгослав Коцевски изведува теоретска и практична настава, како и лабораториски и теренски вежби, испити и колоквиуми со студентите од сточарската насока и насоката екоземјоделство, на четири (4) предметни содржини. Кандидатот е вклучен и во наставата на постдипломските студии на ФЗНХ. Д-р Драгослав Коцевски во периодот од 2005 до сега бил ментор на 3 дипломски работи, член на комисија за одбрана на 3 дипломски работи и член на комисија за одбрана на 1 докторат. Тој има изработено 3 интерни скрипти. Во 2006 година тој е еден од консултантите на издавачите на публикацијата "Catalogue of west balkan pramenka sheep breed types".

### 3. Научноистражувачка дејност

Д-р Драгослав Коцевски во периодот од 2005 до сега бил ментор на 1 докторат и раководител на два национални, научноистражувачки, апликативни проекти. Тој, како резултат на научноистражувачката активност, објавил 32 научни и 10 стручни труда, не вклучувајќи ги магистерската и докторската дисертација. Притоа 12 научни труда се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје бр. 679/1997 година, 5 научни труда се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св

Кирил и Методиј" во Скопје бр. 767/2000 година, а 1 научен и 3 стручни труда се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје бр. 874/2005 година. Во меѓувреме, објавил 14 научни и 7 стручни труда.

**1. Николова Недељка, Коцевски, Д. Високите температури како фактор кој влијае врз процентуалната застапеност на калциум карбонат во јајцевата лушпа, II симпозиум за сточарство, 18-21 Јуни 2003, Охрид.**

Во трудот е истражувано влијанието на топлотниот стрес врз процентуалната застапеност на $CaCO_3$ во лушпата на јајцата од ISA Brown несилки одгледувани во кафезни батерии во комерцијална фарма за производство на јајца за консумација. Високите, летни температури кои во текот на опитот во Р. Македонија достигнуваа 35-41°C предизвикуваат активирање на низа физиолошки механизми за регулирање на ацидобазната рамнотежа, резултирајќи во сигнификантно намалена просечна застапеност на $CaCO_3$ во лушпата. Утврдено е дека просечната застапеност на $CaCO_3$ одредувана по титриметрискиот метод на Крамер во зимскиот период е најголема (93,86%), во есен е нешто помала (92,01%), а во лето најмала (90,74%).

**2. Николова Недељка, Коцевски, Д. Влијание на сезоната и возраста на кокошките врз индексот на јајцата, II симпозиум за сточарство, 18-21 Јуни 2003, Охрид.**

Овие истражувања се насочени кон анализирање на интеракцијата помеѓу генетската архитектура на несилките која е резултат на селекцијата во насока на зголемено производство на јајца и условите на одгледување врз појавата на јајца со абнормален облик на лушпата. Интерактивното дејство на возраста и сезоната придонесуваат кон нагласување на влијанијата на околината врз обликот на јајцата. Во овие истражувања е утврдено дека просечната вредност за индекс на јајцата во зимската сезона изнесувала 75,85, во есенската 74,83 и во летната 74,88, што покажува дека ISA Brown генотипот на несилки реагира со статистички значајно намалување на индексот на јајцата при зголемување на температурата.

**3. Поповски З., Порчу К., Џабирски В., Димитриевска Благица, Андонов С., Коцевски Д., Вуковиќ В. Примена на ДНК-микросателитите во карактеризација на биодиверзитетот кај животните. Зборник на трудови од II конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество, 25-29 Октомври 2003, Охрид, 398-403.**

Во трудот се анализирани можностите за карактеризација на геномот на различните раси со употреба на ДНК-микросателити, како прв чекор во конзервирањето на биолошката разновидност. Заклучено е дека ДНК-микросателитите, или уште попознати како едноставни повторувачки секвенци (SSR), претставуваат идеален маркер при генетското мапирање и популациските студии заради високата полиморфност и нивната зачестеност во геномот. Искористувањето на информациите, кои ги даваат ваквите високо репетитивни и полиморфни секвенци, се можни со користење на софтверски пакети. Тие овозможуваат брзи и објективни компаративни анализи. Во трудот, се анализираат сите аспекти на нивно искористување за анализите на филогенетските студии во рамките на активностите за конзервација на шест автохтони соеви овци од расата праменка.

**4. Vukovic V., Andonov S., Kocevski D., Popovski Z.T., Belicovski S. 2004. Overview of pig breeding in Republic of Macedonia., 4th International workshop on data management and genetic evaluation in pigs, Book of abstracts, 4, p.66, Department of Animal Science, Biotechnical Faculty, University of Ljubljana, Domzale, Slovenija.**

Во трудот авторите даваат приказ на националната одгледувачка програма во свињарството во Република Македонија, од аспект на одредување на одгледувачките цели, идентификација, контрола и оцена на приплодните вредности, рангирање и избор на грлата. Врз основа на симулација на селекциската шема предвиден е генетскиот напредок, во услови на примена на предложената

селекциска шема. Имајќи ја предвид актуелната состојба со свињарското производство во Република Македонија, трудот има практично значење за организација на одгледувачка програма и дава можност за програмирање на очекуваните резултати.

**5. Николова Недељка, Коцевски Д. 2004. Утицај сезоне на физичке и хемијске особине љуске кокошјих јаја. Biotechnology in Animal Husbandry, 20 (5-6), Земун, 165-174.**

Целта на трудот е да се истражи влијанието на сезоната (лето, есен, зима), а особено високите температури врз физичките и хемиските својства на лушпата на јајцата од ISA Brown провиниенса одгледувани во кафезни батерии во комерцијална фарма за производство на јајца за консумација. Анализите се реализирани во сите сезони, односно температурни услови додека сите останати услови на одгледување, а пред сè исхраната е одржувана на соодветното ниво согласно со технолошките препораки за хибридот. Од физичките особини се истражувани масата на јајцата, индексот на обликот, масата и дебелината на лушпата, а од хемиските - содржината на $CaCO_3$ во лушпата. Утврдено е дека високите, летни температури покажуваат, негативно влијание врз масата и дебелината на лушпата. Истовремено, сигнификантни разлики се забележани во влијанието на сезоната ($p<0,01$) врз намалувањето на масата на јајцата, индексот на обликот и содржината на $CaCO_3$ во лушпата.

**6. Николова Недељка, Коцевски Д. 2005. Effect of season and hen's age on eggs shape index. Савремена пољопривреда, 54, 1-2, Нови Сад, 145-149.**

Во трудот се прави обид да се утврди влијанието на факторите на сезоната (лето, есен, зима) и возраста на несилките врз обликот на јајцата. Дизајнираниот модел за оцена на влијанието на фиксните фактори на околината врз база на методот на најмали квадрати покажува високо сигнификантно влијание ($p<0,01$) на возраста и сезоната врз обликот, односно индексот на јајцата. Несилките на помала возраст неселе јајца со поовален облик, а истото е случај и во сезоната на пониски температури. Обратно, повисоките температури и поодминатата возраст на несилките доведува до поиздолжен облик на јајцата.

**7. Andonov S., J. Ødegård, G. Klemetsdal, T. Ådnøy, Inger Anne Boman, Dzabiriski V., Vukovic V., Kocevski D., Srbinovska Sonja. 2004. Оцена на генетските параметри на млекото за особините на млечност кај млечните кози со примена на модел на случајни регресии. Годишен зборник на ФЗНХ, р. 135-147.**

Цел на трудот е да даде осврт на процедурите за анализа на генетските параметри за млечноста, преку случајни регресии, проследени преку пример на анализи кај млечните кози. Испитувани се генетските параметри за дневното количество на млеко, процентуалната застапеност на мастите, протеините и лактозата во млекото, со анализа на податоците од 16.446 записи кај 3556 грла кози во прва лактација. Оценетите вредности за адитивната генетска варијанса за дневната количина на млеко покажала форма слична на лактациска крива, со забележлива нагорна насока. Траекториите на адитивната генетска варијанса за застапеноста на мастите, протеините и лактозата биле идентични со типичните лактациски криви за овие особини. Варијансите на постојаната животна средина во текот на лактацијата покажале зголемена варијабилност за деновите од лактацијата, додека нејзините варијанси за мастите во млекото биле најголеми во средината на лактацијата. Анализите придонесуваат за развивањето на современи методи при оцената на генетските параметри кај домашните животни, како и општото познавање на сите фактори кои влијаат врз особините на млекото кај млечните кози, и нивните промени во текот на лактацијата.

**8. Коцевски Д., Маневска Ирина. Body weight selection of chicken in relation to fertility. III симпозиум за сточарство, 12-14 септември 2007, Охрид.**

Во трудот е испитувано влијанието на селекциските процеси за зголемување на шестнеделната жива маса врз репродукциските перформанси кај повеќе линии од расите White Rock и New Hampshire. Репродуктивните особини се анализирани преку параметрите на инкубацијата, односно процентот на оплоденост на јајцата, процентот на лупливост од вкупно заредените јајца и процентот на лупливост од оплодените јаца. Утврдено е дека по само две генерации на селекција се забележуваат негативни влијанија на зголемената жива маса врз репродукциските перформанси кај тешките линии од обете раси. Процентот на оплоденост е намален за 2% кај расата New Hampshire и 5% кај расата White Rock. Истовремено, како резултат на селекциските процеси е забележано опаѓање на лупливоста за 1%, односно 6% кај расата New Hampshire, односно White Rock.

**9. Коцевски Д., Какуринов В., Маневска Ирина. Антимикробна активност на препаратот РОПАДИАР® базиран на есенцијални масла од оригано. III симпозиум за сточарство, 12-14 септември 2007, Охрид.**

Во трудот е утврдувана ин витро активноста на комерцијален препарат на база на есенцијални масла од оригано. Антимикробната активност на активните компоненти тимол и карвакриол е одредувана преку минималната инхибиторна концентрација (МИК) на различни форми (емулзија, воден раствор и прашок) и споредба со активнатата компонента, односно есенцијално масло како контролна проба. Утврдено е дека активната компонента во различните форми има бактерицидна активност и при многу високи разредувања, при што растворот дејствува на сите испитувани микроорганизми, освен на Salmonella typhimurium, а прашокот дејствува на Salmonella typhimurium и Salmonella Enteritidis, но не влијае на останатите микроорганизми. Емулзијата покажува најслаба активност од трите испитувани форми.

**10. Коцевски Д., Маневска Ирина, Димовски Љ., Тошев Љ., Мицевска Габриела. Poultry meat market analysis: 1. Chilled poultry meat supply and prices on the market of R. Macedonia. III симпозиум за сточарство, 12-14 септември 2007, Охрид.**

Во овој труд се испитувани движењата на пазарот со живинско месо во Р. Македонија од аспект на понудата на свежо и замрзнато живинско месо во релација со цените на производите. Информациите за анализите се собирани директно на местата на продажба обрнувајќи внимание и на постојаноста во снабденоста на пазарот со производи, особено од палетата на свежи пилешки производи. При тоа е заклучено дека заради ниското ниво на производство се јавува повремен недостаток од свежи живински производи на пазарот што негативно влијае на континуитетот на снабдувањето, а со самото тоа и на одржливоста на цените. Сепак, главните заклучоци од компаративната анализа на понудата и цените на замрзнатите и оладени живински производи се дека цената на оладените живински производи не е превисока. Тоа коинцидира со квалитетот, и со соодветна промотивна кампања може да резултира во забрзување на зголемувачкиот тренд на побарувачката на вакви производи.

**11. Трајчев М., Маџиров Х., Коцевски Д., Георгиев С., Наков Д. 2007. Влијание на топлотниот стрес и возраста на кокошките врз продукцијата и квалитетот на консумните јајца Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", книга 52, Скопје, 2007/2008.**

Во трудот авторите го испитувале влијанието на топлотниот стрес врз хемиските својства на јајцата од ISA Brown несилки одгледувани во кафезни батерии во комерцијална фарма. Забележано е дека под влијание на топлотниот стрес опаѓа процентуалната застапеност на суровите протеини во јајцата кај несилките на помала возраст, но не и кај повозрасните несилки. Влијанието на топлотниот стрес се забележува и преку промени во метаболизмот на калциумот, при што е регистрирано намалување на вкупното

количество на калциум за време на топлотниот стрес и негово нормализирање по изминување на влијанието на топлотниот стрес. Забележаните влијанија се во зависност од возраста и фазата на несливоста на несилките, при што младите несилки и несилките во пикот на несливоста нагласено реагираат со промени во хемискиот состав на јајцата за време на топлотниот стрес.

**12. Vukovic V., Andonov S., Malovrh Š., Kocevski D., Dimitrievski Z., Kovac M. 2007. Estimation of genetic parameters for number of teats and traits from performance test of gilts. 3rd Meeting of the Universities and Research Institutions for Animal Science of the Balkan Countries, Thessaloniki Feb 10 – 12.**

Целта на трудот е да даде првични сознанија за бројот на дојки кај назимките и својствата од перформанс тестот. Општо е прифатена теоријата дека грлата со поголем број на дојки се поплодни, како едно од бројните својства кои се бараат од назимките за приплод. Оттаму, интересно е испитувањето на генетските параметри за бројот на дојки и останатите карактеристики на назимките од перформанс тестот. Во трудот е користена база на податоци од 5163 назимки (чистораснн и мелези), при што се земени 3 основни параметри: вкупниот број на дојки (TT), дневниот прираст (LDG) и просечната дебелина на грбна сланина (BFAVG). Параметрите се оценувани со два различни модела, соодветно на својствата во рамките на multy trait animal модел. Оценетите херитабилности за сите особини бил среден до висок ($h^2$=0,16 за TT, $h^2$=0,27 за LDG и $h^2$=0,38 за BFAVG). Генетските корелации меѓу TT и LDG и BFAVG била 0,22, односно 0,06, додека меѓу LDG и BFAVG -0,03. Имајќи ги предвид барањата на современото свињарско производство, за голема плодност и изразена млечност на мајките како и нагласен прираст и ниска застапеност на грбната сланина на товниците, трудот има и апликативно значење во селекциските програми, бидејќи дава осврт на една ретко испитувана особина како што е вкупниот број на дојки.

**13. Kocevski, D. Manevska Irina, Dimovski Lj., Toshev Lj., Micevska Gabriela. 2008. Poultry meat market analysis: 2. Current status, Trends and prospective of poultry meat production in Macedonia. XX International Poultry Conference WPSA "Science for Poultry Practice – Poultry Practice for Science" Wenecja near Bydgoszcz, Poland (15th – 17th September 2008).**

Истражувањата во овој труд се насочени кон анализата на состојбите со пазарот на живинско месо во Р. Македонија од аспект на моменталните состојби и можностите за негов развој, а врз база на анализите на понудата и побарувачката на живинско месо, барањата на потрошувачите и податоците од производството. Утврдено е дека и покрај навиките за честа консумација на живинско месо (три и повеќе пати неделно) на потрошувачите и структурата на пазарот во која преку 90% од потребите од живинското месо се обезбедува од увоз, економската состојба на македонските купувачи не дозволува брз развој на пазарот на свежо пилешко месо со подобар квалитет и повисока цена. Врз основа на анализите е сепак заклучено дека и покрај сегашната состојба и наведените факти, предвидувањата за пораст на пазарот на живинското месо покажуваат тенденции на замена на смрзнатото живинско месо со свежо пред се заради промената на навиките на потрошувачите. Ваквите промени се очекува да влијаат стимулативно во развојот на домашното производство на живинско месо кое, пред сè, е фокусирано на задоволување на пазарот на свежо пилешко месо.

**14. Kocevski, D. Manevska Irina, Dimovski Lj., Toshev Lj., Micevska Gabriela. 2008. Poultry meat market analysis: 3. Consumer preferences in Macedonia. XX International Poultry Conference WPSA "Science for Poultry Practice – Poultry Practice for Science" Wenecja near Bydgoszcz, Poland (15th – 17th September 2008).**

Истражувањата од овој труд претставуваат сумирани анализи на истражувања за навиките на потрошувачите од Р. Македонија во купувањето и употребата на различните замрзнати и свежи (оладени) живински производи. Илјада испитаници во 71 продавница

во 13 града и 4 региони од различен пол, вероисповед, образование и националност во своите искази покажуваат дека постои нагласена навика (три и повеќе пати неделно) за консумација на живински производи во исхраната на населението во Р. Македонија. При тоа, само 20,8% купуваат редовно свежи живински производи иако 89,2% ја прифаќаат повисоката цена на свежите производи како одраз на подобриот квалитет. Истражувањата покажуваат и дека квалитетот е доминантен момент при одлуката за купување (67%), проследен со здравствената исправност (59,4%) но и дека сè уште цената е главниот фактор кој влијае на одлуката заради економската моќ на купувачите.

*Стручни трудови*

**1. Коцевски Д. 2003. Прирачник за одгледување на несилки за производство на конзумни јајца. Care International, Скопје.**

Во прирачникот, на 30 страници се опишани основните начела за одгледување несилки. Посветено е внимание на режимите на одгледување на несилките (температурно-влажниот режим на воздухот, вентилацијата, осветлувањето, исхраната и напојувањето). Даден е краток осврт на хигиената и здравствената заштита. Тој е наменет за одгледувачи на мали јата несилки во семејни фарми.

**2. Коцевски Д. 2003. Прирачник за одгледување пилиња - бројлери. Care International, Скопје.**

Во прирачникот накратко се опишани делови од интегрираниот систем за производство на пилешко месо. Опишана е активноста во одделните фази на вертикално интегрираниот систем. Покрај режимите за одгледување на бројлерската живина, опфатени се и контролата на здравствената состојба и процесите во кланицата. Презентирани се и дел од финансиските импликации на производството.

**3. Коцевски Д., Мандулоски Д., Андонов А. 2005. Прирачник за гоење пилиња - бројлери. GTZ Agropromotion, Скопје.**

Проширен прирачник напишан на вкупно 178 страници со поопширни упатства за одгледување на бројлери во интегрирано производство. Покрај режимите и технологијата на одгледување, се прави осврт и на исхраната на бројлерите. Во вториот дел се прави осврт на хигиената и заштитата на живината од болести, се опишува кланицата и технолошкиот процес во неа. Последниот дел се однесува на очекуваните финансиски ефекти од производството проследено со придружни документи потребни за реализација на меѓусебните односи на чинителите во синџирот на бројлерско производство.

**4. Киранџиски Т., Коцевски Д., Караџоски Ж. 2005. Птичји грип – брошура. ИФАД, Скопје.**

Едукативна брошура од 23 страници со основи информации за птичјиот грип, живината која заболува, знаците на болеста и начинот на ширење, како и мерките за биосигурност кои помагаат во спречување на ширењето на болеста. Посебен осврт е даден за начините на пренесување на оваа болест кај луѓето и мерките за превентива.

**5. Коцевски Д. 2008. Перспектива за развој на бројлерското производство во Р. Македонија. Моја земја, Скопје.**

Во овој прегледен труд е направен осврт на можностите за развој на бројлерското производство во Р. Македонија, преку компаративни анализи на постојните состојби за производство и консумација, односно потребите од живинско месо. Направени се предвидувања за раст во следните 5, 10 и 20 години. Авторот заклучува дека согласно со трендовите се очекува пораст на потребите и пораст на производството со зголемен удел на свежо живинско месо.

**6. Коцевски Д. 2009. Упатство за воведување на европските стандарди во живинарското производство на Р. Македонија, МЗШВ, Скопје**

Едукативна брошура од 53 страници каде што се разработени барањата за воспоставување на стандарди во живинарската индустрија. Во првиот дел (воведот) се опишуваат различните дефиниции за производите од оваа индустрија. Појаснети се стандардите за објектите, дел 2, стандарди за добробит на живината, дел 3, стандарди за производите на оваа индустрија (живинско месо и јајца), дел 4, да се овозможи едукација на советниците и фармерите за прописите од оваа област, заради полесна имплементација на сите процедури, стандарди и барања на ЕУ.

**7. Коцевски Д. 2010. Истражување на потенцијалите за енергетска заштеда во живинарското производство, ЦеПроСАРД, Скопје**

Едукативна брошура од 23 страници со осврт на можностите за заштеда на енергија и подобрена ефикасност на нејзиното искористување во живинарската индустрија. Во прегледот на состојбите, покрај енергетските биланси за процесите на производство (осветлување, хранење, изѓубрување, вентилација), посебен осврт е направен на енергетските вредносни биланси на енергијата на храната и можностите за менување на истите во насока на заштеда во енергија. Во вториот дел се анализирани главните чинители за реализација на активности во оваа насока, проследени со SWOT-анализа. Оформен е преглед на проблеми и преглед на цели проследен со кратки предлог-проекти и очекувани ефекти од нивна примена.

4. Заклучок и предлог

Врз основа на изнесените податоци за објавените научни и стручни трудови, интерните скрипти (3) и другата активност на пријавениот кандидат, Комисијата заклучи дека д-р Драгослав Коцевски поседува педагошки, научни и стручни квалитети со кои според Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и Правилникот за внатрешните односи на ФЗНХ во Скопје ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научната област живинарство.

Според напред изнесеното, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, кандидатот д-р Драгослав Коцевски да биде избран во звањето вонреден професор во научната област живинарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Кирил Филев, с.р.
2. Проф. д-р Цане Пејковски, с.р.
3. Проф. д-р Сретен Андонов, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Драгослав Александар Коцевски
Институција: Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
Научна област: живинарство

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Живинарство (3+2), зимски, ФЗНХ - 2005/06, 2006/07, 2007/08, 2008/2009 и 2009/2010 | 9,0 |
| 2 | Одгледувачки програми во сточарството (2+2), летен, ФЗНХ - 2005/06, 2006/07, 2007/08, 2008/2009 и 2009/2010 | 6,0 |
| 3 | Биодиверзитет во сточарството (2+2), летен, ФЗНХ - 2005/06, 2006/07, 2007/08, 2008/2009 и 2009/2010 | 6,0 |
| 4 | Квалитет и стандарди на земјоделски производи (3+2), летен, ФЗНХ - 2005/06, 2006/07, 2007/08, 2008/2009 и 2009/2010 (една половина) | 4,5 |
| 5 | Живинарство со вовед во методите за научно-истражувачка работа (6) зимски + (3) летен (магистерски-менторски), ФЗНХ - 2007/08, 2008/2009 и 2009/2010 | 13,5 |
| 6 | Лабораториски вежби (од предметите под 1, 2, 3 и 4), и тоа (2) зимски (6) летен - 2005/06, 2006/07, 2007/08, 2008/2009 и 2009/2010 | 18,0 |
| 7 | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (3) | 0,3 |
| 8 | Ментор на дипломска работа (3) | 0,6 |
| 9 | Член во комисија за одбрана на докторат (1) | 0,5 |
| 10 | Живинарство, 2009 (интерна скрипта) | 4,0 |
| 11 | Одгледувачки програми во сточарството, 2009 (интерна скрипта) | 4,0 |
| 12 | Живинарство - вежби, 2009 (интерна скрипта) | 3,0 |
| 13 | Рецензент на монографија: Каталог на соевите од расата праменка од западен Балкан. | 1,0 |
| **ВКУПНО** | | **70,4** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на докторска дисертација: „Експресија на гени во поедини фази на развој на пилешкиот ембрион" , Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје /1 година | 3 |
| 2 | Оформување на лабораторија за контрола на маркетиншкиот квалитет на јајцата (национален научно-апликативен проект – раководител), 2008. | 6 |
| 3 | Намалување на нивото на N (азот) и P (фосфор) во ѓубрето од кокошки-несилки преку користење на нови технолошки решенија во формулирањето на смеските за исхрана и воведување на нормирана исхрана (национален научно-апликативен проект - раководител), 2008. | 6 |
| 4 | Kocevski, D. Manevska Irina, Dimovski Lj., Toshev Lj., Micevska Gabriela. 2008. Poultry meat market analysis: 3. Consumer preferences in Macedonia. XX International Poultry Conference WPSA "Science for Poultry Practice – Poultry Practice for Science" Wenecja near Bydgoszcz, Poland (15th – 17th September 2008). | 1,2 |
| 5 | Kocevski, D. Manevska Irina, Dimovski Lj., Toshev Lj., Micevska Gabriela. 2008. Poultry meat market analysis: 2. Current status, Trends and prospective of poultry meat production in Macedonia. XX International Poultry Conference WPSA "Science for Poultry Practice | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | – Poultry Practice for Science" Wenecja near Bydgoszcz, Poland (15th – 17th September 2008) | |
| 6 | Vukovic V., Andonov S., Malovrh Š., Kocevski D., Dimitrievski Z., Kovac M. 2007. Estimation of genetic parameters for number of teats and traits from performance test of gilts. 3rd Meeting of the Universities and Research Institutions for Animal Science of the Balkan Countries, Thessaloniki Feb 10 – 12. | 1,2 |
| 7 | Трајчев, М., Христо, М., Коцевски, Д., Георгиевски С., Наков, Д. 2007. Влијание на топлотниот стрес и возраста на кокошките врз продукцијата и квалитетот на консумните јајца. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „ Св.Кирил и Методиј", книга 52, Скопје. 2007/2008. | 1,2 |
| 8 | Коцевски, Д., Маневска Ирина, Димовски Љ., Тошев, Љ., Мицевска Габриела. Poultry meat market analysis: 1. Chilled poultry meat supply and prices on the market of R. Macedonia. III симпозиум за сточарство, 12-14 септември 2007, Охрид | 1,2 |
| 9 | Коцевски, Д., Какуринов, В., Маневска Ирина. Антимикробна активност на препаратот РОПАДИАР® базиран на есенцијални масла од Оригано. III симпозиум за сточарство, 12-14 септември 2007, Охрид. | 1,2 |
| 10 | Коцевски, Д., Маневска Ирина. Body weight selection of chicken in relation to fertility. III симпозиум за сточарство, 12-14 септември 2007, Охрид. | 1,2 |
| 11 | Andonov S., J. Ødegård, G. Klemetsdal, T. Ådnøy, Inger Anne Boman, V. Dzabiriski, V. Vukovic. **D. Koceveski**. Sonja Srbinovska. 2006. Estimation of Genetic Parameters for Milk Traits in Dairy Goats Using a Random Regression Model. Yearbook of Faculty of Agricultural Sciences and Food, Skopje. p. 135-147. | 1,2 |
| 12 | Николова Недељка/ Коцевски, Д. 2005. Effect of season and hen's age on eggs shape index. Савремена пољопривреда, 54, 1-2, Нови Сад, 145-149. | 1,2 |
| 13 | Николова Недељка/ Коцевски, Д. 2004. Утицај сезоне на физичке и хемијске особине љуске кокошјих јаја. Biotechnology in Animal Husbandry, 20 (5-6), Земун, 165-174. | 1,2 |
| 14 | Вуковиќ, В./ Андонов, С./ Коцевски, Д./ Поповски, З.Т./ Беличовски, С. 2004. Overview of pig breeding in Republic of Macedonia., 4th International workshop on data management and genetic evaluation in pigs, Домжале, Словенија. | 1,2 |
| 15 | Поповски, З./ Порчу, К./ Џабирски, В./ Димитриевска Благица/Андонов, С./ Коцевски, Д./ Вуковиќ, В. Примена на ДНК-микросателитите во карактеризација на биодиверзитетот кај животните. Зборник на трудови од II конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество, 25-29 октомври 2003, Охрид, 398-403. | 1,2 |
| 16 | Николова Недељка/ Коцевски, Д. Влијание на сезоната и возраста на кокошките врз индексот на јајцата. II симпозиум за сточарство, 18-21 јуни 2003, Охрид. | 1,2 |
| 17 | Николова Недељка/ Коцевски, Д. Високите температури како фактор кој влијае врз процентуалната застапеност на калциум карбонат во јајцевата лушпа. II симпозиум за сточарство, 18-21 јуни 2003, Охрид. | 1,2 |
| 18 | Коцевски, Д. „Истражување на потенцијалите за енергетска заштеда во живинарското производство" 2010, ЦеПроСАРД, Скопје. | 1,0 |
| 19 | Коцевски Д. „Упатство за воведување на европските стандарди во живинарското производство на Р. Македонија" 2009, МЗШВ, Скопје. | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 20 | Коцевски, Д. „Перспектива за развој на бројлерското производство во Р. Македонија", 2008, Моја земја, Скопје. | 1,0 |
| 21 | Киранџиски Т., Коцевски Д., Караџоски Ж. „Птичји грип-брошура", 2005, ИФАД, Скопје. | 1,0 |
| 22 | Коцевски Д., Мандулоски Д., Андонов А. „Прирачник за гоење пилиња-бројлери", 2005, GTZ Агропромоција, Скопје. | 1,0 |
| 23 | Коцевски, Д. „Прирачник за гоење пилиња-бројлери", 2003, CARE International, Скопје. | 1,0 |
| 24 | Коцевски, Д. „Прирачник за одгледување на несилки за производство на јајца", 2003, CARE International, Скопје. | 1,0 |
| 25 | Коцевски, Д. „Broiler production in Macedonia", Меѓународен академски курс, 3-17 јули 2005, БЕСТ (стручно предавање). | 0,5 |
| **ВКУПНО** | | **39,3** |

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | **Назив на активноста** | Поени |
|---|---|---|
| 1 | „Организирање на заедничкиот пазар за јајца и живинско месо", 2009-2010 (учесник). | 0,5 |
| 2 | „КИГО-Балкан, Агрибизнис на Балканот, 2009-2010 (учесник). | 0,5 |
| 3 | „Структурни и легални реформи на МЗШВ", 2004-2006 (учесник). | 0,5 |
| 4 | Изработка на студија: "Investigation of the potential for energy saving and uses of renewable energy sources in milk production and processing in the Republic of Macedonia", 2009. | 2,0 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 5 | Заменик-национален претставник во Постојаниот комитет за истражување во земјоделството на ЕУ, 2007-2010. | 2,0 |
| 6 | Раководител на Институтот за анимална биотехнологија. | 3,0 |
| 7 | Раководител на Катедрата за сточарство. | 1,0 |
| 8 | Раководител на постдипломските студии по живинарство на Факултетот за земјоделски науки и храна. | 2,0 |
| 9 | Стратегија за развој на земјоделството и руралниот развој на Р. Македонија, 2007-2013 за МЗШВ, (учесник). | 2,0 |
| 10 | Закон за земјоделство и рурален развој на Р. Македонија, за МЗШВ, (учесник). | 2,0 |
| 11 | Закон за сточарство на Р. Македонија, за МЗШВ, (учесник). | 2,0 |
| 12 | Закон за квалитет на земјоделските производи на Р. Македонија, за МЗШВ, (учесник). | 2,0 |
| 13 | Правилник за квалитет на јајца на Р. Македонија, за МЗШВ, (учесник). | 2,0 |
| 14 | Правилник за квалитет на живинското месо на Р. Македонија, за МЗШВ, (учесник) | 2,0 |
| 15 | ИПАРД-програма - раководител за секторот месо | 3,0 |
| **ВКУПНО** | | **26,5** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 70,4 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 39,3 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 26,5 |
| **ВКУПНО** | **136,2** |

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Кирил Филев, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Цане Пејковски, член, с.р.
3. Проф. д-р Сретен Андонов, член, с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ПОДОБНОСТА НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТА НА КАНДИДАТОТ М-Р МАРИЈО ТЕЛЕНТА ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука бр.02-2419/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на седницата одржана на 26.11.2009 година, определена е Комисија во состав:

1. вон-р. проф. д-р Петар Симоновски, Машински факултет-Скопје
2. проф. д-р Татјана Кандикјан, Машински факултет-Скопје
3. доц. д-р Дарко Данев, Машински факултет-Скопје,

со задача да ги прегледа пријавата и доставените материјали од м-р Маријо Телента и да даде оцена за оспособеноста на кандидатот за научна работа и подобност на темата за докторска дисертација со наслов:

**ВЛИЈАНИЕ НА ОДДЕЛНИТЕ КОНСТРУКТИВНИ ПАРАМЕТРИ ВРЗ ФУНКЦИОНАЛНОСТА И ВЕКОТ НА ЧИНИЕСТАТА ПРУЖИНА ЗА ФРИКЦИОНА СПОЈНИЦА ЗА ПАТНИЧКИ АВТОМОБИЛ**

По прегледот на пријавата и доставените материјали, врз основа на членовите 63 и 174 од Законот за високото образование и член 48 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

## КРАТКА БИОГРАФИЈА

Кандидатот м-р Маријо Телента е роден на 27.1.1980 година во Штип. Дел од основното образование го завршил во Р. Србија, а дел во Скопје. Средното образование го завршил во природно-математичката гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин" во Скопје. На Машинскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1998/99 година, а дипломирал во 2003 година на насоката моторни возила со просек 9,02.

Во текот на три студиски години бил ангажиран како демонстратор по предметите: математика, компјутери и програмирање и динамика.

На постдипломски студии на Машинскиот факултет во Охајо, САД, се запишал во учебната 2004/05 година, на тема: *Aerosol Calculation and Pressure Drop Simulation for Sieving Electrostatic Precipitators*. По положувањето на испитите на последипломските студии и одбраната на магистерскиот труд, во март 2007 се стекнал со академски степен- магистер на машински науки. Истата година се вработил во приватна фирма во Чикаго, Илиноис, САД.

Од јули 2008 година е ангажиран како стручен соработник на определено време од 3 години во Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила, во одржување на вежби по повеќе предмети при Институтот за МКММВ со поголем број на часови по следниве предмети: машински елементи (1 и 2), основи на конструирање и CAD, графичко комуницирање, инженерска графика, конструирање и CAD, CAD-техники и екодизајн.

## ПРЕДЛОГ ТЕМА ЗА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во денешниот степен на развиток на моторните возила, во преку 99% случаи како погонски агрегат се користи мотор со внатрешно согорување. Поради карактерот на надворешната брзинска карактеристика која ја имаат моторите со внатрешно согорување, тие при работа во празен од развиваат релативно мала силина и вртежен момент при релативно висок број на вртежи во минута (400 - 1000 $min^{-1}$). Таквите перформанси на моторот при директно негово вклучување во преносот со трансмисијата од возилото би предизвикало нагло зголемување на бројот на вртежите на трансмисијата и тоа од состојба на мирување до број на вртежи што го има моторот. Поради наглото зголемување на бројот на вртежите на трансмисијата би се појавиле енормно големи отпори предизвикани од инерцијалните сили од транслаторното забрзување на возилото и од забрзување на ротационите замавни маси од трансмисијата и тркалата. Големината на појавените инерцијални сили и моменти во таквиот процес при поаѓање со возилото од место, многукратно го

зголемуваат моментот на отпорот во однос на моментот што го генерира моторот во тој режим поради што моторот ќе изгаси.

Од наведените причини кај возилата кај кои погонскиот агрегат е мотор со внатрешно согорување, вклучувањето на моторот со трансмисијата не се врши непосредно со меѓусебно директно вклучување на моторот со трансмисијата, туку процесот на вклучување се врши на посреден начин преку спојка. Во таков случај, посредното вклучување на моторот со трансмисијата преку спојка се врши постепено на оптимален начин со постепено изедначување на бројот на вртежите на моторот со бројот на вртежите на трансмисијата при што не настанува гасење на моторот.

Од опишаниот процес на воспоставување врска помеѓу моторот и трансмисијата произлегува и улогата на фрикционата спојка која треба:

- да обезбеди оптимален начин на воспоставување врска помеѓу моторот (замавникот) и трансмисијата (менувачот) на возилото во услови на поаѓање, при што спојката во тој процес врши улога на континуиран преносник на вртежниот момент до целосно нејзино вклучување;

- да обезбеди раздвојување на врската помеѓу замавникот и менувачот во услови на: стартување на моторот, промената на степенот на пренос и кочење со возилото;

- да обезбеди ограничување на големината на максималниот вртежен момент со кој се оптоварува трансмисијата, односно служи како сигурносен елемент кој треба да ја заштити трансмисијата од преоптоварување.

Овие функции фрикционата спојка треба да ги изврши мирно, да обезбеди мирно и лесно вклучување и исклучување, да работи сигурно, без прегревање и без поголеми истрошувања во процесот на вклучување, да обезбеди целосно раздвојување на моторот и менувачот, да обезбеди намалување (придушување) на динамичките оптоварувања во трансмисијата, особено во процес на нагло вклучување, да врши улога на придушувач на осцилациите во трансмисијата од возилото, да има мали димензии, да е надежна во работата итн.

Постигнувањето на овие цели е предизвик за инженерите кој се состои во исполнување на различни и понекогаш конфликтни барања кои треба да ги исполни спојката. За да се разрешат наведените барања, се повеќе се користат електро-механички потсистеми во спојката, како што се сензори, актуатори и контролери. При разрешување на наведените барања, голем придонес има и напредокот на компјутерската технологија, електрониката и контролните системи.

Развојот на системите за полнење и вбризгување во моторите придонесе за зголемување на нивниот вртежен момент кој моторот го предава на трансмисијата, што ја наметнува потребата за подобрување на карактеристиките на спојката од аспект на моментот на носењето и загревањето на фрикционите парови. Исто така, спојката директно влијае и на комфорот на возачот на возилото.

Спојката која е од интерес на ова истражување е од фрикционен тип која е составена од фрикционен диск, притисна плоча, пружини, лостови, тело (кошница) и

преносен механизам. Вртежниот момент фрикционата спојка го пренесува со помош на триење помеѓу замавникот со фрикциониот диск и притисниот диск. Триењето се остварува со притисна сила од пружина. Големината на притисната сила е во директна зависност од вртежниот момент, што треба спојката да го пренесе, односно со зголемување на вртежниот момент кој се пренесува потребно е да се зголеми и притисната сила.

За остварување на притисната сила може да се користи една или повеќе пружини од различна конструкција, но кај современите спојки за патничките моторни возила најчесто се користи чиниеста пружина.

Со употребата на навојните пружини конструкцијата на спојката содржи повеќе делови (голем број на пружини и лостови за вклучување и исклучување на спојката). Ваквата спојка има поголем материјален момент на инерција и нерамномерно абење итн.

Спојките со чиниеста пружина немаат поголем број од горенаведените недостатоци бидејќи заради специфичниот облик на чиниестата пружина е овозможен рамномерен притисок во контактот, воедно се отстранува потребата од користење на посебни лостови за нејзино активирање, а крутосната карактеристика на пружината овозможува во процесот на исклучување на спојката силата на педалата за исклучување да се намалува.

**Опис на проблемот што ќе се истражува**

Чиниестата пружина како еластичен елемент за остварување на притисната сила кај спојките за патничките моторни возила се применува во подолг временски период со разни конструктивни облици. Доминантната застапеност на чиниестите пружини како притисен елемент во фрикционите спојки за патничките моторни возила произлегува од бројните нејзини позитивни карактеристики како што се:

- едноставно конструктивно решение на спојката, намален број на елементи, намалена тежина по единица вртежен момент што го пренесува спојката поради што е намалена масата на замавникот од моторот и на спојката во целина;
- променлива и нелинеарна крутосна карактеристика на пружината;
- зголемување на притисната сила со процесот на истрошување на облошките;
- намалување на силата на педалото во процесот на исклучување на спојката;
- рамномерен притисок врз притисниот диск;
- висок степен на динамичка урамнотеженост на замавните маси поради рамномерната распределба на масите на спојката во целина;
- пружината ја презема улогата и на двокраките лостови за исклучување на спојката;
- висок степен на искористување на материјалот од пружината;
- мал простор за вградување на пружината во спојката.

Респектирајќи ги наведените позитивни карактеристики кои на спојката ѝ ги дава чиниестата пружина, сепак постои сѐ уште широк простор за конструктивно усовршување на пружината. Со конструктивните усовршувања кои ќе бидат опфатени во овој труд се очекува да се овозможи подобрување на јакосните и на

функционалните карактеристики на спојката во целост. Ова пред сѐ се однесува на оптимирање на јакосните карактеристики на пружината со позиционирање и утврдување на обликот и на димензиите на отворите од пружината, а со цел да се зголеми нејзиниот век, односно да се подобри издржливоста на динамички замор. Со оптимирање на крутоста на краците од пружината се очекува да се подобри (да се скуси) времето на вклучување на спојката преку скусување на празниот од на краците од пружината во процесот на нејзиното вклучување. Ова е посебно значајно при промена на степенот на пренос во менувачот со што се намалува времето на лизгање и порастот на температурата на фрикционите парови.

Со цел да се добијат релевантни показатели од извршените истражувања и да се изврши оцена на ефектите од промените ќе се пристапи кон компарирање на резултатите од постојните чиниести пружини со резултатите од истражувањата.

## Цели на докторската дисертација

Тргнувајќи од изнесените погледи во претходната точка, како главна цел на истражувањето е оптимирање на геометријата на отворите за прицврстување на чиниестата пружина за да се зголеми нејзината отпорност на динамички замор, односно да се зголеми нејзиниот век.

Воедно, ќе бидат истражувани облиците за укрутувањето на краците од чиниестата пружина за да се добие што помал празен од при нејзиното дејство во процесот на вклучувањето. Притоа, ќе се испита и влијанието на заедничкото дејство на укрутувањето на краците и промената на отворите за прицврстување на пружината за кошницата, врз векот на пружината.

Корисно е да се изнесе дека во рамките на целите на истражувањето секако ќе биде и верификацијата на моделирањето на чиниестата пружина, како и валидацијата на нумеричките симулации, што како метода може да се користи за понатамошни развојни истражувања во оваа област. Основата на симулациите за определување на распределбата на напоните, односно деформациите и на заморот ќе биде направено со користење на современи софтверски пакети од областа на методот на конечните елементи.

## Методологија на истражувањето

Врз основа на наведеното произлегува дека методолошки, како појдовна основа, истражувачката работа ќе опфати разработка на теоретските знаења и проучување на извештаи од реномирани производители. Основа во понатамошното истражување ќе биде детално моделирање на чиниестата пружина користејќи современи софтверски пакети. Моделот на чиниестата пружина ќе содржи детален приказ на геометријата со сите специфичности, со цел поверодостојно и подетално да се прикажат и испитаат карактеристиките на пружината преку изведување на симулации со виртуелниот модел.

Анализите на влијанието на горенаведените параметри ќе се спроведат за разни случаи на режим на работа на спојката. Поточно, ќе разгледуваат случаи со различен број на циклуси и брзини на вклучување и исклучување на спојката.

Стремежот е да се добие фрикциона спојка со оптимален габарит и нејзин побрз одѕив.

Врз основа на извршените теоретски истражувања и симулациите извршени од виртуелниот модел на чиниестата пружина ќе се изведе експеримент со адаптација и со испитување на реална пружина, а податоците од таквите испитувања ќе се искористат во процесот на верификација на виртуелниот модел.

Редоследно активностите ќе се состојат од:

- преглед на современа литература од областа;
- проучување на теорија потребна како алатка при истражувањето;
- креирање на виртуелни модели со разни геометрии на чиниеста пружина;
- планирање на експериментите;
- нумерички симулации на виртуалните моделите;
- експериментални испитувања и мерења на реални и адаптирани пружини за оценка на валидноста на добиените резултати од нумеричките симулации;
- оптимирање на виртуелниот модел во однос на зголемување на отпорноста на замор и помал празен од на чиниестата пружина;
- донесување на заклучоци врз основа на добиените резултати, анализа на предностите и негативностите на разните геометрии на пружината.

### Очекувани резултати

По спроведување на гореопишаните активности од дисертацијата се очекува предложените теоретски, нумерички и експериментални истражувања да ја дадат зависноста на наведените конструктивни параметри врз функционалноста и векот на чиниестата пружина. Разработениот виртуелен модел ќе може да послужи како алатка за понатамошни истражувања (виртуелен пробен стол), без или со намалено користење на скапи експериментални испитувања. Крајна цел е да се добијат фрикциони спојки со оптимални габарити и нивен побрз одѕив.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Комисијата до Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје го дава следниов

## П Р Е Д Л О Г

1. Комисијата е со мислење дека кандидатот м-р Маријо Телента дипл. маш. инж., врз основа на досегашниот степен на образование, научноистражувачката и стручна активност располага со потребните квалитети за изработка на предложената тема за докторска дисертација за стекнување на научен степен доктор на технички науки.

2. Врз основа на образложението на пријавената тема, обемот на истражувањето, целите, научните тези и очекуваните резултати, Комисијата смета дека предложената тема за изработка на докторска дисертација со наслов:

**ВЛИЈАНИЕ НА ОДДЕЛНИТЕ КОНСТРУКТИВНИ ПАРАМЕТРИ ВРЗ ФУНКЦИОНАЛНОСТА И ВЕКОТ НА ЧИНИЕСТАТА ПРУЖИНА ЗА ФРИКЦИОНА СПОЈНИЦА ЗА ПАТНИЧКИ АВТОМОБИЛ**

е актуелно и современо истражување во доменот на машинските конструкции и е подобна за изработка на докторска дисертација.

3. За ментор на предложената докторска дисертација се предлага вон-р. проф. д-р Петар Симоновски од Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

КОМИСИЈА

1. Вон-р. проф. д-р Петар Симоновски, Машински факултет, УКИМ-Скопје — с.р.
2. Проф. д-р Татјана Кандикјан, Машински факултет, УКИМ-Скопје — с.р.
3. Доц. д-р Дарко Данев, Машински факултет, УКИМ-Скопје — с.р.

Скопје, 26.2.2010

# ИСПРАВКА

Рецензијата на докторската дисертација **Инхибиција на деминерализацијата на емајлот околу бракетите во тек на ортодонтски третман in vivo и in vitro студијата** од **д-р Ефка Жабокова-Билбиловака, м-р с-ци**, пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје.
Исправката се однесува на презимето каде што **треба** да стои **д-р Ефка Жабокова-Билбилова**.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СОДРЖИНИТЕ ВО ЕТИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА МЛАДИТЕ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ГОРДАНА НИКЧЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На VIII редовна седница на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје од 17 мај 2010 година бевме избрани за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација „Содржините во етичкото образование на младите" од м-р Гордана Никчевска. Благодарејќи на довербата, имаме чест да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Како наставник по филозофија и етика, м-р Гордана Никчевска во докторската дисертација ги продолжи своите научни истражувања на етичкото образование со значајни анализи на содржината на наставата по етика. Дисертацијата „Содржините во етичкото образование на младите" претставува бележит прилог кон развивањето на научната етика и на практиката на етичката едукација кај нас.

Докторската дисертација на м-р Гордана Никчевска ја има следнава структура:

1. Вовед
2. Влијанието на разни фактори врз етичкиот развиток и сфаќања на младата личност
3. Етичката едукација и нејзината содржина во сите видови образование
4. Наставната програма по етика за средните училишта
5. Практиката и содржините на етичкото образование на младите и нивната рецепција во средното образование
6. Заклучок

Во Воведот кандидатката м-р Никчевска ги објаснува програмата, задачите и појдовните претпоставки на ова научно истражување. Како посебна тема се објаснети разликата меѓу моралното воспитување и етичкото образование и потребата за воведување и развивање на етичкото образование на младите во сите едукативни нивоа.

Во првата глава „Влијанието на разни фактори врз етичкиот развиток и сфаќања на младата личност" се претставени видовите фактори кои се значајни за обликување на етичките сфаќања кај младата личност. Посебно се обработени влијанието на родителите и семејството, улогата на училиштето, како и значењето на другите воспитни фактори врз оформувањето на личноста, развивањето на погледот на светот на младата личност и на нејзиниот однос кон самата себе, кон светот и кон луѓето кои ја опкружуваат - врсниците, медиумите, религијата, филозофијата и науката.

Во втората глава „Етичката едукација и нејзината содржина во сите видови образование", м-р Никчевска ги претставува обидите за дефинирање и воспоставување на етичкото образование денес, а потоа практиката, развитокот и содржината на етичкото образование во сите наши едукативни нивоа - од градинките, одделенската настава, вишите одделенија на основното училиште, средното образование, високото образование (етиката во студиите по филозофија и во студиите на други наставни групи и факултети), сè до постдипломското образование.

Во третата глава посебно се анализирани наставните програми, учебниците и содржината на наставата по етика во нашето средно образование. Тоа е клучна фаза во изградбата на личноста. Исто така, досега само во средното образование кај нас имаше настава по етика за помладите личности. Образложени се основните принципи врз кои е втемелена оваа настава по етика.

Во четвртата глава м-р Гордана Никчевска ја истражува образовната практика при реализирањето на наставата по етика, нејзината ефикасност и актуелност. Посебно се претставени современите дидактичко-методички приоди во наставата по етика, која има свои специфичности и нужна иновативност. Кон тоа е приклучена анализа на рецепцијата на наставните содржини по етика од страна на учениците, како и влијанието на наставните содржини по етика врз етичкиот развиток на младата личност. Исто така, испитувана е и поширокатa општествена рецепција и рефлексија на содржините на наставата по етика во средното образование.

Во Заклучокот се резимирани научните резултати од испитувањето на современите тенденции во наставата по етика, како и сознанијата за смислата и потребата на етичкото образование во денешната епоха и во нашето општество.

Библиографијата ги содржи сите релативни книги и публикации за истражување на развојот на етичкото образование во Република Македонија.

Проблематиката на оваа докторска дисертација е значајна за разбирањето и развивањето на етичкото образование, коешто е нова појава и светски тренд, кои се поддржувани од најзначајните општествени и педагошки фактори и личности. И светската организација за образование, наука и култура УНЕСКО инсистира на задолжителното воведување на настава по етика на сите едукативни нивоа и во сите струки. Таа тенденција постои и кај нас, каде што во средното образование е воведена изборна настава по етика во два класа, а од идната година ќе биде воведена задолжителна настава во VI одделение на основното образование. Предметот етика се воведува и во разните универзитетски студиски групи. Поради тоа се нужни вакви сознанија за дидактичко-методичката втемеленост на етичкото образование.

Тој проблем го испита и го претстави во својата докторска дисертација м-р Гордана Никчевска. Покрај светските искуства со новата настава по етика, и ние имаме оригинални придонеси на ова поле - со експериментална настава по етика во средните училишта, во предметната и во одделенската настава во основните училишта, како и во градинките. При тоа се користени и нови наставни методи, форми, техники и средства и остварени се мошне интересни резултати. За согледба на суштината на наставата по етика и за разработка на модерни наставни форми и средства треба да се анализира и нејзината содржина, која е супстанцијална за

етичкото образование на младите. Исто така, сѐ повеќе се развиваат студии по етика на факултетите и во постдипломската настава кај нас.

Докторската дисертација на м-р Гордана Никчевска „Содржините во етичкото образование на младите" е направена со анализа на наставните содржини и на нивната рецепција, како и на придонесот на наставните методи за рецепција на етичките содржини и со анализа на ставовите и трудовите на учениците, на ставовите на родителите и на наставниците итн. Нејзината дисертација е вреден аналитичко-позитивистички труд, низ кој ја согледуваме појасно реалноста на модерната настава по етика во нашето школство и нејзиното значење и влијание кај младите.

## ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Темата на докторската дисертација „Содржините во етичкото образование на младите" од м-р Гордана Никчевска е оригинална. Досега не е направено научно испитување на едукативните етички теми, на наставните програми по етика и на нивното спроведување, како и на рецепцијата на етичката проблематика и на наставната дејност по етика кај младите.

Во дисертацијата добро се согледани испитуваните проблеми, тие се широко зафатени и детално образложени. Дисертацијата на м-р Никчевска претставува синтеза од теориско и практично испитување. Покрај прикажаните искуства во етичкото образование, дадени се и компаративни анкети од разни социјални и училишни средини.

Со своите познавања на етиката и на проблематиката на методиката на етичката настава, кандидатката м-р Гордана Никчевска успешно изготви ваква докторска дисертација, за чие истражување е потребно и филозофско и педагошко образование, како и лично искуство во специфичниот педагошки процес.

Бидејќи станува збор за оригинална тема, добро и широко замислена, која е испитана со научни средства, и бидејќи кандидатката доследно, широко, аналитички и синтетички го изврши овој научен зафат - му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да ја прифати докторската дисертација „Содржините во етичкото образование на младите" од м-р Гордана Никчевска и да закаже нејзина одбрана.

Во Скопје,
на 18 јуни 2010 година

Комисија

Проф. д-р Кирил Темков, с.р.
Проф. д-р Олга Заревска, с.р.
Проф. д-р Иванчо Атанасовски, с.р.
Проф. д-р Вера Георгиева, с.р.
Проф. д-р Лепа Дамовска, с.р.

# ПРЕГЛЕД
## на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Филозофскиот факултет во Скопје

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| 1) М-р Ристо Петров | **Организираност на резервните офицери на Република Македонија во функција на безбедноста и мирот во Евроатланскиот регион** | 1.Проф. д-р Синиша Даскаловски<br>2.Проф. д-р Митко Котовчевски<br>3.Проф. д-р Лидија Георгиева |
| 2) М-р Анета Христова | **Анализа на организираност на говорот и јазикот кај учениците со лесна ментална ретардација во однос на нивните врсници од редовните училишта** | 1.Доц. д-р Емица Фараго<br>2.Проф. д-р Љубомир Ајдински<br>3.Проф. д-р Владимир Трајковски |
| 3) М-р Љиљана Николовска | **Перспективите и предизвиците на концептот за хумана безбедност во Република Македонија по Рамковниот договор** | 1.Проф. д-р Марина Митревска<br>2.Проф.д-р Трајан Гоцевски<br>3.Проф. д-р Лидија Георгиева |
| 4) М-р Фети Мустафаи | **Религиската толеранција во Република Македонија како предуслов за влез во ЕУ** | 1.Проф. д-р Илија Ацески<br>2.Проф. д-р Ѓорѓе Младеновски<br>3.Проф. д-р Зоран Матевски |
| 5) М-р Зоран Јованчев | **Геополитичката положба на Република Македонија како фактор за мир и стабилност во регионот на Југоисточна Европа** | 1.Проф. д-р Тони Милески<br>2.Проф. д-р Трајан Гоцевски<br>3.Проф. д-р Митко Котовчевски |
| 6) М-р Драган Шапкалиски | **Европската стратегија за вклучување на младите на пазарот на трудот: преминот од образование до работното место** | 1.Проф. д-р Милева Ѓуровска<br>2.Проф. д-р Антоанела Петковска<br>3.Проф. д-р Зоран Матевски |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА *РЕЛЕВАНТНОСТА НА НОВАТА КЕЈНЗИЈАНСКА ЕКОНОМИЈА ЗА ПАЗАРОТ НА ТРУД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*, ИЗГОТВЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р ПРЕДРАГ ТРПЕСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 113, став 6 од Законот за високото образование и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 18.6. 2010 година, нè определи за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација ***РЕЛЕВАНТНОСТА НА НОВАТА КЕЈНЗИЈАНСКА ЕКОНОМИЈА ЗА ПАЗАРОТ НА ТРУД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***, поднесена од кандидатот м-р Предраг Трпески. По опстојното прегледување на трудот, Комисијата пред Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација содржи 366 страници основен текст, 22 страници користена литература (325 библиографски единици) и 17 страници анекси. Материјата во дисертацијата, покрај вовед и заклучок, е структурирана во девет глави, распоредени по логичен редослед:

- ТЕОРИСКИ ОСНОВИ НА НЕВРАБОТЕНОСТА
- ПАЗАРОТ НА ТРУД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – ТРЕНДОВИ И СТРУКТУРА
- ГЕНЕЗА НА НЕВРАБОТЕНОСТА ВО МАКЕДОНИЈА
- ВИДОВИ НА НЕВРАБОТЕНОСТ И ТРОШОЦИ ОД НЕВРАБОТЕНОСТА
- ПРОДУКТИВНОСТА НА ТРУДОТ И ПЛАТИТЕ
- ИНСТИТУЦИИТЕ И ФЛЕКСИБИЛНОСТА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД
- МИКРОЕКОНОМСКИТЕ ЕФЕКТИ НА ФИСКАЛНАТА ПОЛИТИКА
- УПРАВУВАЊЕ СО АГРЕГАТНАТА ПОБАРУВАЧКА И НЕВРАБОТЕНОСТА
- ДИНАМИЗИРАЊЕ НА РАСТОТ И ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЕКОНОМИЈАТА ЗА КРЕИРАЊЕ НОВИ РАБОТНИ МЕСТА

**Првата глава** на дисертацијата има теоретско-методолошки карактер. Тука се разработени основните модели кои ја објаснуваат феноменологијата на функционирање на пазарот на трудот, а кои доаѓаат од најрелевантните економски концепции од неокласична и неокејнзијанска провениенција. Во рамките на неокласичните модели, анализата започнува со третманот на пазарот на труд и невработеноста во класичниот модел (поентата на овој модел е дека пазарите брзо се урамнотежуваат како резултат на флексибилноста на платите и цените), а продолжува со погледите и сфаќањата на оваа проблематика на новата класична економија (нејзините основни постулати се движат на линија дека рационалните очекувања осигуруваат брзо, моментално „чистење" на пазарот на трудот и функционирање на економијата на својот потенцијален производ). Во рамките на неокејнзијанските модели, во

теоретскиот дел на трудот се застапени Кејнзовата концепција на пазарот на труд, којашто го проблематизира урамнотежувањето на овој пазар не само на краток, туку и на долг рок и која тврди дека на системот му е иманентна принудна и перзистентна невработеност, понатаму неокејнзијанската концепција (умерените кејнзијанци) која тврди дека пазарот на труд на среден рок завршува во рамнотежа и особено концептите на новата кејнзијанска економија кои ја засилуваат аргументацијата за ригидностите на пазарот на труд со нови аргументи и нудат макроекономски модел релевантен за економија со висока и перзистентна невработеност – каков што е случајот и со Република Македонија.

**Втората глава** на дисертацијата нуди анализа на најзначајните трендови и структурираност на невработеноста во Република Македонија. Анализата започнува со дијагностицирање на состојбата во доменот на невработеноста во македонската економија, продолжува со разработка на различните структури на невработеноста (според пол, старост, образование, занимање, време на чекање за вработување и националност), а завршува со проследување на движењето и тенденциите на стапката на вработеност во Република Македонија. Притоа, паралелно со оваа анализа, од различни структурни аспекти, се прави компарација на невработеноста во Македонија и земјите - членки на ЕУ.

**Третата глава** на дисертацијата е посветена на генезата на македонската невработеност. Невработеноста е „стар" проблем во Република Македонија. Анализите покажуваат дека уште во осумдесеттите години на минатиот век, Македонија имаше стапка на невработеност која надминуваше 20%. Во овој дел на трудот се анализирани детерминантите на невработеноста во временскиот период по Втората светска војна до денешни дни, со профилирање на типични периоди – периодот пред осамостојувањето, периодот по осамостојувањето до завршувањето на приватизацијата и периодот по 2000 година.

**Четвртата глава** на дисертацијата анализира две значајни прашања врзани за пазарот на трудот во Македонија. Првото се однесува на видовите невработеност (фрикциона, структурна, циклична), а второто на трошоците од невработеноста (економски, социјални и фискални). Двете прашања, иако вонредно значајни, кај нас се многу малку третирани. Причината за тоа лежи во отсуството на методолошки инструменти за нивна анализа. Имено, во Македонија, сè до 2009 година не се оперираше со категориите потенцијален бруто домашен производ и природна стапка на невработеност, кои се основа за утврдување и на видовите невработеност и на трошоците од невработеноста. Нееднаквата дистрибуција на доходот е под силно влијание на состојбите на вработеноста, односно невработеноста во економијата, поради што во овој дел на трудот се прави посебен осврт на овој проблем. Притоа, степенот на нееднаквост во дистрибуцијата на доходите најпрвин е прикажана со помош на хистограм (дистрибуција на фреквенциите) и со Лоренцовата крива, а потоа и преку пресметка на Џини коефициентот,

при што се направи компарација со други земји во светот. На крајот се детектираат основните извори на нееднаквост во дистрибуцијата на доходите во Република Македонија.

**Петтата глава** на дисертацијата е посветена на продуктивноста на трудот и платите во Македонија. Во рамките на оваа анализа се дава одговор на две значајни прашања: прво, дали реалната плата во Македонија ја следи продуктивноста на трудот и второ, какви се врските и зависностите помеѓу продуктивноста на трудот и реалната плата, одделно во различни сектори на економијата. Испитувањето на врската помеѓу реалните нето - плати и продуктивноста на трудот во Република Македонија, базирано на спроведена регресиона анализа, е направено на ниво на цела економија, како и во шест поодделни сектори во економијата: индустрија, рударство и водостопанство; земјоделство, рударство и шумарство; градежништво; сообраќај и врски; трговија и финансии. Спроведените истражувања се во насока на утврдување на релевантноста на теоријата на плати за ефикасност, како една од најпрепознатливите карактеристики на новата кејнзијанска економија, за пазарот на труд во Република Македонија.

**Шестата глава** на дисертацијата е посветена на улогата на институциите и нивните импликации врз флексибилноста на пазарот на трудот. Ова прашање е значајно, бидејќи флексибилноста, т.е. нефлексибилноста на пазарот на трудот, во голема мера ја детерминира брзината на урамнотежување на овој пазар, а со тоа и обемот на невработеноста. Флексибилноста на пазарот на трудот во Македонија се анализира преку влијанието на пет типа институции: синдикати и колективни договори, активни политики на пазарот на трудот, пасивни политики на пазарот на трудот, легислативата за заштита на вработеноста и фискалната политика.

**Седмата глава** на дисертацијата ги анализира микроекономските ефекти на фискалната политика, т.е. нивниот одраз на пазарот на трудот. Даночната структура на една земја, т.е. одделни видови даноци, имаат значајни микроекономски ефекти, бидејќи дејствуваат врз потиците на луѓето, т.е. економските субјекти. Тие можат да го поттикнуваат или дестимулираат работењето, штедењето, инвестирањето и сл. Во овој контекст, во овој дел на трудот се разработени основните карактеристики на македонскиот даночен систем, посебно даноците врзани за платите, како што се персоналниот данок од доход и придонесите за социјално осигурување (придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, придонесот за здравствено осигурување и придонесот во случај на невработеност), кои имаат силно дејство врз цената на трудот, концептот на нето и бруто - плата и сл. и се значаен стимул за работодавачите да креираат нови работни места.

**Осмата глава** на трудот ги третира проблемите на управувањето со агрегатната побарувачка во Република Македонија (диференцирано, според типични периоди) и ефектите врз реалните фактори во економијата – во прв ред врз аутпутот и вработеноста. Овде станува збор за макроекономска анализа својствена за новите кејнзијанци. Во овој контекст е разработен и новокејнзијанскиот концепт на Hysteresis, кој

тргнува од тоа дека состојбата и нивото на невработеност во минатиот период има силни импликации врз состојбата и нивото на невработеност во сегашниот период и се оценува неговата релевантност за пазарот на трудот во Македонија, односно се прави обид да се утврди дали постои ваква пролонгираност на невработеноста во македонската економија. Анализата продолжува со разгледување на можните пристапи за воспоставување на оптимален фискално – монетарен микс во Македонија во иднина, т.е. за рационално управување со агрегатната побарувачка. Оваа глава од дисертацијата завршува со анализа на шоковите на страната на понудата, кои, евидентно, имаат силни импликации врз реалниот аутпут на економијата и врз вработеноста.

**Деветтата глава** на трудот е посветена на проблемите на динамизирање на растот на македонската економија и нејзино оспособување да креира нови работни места. Македонското транзиционо искуство потврдува дека земјата воспоставила поволна макроекономска рамка (ниска стапка на инфлација, до неодамна и ниски буџетски дефицити и умерена надворешно-финансиска задолженост и сл.), без притоа да осигури динамичен раст и создавање нови работни места, за да се ублажи невработеноста, како најтежок макроекономски (но и социјален и политички) проблем со кој таа се соочува. Оваа глава на трудот дава одговор на прашањето како да се премине на динамичен и одржлив економски раст и развој. Анализата е комплексна и се одвива низ бројни сегменти: динамизирање и подигање на квалитетот на структурните реформи, изразени преку понатамошното преструктурирање на секторот на претпријатијата, подобрување на квалитетот и ефикасноста на корпоративното управување и значењето на малите бизниси за креирање нови работни места, воспоставување на поволна инвестициона клима и можности и пристапи за подобрување на нејзините клучни компоненти во иднина. Структурираноста на оваа глава на трудот овозможува најпрвин да се дијагнозираат состојбите (што е направено, каде се погрешило, до каде се стигнало), а потоа да се дадат сугестии за клучните и приоритетни промени во иднина, во сите посочени сегменти, како и за можните пристапи за нивно имплементирање.

## Општа оцена и предлог

Трудот на кандидатот м-р Предраг Трпески на тема ***РЕЛЕВАНТНОСТА НА НОВАТА КЕЈНЗИЈАНСКА ЕКОНОМИЈА ЗА ПАЗАРОТ НА ТРУД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***, обработува вонредно значајна и релевантна проблематика за Република Македонија. Македонија влегува во редот на земјите со енормно висока стапка на невработеност - состојба наследена уште од претходниот општествено-економски систем (во осумдесеттите години на минатиот век Македонија имаше стапка на невработеност повисока од 20%), којашто континуирано се зголемуваше во транзициониот период, во прв ред, како резултат на почетните негативни ефекти од приватизацијата и преструктурирањето на големите социјалистички претпријатија, на

бавното спроведување на реформите од т.н. втора генерација и на анемичниот раст на економијата. Стапката на невработеност во почетните транзициони години надмина 30% и набрзо се покажа дека станува збор за типичен домен на пазарен неуспех којшто не може да биде разрешен само низ дејството на пазарните сили. Ваквото сфаќање лежи во основата на новата кејнзијанска економија. Новите кејнзијанци тврдат дека пазарот на трудот бавно се урамнотежува како резултат на егзистенцијата на бројни ригидности детерминирани од постоењето на синдикати, минимални плати и социјални трансфери (т.н. старокејнзијански аргументи), но и како резултат на постоењето на плати за ефикасност, инсајдери и аутсајдери, хистереза и сл. (типично новокејнзијански концепти) со кои се засилува микроекономската фундираност на кејнзијанизмот и се нудат нови аргументи во прилог на тврдењето за нефлексибилност на платите и бавното урамнотежување на пазарот на труд, т.е. креирањето на невработеност. Сите овие прашања опстојно се анализирани во трудот. Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација дојде до уверување дека кандидатот м-р Предраг Трпески успешно ги елаборирал клучните новокејнзијански концепти за природата на пазарот на трудот и дошол до сознание дека новата кејнзијанска економија е релевантна за економии со висока невработеност, каков што е случајот и со Република Македонија. Во тој контекст, неговата анализа потврди дека: (1) општествените трошоци од невработеноста (економските социјалните и буџетските) се енормни и дека влада соочена со ваква состојба мора да преземе широк арсенал мерки за ублажување на проблемот, при што фокусот треба да биде сосредоточен на активните пристапи за ублажување на овој тежок макроекономски и социјално-политички проблем; (2) дека новокејнзијанските концепти за хистерезата и инсајдери и аутсајдери имаат висока објаснувачка моќ за состојбите на пазарот на труд во Македонија, а концептот за плати за ефикасност, иако со помала објаснувачка моќ, се потврдува во случајот на пропулзивните економски сектори кои вработуваат високообразовани кадри; (3) дека на макроекономски план не може и не смее да се потцени значењето на агрегатната побарувачка за состојбата во вкупната економија, бидејќи краткиот рок е само секвенца на долгиот рок на процесот; (4) дека агрегатната понуда (запоставувана во анализата на ортодоксните и умерените кејнзијанци) е исто така значајна, односно дека македонската економија имаше сериозни загуби од шоковите на страната на агрегатната побарувачка во целиот транзиционен период и (5) дека за оспособување на македонската економија за долгорочен раст и креирање нови работни места од клучно значење е заокружувањето на процесот на структурни реформи - посебно подобрувањето на најзначајните сегменти на инвестиционата клима (добра заштита на сопственичките права, квалитетна инфраструктура, подобрување на пристапот на фирмите кон извори за финансирање на растот, зголемување на ефикасноста и кредибилитетот на институциите итн.), развој на малите и средните претпријатија и претприемништвото, подобрување на квалитетот на корпоративното управување итн.

Неговата анализа потврди дека и постарите неокејнзијански концепции за пазарот на труд, кои новите кејнзијанци, речиси, во целост ги прифаќаат (посебно улогата на социјалните трансфери) се релевантни за

Македонија, бидејќи и кај нас социјалните трансфери ги обесхрабруваат луѓето да бараат вработување и ги поттикнуваат да се ангажираат во доменот на неформалната економија.

Научниот и стручниот придонес на кандидатот м-р Предраг Трпески во испитувањето на оваа комплексна материја се огледа во фактот што тој понуди опстојна и издржана елаборација на новокејнзијанските теории и концепти за пазарот на труд и нив ги примени на случајот на македонската економија, потврдувајќи ја нивната релевантност и значајна објаснувачка моќ во услови на егзистенција на висока невработеност. Научниот и стручниот придонес на кандидатот може да се лоцира и во неговиот успешен обид да ги разграничи основните видови на невработеност во македонската економија, како и во неговиот обид, барем во рудиментарна форма, да покаже зошто концептот на т.н. природна стапка на невработеност и со него поврзаниот концепт за актуелниот и потенцијалниот БДП, можат да имаат значајна аналитичка вредност дури и за мала економија, како што е македонската, во којашто нема егзистенција на типични бизнис - циклуси. Со тоа Комисијата констатира дека основните цели и задачи што кандидатот ги поставил при истражувањето на оваа проблематика се во целост исполнети и дека станува збор за квалитетна и успешно изведена анализа.

Се разбира дека на трудот можат да му се упатат и определени критички забелешки - екстензивност на одделни делови, провлекување, иако маргинално, на учебнички стил во објаснувањето на некои прашања, непотребно повторување на одделни констатации и сл., кои, меѓутоа, немаат позначајно влијание врз квалитетот на трудот.

Врз основа на изнесените оцени за содржината и квалитетите на трудот, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

- ***прво***, да го прифати извештајот за докторската дисертација на кандидатот м-р Предраг Трпески на тема: ***РЕЛЕВАНТНОСТА НА НОВАТА КЕЈНЗИЈАНСКА ЕКОНОМИЈА ЗА ПАЗАРОТ НА ТРУД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА;***

- ***второ***, да дозволи јавна одбрана на трудот.

Скопје, јуни 2010 год. Комисија за оцена и одбрана

1. Акад. Таки Фити с.р.
2. Акад. Гоце Петрески с.р.
3. Проф. д-р Владимир Филиповски с.р.
4. Проф. д-р Методија Стојков с.р.
5. Проф. д-р Димитрија Новачевски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА: „*РАЗЛИЧНИ МОДЕЛИ НА ПЕНЗИСКИ РЕФОРМИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПАЗАРИТЕ НА КАПИТАЛ ВО ЗЕМЈИТЕ НА ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА*" ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЈАДРАНКА МРШИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на ЕкономскиОТ факултет во Скопје, донесена на седницата одржана на 28.5.2010 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Јадранка Мршиќ под наслов: **РАЗЛИЧНИ МОДЕЛИ НА ПЕНЗИСКИ ФЕФОРМИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ПАЗАРИТЕ НА КАПИТАЛ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА.** Докторската дисертација беше прифатена со одлука на Наставничкиот колегиум за постдипломските студии и Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, а за ментор беше определен проф. д-р Михаил Петковски.

По опстојното читање и прегледување на дисертацијата, Комисијата на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јадранка Мршиќ, „Различни модели на пензиски реформи и нивното влијание врз пазарите на капитал во земјите на Централна и Источна Европа", обработува актуелна, значајна и малку анализирана проблематика во нашата земја. Основна цел на истражувањето е да се изврши анализа на ефектите на капитално финансираните пензиски фондови врз развојот на пазарите на капитал, а посебно во Република Македонија.

Содржината на докторската дисертација на кандидатката м-р Јадранка Мршиќ е структурирана во шест детално расчленети глави, со Вовед и Заклучок, како и Апстракт, на македонски и англиски јазик и список на користена литература со 145 референци. Дисертацијата е презентирана на 396 страници и во неа се содржани 117 прегледи и 34 графикони, 6 прилози и список на користени кратенки.

Во *Првата глава*, која е воведен дел, кандидатката ја презентира глобалната рамка на истражувањето и накратко се осврнува на секој од деловите на дисертацијата. Исто така, се објаснуваат причините за избор на темата на истражување, прашањата на кои дисертацијата треба да даде одговор и се дефинира целта на истражувањето. Набројани се методите и моделите што ќе бидат користени во истражувањето.

*Втората глава* од докторската дисертација носи наслов: „Пензиски системи и потребата од нивно реструктурирање". Во неа, кандидатката го опишува развојот на пензиските системи, од најраните почетоци на пензиското осигурување.

Кандидатката изнесува податоци за демографските трендови и промените во економијата, кои ја загрозуваат одржливоста на пензиските системи во многу земји во светот. Овие нови појави ги посочува како основни причини за потребата од реформирање на пензиските системи. Кандидатката го анализира прашањето на спротивставеност и надополнување на пензиските системи засновани на тековно финансирање и на капитализација. Тука е претставен тростолбниот пензиски систем, како најшироко прифатен нов модел на темелно реструктурирање на пензиските системи во земјите во развој.

*Третата глава* со наслов „Пензиски реформи во светот" ги опфаќа реформите на пензиските системи во светски рамки. Кандидатката дава докази за потребите од пензиски реформи во различни региони на светот и ги дефинира предусловите кои се неопходни за успешно воведување на пензиските реформи, како што се: макроекономската стабилност, силна и ефикасна регулациска рамка и почетно развиен пазар на капитал. Кандидатката посебно внимание му посветува на прашањето на можниот избор на реформски пат, што треба да го направат малите земји кои не ги исполнуваат целосно основните услови. Кандидатката прави анализа на пензиските реформи, според моделите и регионите во кои се користени тие модели. Таа критички се осврнува на најшироко прифатениот модел на реформи на Светската банка, под чие менторство овој модел е раширен, особено во земјите на Централна и Источна Европа (ЦИЕ). Заради споредување на извршените реформи, опфатени се реформите во развиените земји (членки на ОЕЦД и на ЕУ) и во земјите во развој (Латинска Америка и ЦИЕ). Во овој дел, кандидатката се фокусира кон реформираните пензиски системи во земјите на Латинска Америка, при што е издвоен системот во Чиле, како прв целосно реформиран пензиски систем. Кандидатката ги истражува реформираните пензиски системи во неколку земји на ЦИЕ (Полска, Унгарија, Бугарија, Хрватска, Романија, Словачка), од кои дел имаат слични системи со македонскиот. Кандидатката ја следи идејата дека средствата, наменети за пензиски приходи, се собираат во текот на целиот работен период и се инвестираат на долг рок, заради што резултатот од реформите на пензиските системи ќе биде познат после многу години. Одложените ефекти го прават неопходно тековното вреднување на резултатите што ги остваруваат капитално финансираните пензиски системи во земјите кадешто се воведени, за што кандидатката во овој дел дава оцени и предлози за зголемување на нивниот учинок.

*Четвртата глава* на дисертацијата има наслов: „Пензиските фондови и финансиските пазари" и е средишна тема на дисертацијата. Во неа, кандидатката ја претставува важноста на степенот на развој и на структурата на финансискиот систем за остварување на очекуваните ефекти од реформираните системи врз развојот на пазарите на капитал и економијата. Нагласено значење е дадено на влијанието што можат да го имаат пензиските фондови врз развојот на пазарот на капитал. При тоа се потцртани нивните ефекти врз: големината на пазарите на капитал и нивната поголема транспарентност и регулираност, појавата на нови финансиски инструменти и подобрите практики на корпоративно управување. Кандидатката се повикува на разултатите од емпириски истражувања за влијанието на пензиските фондови врз развојот на пазарите на капитал во некои земји на Латинска Америка, кои функционираат веќе три децении. Во многу од нив не е докажана поврзаноста на растењето на средствата на пензиските фондови и развојот на пазарите на капитал. Во земјите на Централна и Источна Европа и покрај релативно покусиот период на

функционирање на капитализираните пензиски фондови, изнесени се податоци за значително влијание врз порастот на прометот и капитализацијата на берзите во овие земји, но и на зголемување на бројот и износот на нови емисии на акции и на обврзници. Кандидатката ги претставува резултатите на пензиските фондови од аспект на нивното учество во вкупните финансиски средства на некои земји во ЦИЕ.

Прашањето на адекватна структура на инвестираните средства на пензиските фондови го привлекува интересот на кандидатката, затоа што приносите од инвестирање имаат силно влијание на идниот износ на пензија на членовите на пензиските фондови. За остварување на задоволително висок принос важни се стратегиите и тактиките што ги користат друштвата при управување со средствата на пензиските фондови. Кандидатката врши нивно анализирање и го наведува ограничувањето од рамките на инвестициската регулатива, но и влијанието на стручноста во управувањето со тие средства. Главната дилема од аспект на алокацијата на пензиските средства, кандидатката ја гледа во изборот помеѓу повеќе акции или повеќе обврзници. Таа ги образложува предностите на првите (повисоки приноси на долг рок, но со поголем ризик од промени на цените на акциите) и на вторите (постабилен и помалку ризичен принос, но кој не заштитува од пораст на стапката на инфлација). Таа укажува и на потребата од користење на деривативи заради ефикасно управување со ризиците од инвестирање, но предупредува на неопходноста од разбирање на нивната природа. Кандидатката ги препорачува мултифондовите што беа промовирани од страна на чилеанскиот пензиски систем, а набрзо беа прифатени од неколку земји на Латинска Америка и на Централна и Источна Европа. Аргументите за препораката таа ги нуди во нивните различни ризични структури на портфолија како решение за различните степени на прифатлив ризик во текот на животниот век на членовите на фондовите.

Важно прашање што го обработува кандидатката во овој дел е прашањето за изборот помеѓу двата основни пристапа при инвестициската регулација: пристапот на т.н. внимателно однесување и пристапот на квантитативни ограничувања на структурата на портфолијата на фондовите. Во овој контекст, таа укажува и на потребата од квантитативни ограничувања на пензиските фондови во првите години од нивното работење, заради задолжителниот карактер на придонесите, но и заради недостатокот на традиција и знаење за управување со средствата на фондовите. Таа го изложува својот став дека промената во иднина треба да биде во правец на намалување на квантитативните ограничувања.

Посебно внимание кандидатката им посветува на видовите на ризици кои можат да ги погодат пензиските средства, а кои настануваат во фазата на акумулирање и на користење на средствата. Затоа, кандидатката ја нагласува потребата од адекватна регулација и контрола на работењето на пензиските фондови. Таа укажува дека пренесувањето на управувањето со пензиските фондови на приватни друштва и на одговорноста за остварување на задоволителен износ на средства на самите корисници на пензија не ја амнестира државата од одговорност за стабилноста и сигурноста на овој систем. Наведени се примерите на некои од пензиските системи кои во својата законска рамка содржат заштита од недоволен принос, најважниот ризик со кој се соочуваат членовите на капитално финансираните пензиски фондови. Преку споредување на системите на законски гаранции и заштити на пензиските фондови, констатираното отсуство на

посеопфатно законско решение во македонската регулатива, кандидатката го смета за недостаток во почетната фаза на развојот на системот.

Последната финансиска криза значително ги намали средствата на пензиските фондови скоро во сите земји. Тоа предизвика различни реакции во однос на иднината на овие фондови од страна на владите и на меѓународните институции и организации. Кандидатката ги опфаќа и ги разработува последиците од кризата и дава оцени во однос на начинот на заштита од загуба на вредноста на средствата на пензиските фондови. Општиот заклучок до кој доаѓа е дека системите кои функционираат подолго, остваруваат акумулирани реално позитивни приноси за периодот и дека брзо ја надоместуваат загубата на средствата предизвикана од падот на цените на акциите. Нејзиниот конечен заклучок е дека пензиското штедење е собирање и инвестирање на средства на долг рок и дека не може да се избегне промената на цените на акциите во текот на нивната акумулација, но клучно е средствата да бидат доволно високи кога ќе треба да се користат за пензија.

*Петтата глава* од дисертацијата носи наслов: „Пензиската реформа во Македонија". Кандидатката во почетокот дава преглед на еволуцијата на законската и регулациска рамка за реформата на пензискиот систем и причините кои предизвикаа потреба од реформирање на системот. Таа понатаму ја опишува и ја оценува состојбата на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување во Македонија. Главното внимание на кандидатката во оваа глава е насочено кон прашањето за влијанието на пензиските фондови врз македонскиот пазар на капитал. Презентирани се податоци за развојот на пазарот во текот на неколку последни години во кои беа реализирани драстични промени во пазарната капитализација, прометот и цените. Кандидатката ја мери развиеноста на македонскиот пазар на капитал преку вкупната берзанска капитализација, тргувањето со акции и капитализацијата на обврзниците во однос на БДП. Добиените коефициенти ги споредува со коефициентите на осум земји на Централна и Источна Европа, кои се многу повисоки. Разликата, според ова мерење, е особено изразена кај тргувањето со акции и капитализацијата на обврзници. Понизок е и измерениот индикатор на учеството на средствата на македонските небанкарски финансиски институции во БДП во однос на истиот индикатор кај наведените земји. За да го измери влијанието на пензиските фондови врз развојот на пазарот на капитал, искажан преку прометот со хартии од вредност, кандидатката го користи коефициентот на корелација на годишниот промет на македонската берза во текот на периодот од појавувањето на пензиските фондови со вкупниот износ на средства на пензиските фондови во секоја од тие години и со уплатените средства во текот на секоја година. Резултатот од мерењето покажува негативна корелација. Заклучокот што го изведува кандидатката од направената пресметка е дека резултатот треба да се толкува во рамки на острото циклично движење на македонската берза во разгледуваниот период, што влијае многу посилно на прометот отколку што тоа го прави порастот на средствата за пензиските фондови во тој период. Истражувањето што го направила кандидатката за влијанието на пензиските фондови врз развојот на македонскиот пазар на капитал покажува дека тие не ја зголемуваат побарувачката на берзата, ниту влијаат на појава на нови хартии од вредност. Пошироки позитивни влијанија се забележани преку појава на нови финансиски услуги - чување на имотот на фондовите и очекувано подобрување на корпоративното управување на друштвата. Кандидатката ги објаснува причините за неутралниот ефект на пензиските фондови

врз пазарот на капитал со нивното кратко постоење и со недоволната развиеност на домашниот пазар на капитал.

Кандидатката извршила анализа на структурата на портфолијата на македонските пензиски фондови и нивното влијание на приносот што го остваруваат. Констатацијата е дека преовладуваат сигурните државни инструменти и банкарските депозити, што е структура карактеристична за почетните периоди на работење на пензиските фондови и во другите земји. Кандидатката врши мерење на остварените приноси на македонските пензиски фондови во текот на нивното постоење, сведувајќи ги на реална големина, т.е. споредувајќи ги со реалниот пораст на БДП, на нето-платите и со реалните каматни стапки на долгорочни банкарски депозити на население. Истражувањето на кандидатката покажува понизок реален принос на пензиските фондови во однос на споредените параметри. Реалниот принос е споредуван и со приносите на пензиските фондови во земјите од Латинска Америка и ЦИЕ, кои во најголем број случаи се позитивни. Во овој дел се разгледани ефектите на последната финансиска криза врз пензиските фондови во Македонија и се дадени неколку констатации и препораки во однос на ова прво искуство на пензиските фондови со влијанието од светските финансиски турбуленции врз средствата на пензиските фондови. Во оваа глава, кандидатката прави завршница со сериозен обид да презентира свое видување и оцени за изгледите да се остварат целите на македонскиот реформиран пензиски систем. Обидот е заокружен со сопствени препораки за мерки и активности кои би можеле да придонесат за натамошен позабрзан развој на македонскиот пазар на капитал и за одржување на стабилен и здрав капитално финансиран пензиски систем. Во тој контекст, кандидатката ги категоризира мерките во неколку групи на активности: (i) за развој на домашниот пазар на капитал, (ii) за промена на инвестициската регулатива на пензиските фондови, (iii) за остварување повисока и посигурна пензија за членовите на фондовите и (iv) за поефикасно функционирање на системот на капитално финансирано пензиско осигурување.

Во *шестата глава* е дадено заокружено видување на кандидатката за обработената тема и генерална препорака за нужно заедничко дејствување на владата и на регулаторите на пензиските фондови и на пазарот на капитал за да создадат услови за реализирање на влијанието што пензиските фондови можат да го имаат врз развојот на домашниот пазар на капитал и врз економијата.

## 3. Заклучна оцена и предлог

Средствата на задолжителните капитално финансирани пензиски фондови брзо растат, заради што расте и нивното значење како институционални инвеститори на пазарите на капитал. Тие имаат посебно значење за равојот на пазарите на капитал во земјите во развој. Оттаму, во својата дисертација „Различни модели на пензиски реформи и нивното влијание врз пазарите на капитал во земјите на Централна и Источна Европа", м-р Јадранка Мршиќ се зафатила со тема која е важна за идниот развој на македонскиот пазар на капитал, а се уште е недоволно истражувана во домашната литература.

За изработката на трудот, кандидатката вршела теоретска анализа со примена на методите на индукција и дедукција, а користела и статистички методи на

квантитативна анализа. Исто така, кандидатката користела и компаративна анализа, опфаќајќи ги искуствата во неколку споредливи земји.

Кандидатката со овој труд направила длабока анализа на пензиската индустрија. Врз основа на добиените сознанија и резултати, таа предлага препораки кои се однесуваат на искористување на растечките средства на пензиските фондови за развој на примарниот и секундарниот пазар на капитал и пошироко за целата економија. Препораките се однесуваат на: издавање на индексирани државни долгорочни обврзници, користење на средствата на пензиските фондови за финансирање на домашната инфраструктура, зголемување на транспарентноста на македонските трговски акционерски друштва, стимулирање на нови емисии на акции и излегување на берза на нови друштва, омекнување на инвестициската регулатива на пензиските друштва и воведување на фондови со различно ризично портфолио. Во однос на првото прашање, кандидатката го истакнува недостатокот од долгорочни должнички хартии од вредност на македонскиот пазар на капитал, а кои им се потребни на пензиските фондови за управување со ликвидносниот и каматниот ризик, заради што таа предлага издавање на такви обврзници, пред се од државата, но и индексирани со стапката на инфлација, заради заштита од инфлацискиот ризик. Кандидатката ја сугерира можноста и за користење на средствата на фондовите за модернизирање на домашната инфраструктура. Понудата на квалитетни хартии од вредност на македонската берза треба да се зголеми, за да се прошири инвестицискиот избор на пензиските фондови. Поголемата транспарентност на друштвата и стимулирање на појава на нови хартии и друштва на македонската берза би го зголемиле интересот за инвестирање на домашниот пазар на капитал. Кандидатката укажува и на потребата од постепена либерализизација на инвестициската регулација, за да се овозможи поризично инвестирање на пензиските фондови, заради остварување на повисоки приноси. Кандидатката не ја запоставува ни третата страна, а тоа се членовите на пензиските фондови, на кои предлага да им се понуди можност за избор на фонд со степен на ризик кој ќе одговара на нивната возраст и на толеранцијата кон ризикот.

Понатаму, кандидатката прави детална анализа на степенот на развој на пазарот на капитал и на небанкарските финансиски институции, како и на портфолијата на пензиските фондови, големината на нивните средства и на приносите што тие ги остваруваат. Добиените резултати ги споредува со резултатите на пензиските фондови од некои земји на ЦИЕ, при што се опфатени: Полска, Унгарија, Хрватска и Бугарија, чии реформирани пензиски системи се постари, но и слични на македонскиот задолжителен капитално финансиран пензиски систем. Споредбата покажува послаби резултати на македонските фондови, во однос на големината на средствата и значењето за домашниот пазар на капитал, но и на остварените приноси, за што делумно објаснување е најдено во нивната младост. Мерењата на кандидатката за поврзаноста на обемот на промет на пазарот на капитал и обемот на средствата на пензиските фондови покажуваат негативна корелација. Таа исправно заклучува дека причина за тоа се промените во активноста на берзата и во младиот пензиски систем.

Врз основа на направените анализи и пресметки, кандидатката донесува заклучок дека вториот столб од реформираниот пензиски систем, во почетниот период од неговото функционирање, не ги исполнува очекувањата за влијание врз развојот на домашниот пазар на капитал, не остварува позитивни реални приноси од

инвестирање на средствата и нема да обезбеди широка покриеност на работната сила со пензија.

Посебно треба да се истакне дека кандидатката дава свои препораки за идните регулациски мерки и активности кои можат да придонесат за развој на пензиските фондови во Република Македонија и на домашниот пазар на капитал. Таквите мерки и активности се однесуваат на: зајакнување на развојниот аспект на регулацијата на капитално финансираниот пензиски систем; намалување на трошоците на системот и зголемување на стапката на пензиски придонес заради обезбедување повеќе средства за пензиски исплати; подобрување на транспарентноста и сигурноста на системот со воведување на гарантирана пензија и минимален принос и поголема информираност и едукација на членовите на пензиските фондови и на јавноста.

Врз основа на погоре изнесените констатации и оцени за научниот придонес, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: „Различни модели на пензиски реформи и нивното влијание врз пазарите на капитал во земјите на Централна и Источна Европа", поднесена од кандидатката м-р Јадранка Мршиќ, заклучува дека кандидатката покажала адекватно владеење со истражуваната материја и дека поднесениот труд ги задоволува критериумите за докторска дисертација. Со оглед на тоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

1. да го прифати извештајот за позитивна оцена на докторската дисертација под наслов: „Различни модели на пензиски реформи и нивното влијание врз пазарите на капитал во земјите на Централна и Источна Европа";
2. да ѝ одобри на кандидатката м-р Јадранка Мршиќ јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, јуни 2010 год.

Комисија за оцена и одбрана

Проф. д-р Михаил Петковски с.р.

Проф. д-р Владимир Филиповски с.р.

Проф. д-р Живко Атанасовски с.р.

Проф. д-р Гоце Петревски с.р.

Проф. д-р Методија Несторовски с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-491/1
25-06- 2010 год.
СКОПЈЕ

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА МИГРАЦИОНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КОНТЕКСТОТ НА НЕЈЗИНОТО ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА" ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЗОРАН ФИЛИПОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје на седницата одржана на 26.4.2010 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација под наслов *Перспективите на миграционата политика на Република Македонија во контекстот на нејзиното зачленување во Европската унија*, од кандидатот м-р Зоран Филиповски, во состав: проф. д-р Поликсена Гавровска, проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски, проф. д-р Сашо Георгиевски, проф. д-р Татјана Петрушевска и проф. д-р Тони Дескоски. Комисијата до Наставно- научниот совет го поднесува следниов:

## ТЕМА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

### Актуелност на проблематиката и научен придонес на истражувањето

Докторската дисертација под наслов „Перспективите на миграционата политика на Република Македонија во контекстот на нејзиното зачленување во Европската унија" ја обработува миграцијата и создавањето на предусловите за политика на миграцијата во Република Македонија, преку компаративна анализа на она што е постигнато во нашето со мерките од европското право во оваа област.

Прашањата обработени во трудот се однесуваат на новата концептуалната рамка на Унијата во подрачјето на правдата, слободата и безбедноста, фундирана на европските стандарди за човековите права како простор во кој е гарантирано слободното движење на лицата, контролата на границите и единствената миграциона политика, како и политиката на азил, полициската и судската соработка во борбата против организираниот криминал.

Трудот се концентрира на правната рамка на Европската унија во областа на миграциите, а ги третира и прашањата врзани со миграционите движења во, низ и од територијата на Република Македонија, анализирајќи го трендот на пораст, односно намалување, како и нивната карактеристика на организираност што се манифестира преку појавите на инволвирање на македонски државјани во веќе етаблираните мрежи за илегален транзит, кои од користољубие вршат логистика и транспорт на мигрантите. Од не помало значење во трудот се и прашањата кои се однесуваат на правилата со кои се регулира престојот на законски примени државјани на трети земји содржани во неколку директиви и одлуки кои се однесуваат на технички спецификации на дозволите за престој, но исто така вклучуваат работи како што се статус на лице со постојан престој, семејно

обединување како и недискриминација. Меѓутоа, интеграцијата на државјани на трети земји во земјите- членки на ЕУ, досега е разгледувано само во политички документи.

## Предмет, цел и хипотеза на истражувањето

Предмет на проучување на докторскиот труд претставуваат законодавните реформи што се подготвуват од страна на Република Македонија со цел достигање на стандардите на Унијата во областа на правдата, слободата и безбедноста, во делот на слободното движење на лицата, контролата на границите, политиката на азилот и миграциите, како и интеграцијата на странците во земјите на нивната последна дестинација.

При тоа трудот е фокусиран на анализа на правото на Европската унија, со акцент на општите услови за влез, семејното обединување, престојот, протерувањето, доброволното враќање и реадмисијата, нелегалната миграција, како и Шенгенското acquis, како супстанцијален сегмент, инкорпориран во рамките на Унијата со Протокол кон Договорот од Амстердам. Усогласувањето на законодавството, алокацијата на соодветен кадар, обезбедувањето континуирана обука и развојот на потребна IT-поддршка преку изградување на интегрални IT-системи и бази на податоци се круцијални во водењето на политиката на слободното движење на лицата. Справувањето со илегалната миграција и взаемната корелација со почитувањето на меѓународните стандарди го претставува системот на миграцијата чија конструкција е фундирана на претходна контрола за влез во земјата, визна контрола и развој на специјални програми за борба против криумчарење на мигранти и трговија со луѓе, почитувајќи го статусот на жртвите.

Во трудот се дадени контурите на достигањата на реформите на легислативен план во Република Македонија на полето на миграциијата и во таа насока преку гап-анализата се претставени областите каде треба да се транспонира европската регулатива, што е од есенцијално значење за побрзо интегрирање на Република Македонија во европскиот простор на слободата, безбедноста и правдата.

Во делот на поставувањето на тезите кандидатот поаѓа од општата хипотетска рамка дека Република Македонија нема миграциона политика, и во таа насока е неможноста со сигурност да се детерминираат условеностите за миграционите движења, динамиката на нивниот развој и механизмите за начинот и методите на справување со илегалните мигранти. Како поткрепа на таквиот став, кандидатот се користи со посебна хипотеза со која се прецизира и потврдува главната, дека нашата земја делумно го има хармонизирано своето, во поглед на правилата за прием и престој на странци, граничниот менаџмент, статистиката и реадмисијата со стандардите, легислативата и практиката на земјите-членки на Европската унија. Во контекст на ова, преку неколку поединечни хипотези кои се однесуваат на нејзиното утврдување, докажување и проверливост, кандидатот дава одговори за тоа дали Република Македонија е транзитна земја на илегалните мигранти; како недоволните финансиски дознаки од дијаспората непосредно влијаат на прогредирањето на процентот на нелегалните миграциони движења извршени од македонските државјани; дали Македонија има развиено бази на податоци и координирани програми за интеграција и вработување за лицата кои се враќаат во државата врз основа на договори за реадмисија; и во колкава мера е застапена хармонизираноста на македонското законодавство со регулативите за статистиката за миграциите на Европската унија.

### Методолошка рамка

При изработката на трудот се користат повеќе научни методи, и тоа: во воведниот дел кој се однесува на анализата на развојот на слободата на движење на работниците во рамките на Европската унија се користат историскиот и дескриптивниот метод; во делот кој ги обработува досегашните асоцијативни договори кои Европската унија ги има склучено со третите држави за реализирање на слободата на движење на работниците од третите држави се користи компаративниот метод додека систематскиот, аналитичкиот и нормативниот метод се користени во делот кој се однесува на предизвиците и проблемите во натамошното реформирање на досегашната легислатива; case методот се користи за анализа на случаи од судската практика на Европскиот суд на правдата со што работниците од третите држави индиректно се стекнуваат со одредени права и обврски на пазарот на труд.

### Структура на дисертацијата

Докторскиот труд „Перспективите на миграционата политика на Република Македонија во контекстот на нејзиното зачленување во Европската унија" е составен од вовед, четири дела и заклучок.

Во воведниот дел, преку генезата на процесите за создавањето на Европската унија од Европската заедница за јаглен и челик, преку Европската економска заедница претставена е соработката на полето на правдата и внатрешните работи како еден од трите столба на Унијата кадешто всушност по природата на работите се наведени политиките на азилот визите и миграцијата. Со презентирањето на содржината се дава контурата на темата што е предмет на истражувањето со цел попрецизно претставување на генезата на документите и активностите што се рефлектираат на политиките и политичките инструменти за миграционите процеси, како и за поимното определување на миграцијата и мигрантите.

**Во првиот дел** насловен како „Право на Европската унија", во првата глава „Правдата слободата и безбедноста во рамките на Европската унија" е опишана целта на постоењето на оваа област преку истакнувањето на заедничките вредности што се долготрајни принципи на модерните демократии во Европската унија. Кандидатот ја апострофира корелативноста на идеите за правдата, слободата и безбедноста, потврдувајќи преку [illegible] укажувајќи на

неможноста заради супранационалниот карактер на Унијата, и од таму на оваа област. Претставувањето на генезата на развојот на областа на правдата, слободата и безбедноста е извршено преку договорите од Амстердам, Мастрихт и Лисабон. Преку овие договори, политиките на азилот, миграциите и визите, како сегменти од областа на правдата и внатрешните работи (перавдата слободата и безбедноста), се поставувани во одредени граници при што во овој дел се укажува на нивниот развој

од слободата на државите сами да го утврдуваат правото за влез – дозволен со Римскиот договор, па до неговото супсумирање под правото на Унијата, што е сторено со потпишувањето на Договорот од Амстердам. Во текстот кандидатот посебно се осврнува на политиките на азилот, миграциите, визите и котролата на надворешните граници, со особен акцент на политиката на странците особено заради политиката на Унијата во оваа област да го акцентира корпусот на слободите и правата на странските државјани, а не само на државјаните на државите-членки имајќи ја предвид нивната универзалност. Исто така, во својата натамошна експликација кандидатот се осврнува и на интенцијата на Унијата да им овозможи на своите граѓани висок степен на безбедност и сигурност во рамките на областа на правдата слободата и безбедноста и во таа насока ги дефинира политиките за спречување на сите форми на организираниот криминал. Во оваа насока, кандидатот ја посочува методологијата што се користи за успешна реализација на утврдените позиции, а е насочена кон меѓусебно информирање на земјите од Европската унија, се со цел постигнување на висок степен на кординација на активностите, особено меѓу надлежните министерства и судските власти на државите-членки.

Во натамошниот дел од оваа глава се наведени причините кои доведуваат до појавата и развојот на регионалната политика и во нејзини рамки на кохезивната политика на Европската унија, поточно нејзините цели што се во насока на изнаоѓање на инструменти кои ќе го поттикнат сопствениот потенцијал за помагањето на помалку развиените региони, а за благосостојба на целата заедница. На крајот е даден прегледот на активностите на политички план што Република Македонија ги има предвидено во своите документи во однос на преземањето на мерки во рамките на делот на правдата, слободата и безбедноста, што се однесуваат на миграционата политика со цел за пополнување на гаповите, што, пак, ќе резултира со нејзино побрзо зачленување во евроатлантските структури.

Во втората глава кандидатот се осврнува на правната рамка на Европската унија на полето на азилот, миграцијата и визите во рамките на областа на правдата, слободата и безбедноста, при што посебно се осврнува на влезот, престојот, реадмисијата и нелегалната миграција.

Во **вториот дел** насловен како „Поимно определување и видови на миграцијата", што е составен од две глави, кандидатот во првата глава дава кус пресек на различните дефиниции на миграцијата како поим, при што ја претставува неиздиференцираноста во значењето меѓу поимите на меѓународната и привремената миграција, а во натамошниот текст се осврнува и на внатрешната, работната, повратната и циркуларната како деривати на овој поим. Исто така во натамошната елаборација за миграционите движења ја обработува илегалната миграција, при што укажува дека сè уште во литературата не постои универзално прифатено значење за тоа што претставува таа. Во посебните поднаслови кандидатот се осврнува на факторите на припуда и привлекување како есенцијални за продуцирање на илегалната миграција, појаснувајќи ја нивната поливалентност и полиформноста на методологијата на дејствување на криминалните структури при процесот на пренесување и криумчарење на мигрантите.

Во втората глава од овој дел е претставена правната рамка на Република Македонија која ја опфаќа легалната и илегалната миграција и мерките што се преземаат за нејзино спречување на политички план, преку повеќето стратешки документи, како и за мултиагенциското приод што е од есенцијално значење за справување со нелегалната миграција, особено со оној дел на мигрантите кои од економски причини остануваат во Република Македонија и по завршувањето на нивниот легален престој. Во овој дел кандидатот се осврнува на легислативата со која се уредуваат прашањата врзани за странците, нивниот влез и престој, семејното обединување, престанокот на престојот, доброволното враќање и реадмисијата.

Во последниот дел, односно заклучокот на докторската дисертација, синтетизирани се сите сознанија со цел да се утврди степенот на хармонизирањето на европското законодавство и во таа насока чекорите што Република Македонија ги има преземено на полето на политиката на миграцијата во контекст на исполнувањето на критериумите за нејзина интеграција во Европската унија. Во заклучокот се содржани крајните согледувања на кандидатот во форма на препораки за Република Македонија, во што и се состои научниот придонес на оваа докторска дисертација.

**Заклучок и предлог**

Докторскиот труд „Перспективите на миграционата политика на Република Македонија во контекстот на нејзиното зачленување во Европската унија", од кандидатот м-р Зоран Филиповски, обработува мошне интересна тема, при што корисноста од направеното истражување и направените анализи се зајакнати со актуелноста на темата не само во западноевропскиот, туку во глобалниот светски контекст, факт што влијае и врз подигнувањето на свесноста за нејзината не помала релевантност и во западно-балканскиот контекст. Структурата на трудот е избалансирана. Материјата во сите главни аспекти е исцрпно, детално и мошне темелно презентирана според логичен редослед. Содржината во трудот е презентирана на едноставен и јасен начин. Во рамките на утврдениот предмет, реализираното истражување и направените анализи, кандидатот ја обработува широката проблематика не само прегледно, многу продлабочено, отворајќи бројни дилеми и прашања, туку и притоа давајќи сопствени одговори и констатации, т.е сугерирајќи сопствени ставови и видувања. Темата на докторскиот труд е обработена со употреба и комбинирање на неколку научни методи, во функција на успешно анализирање, докажување и презентирање на поставените тези. Трудот претставува самостоен стручно научен-труд во кој кандидатот, преку примена на соодветна научна методологија, изразува завидна способност за научна разработка на поставените тези, поставувајќи солидно изведени и издржани заклучоци, притоа покажувајќи завидна способност за користење на стручна и научна литература. Научно издржаниот третман на суштинскиот дел од материјата и отворените дилеми, прашања и сугестии поместени во трудот даваат солидна основа за понатамошно комплексно истражување на прашањата поврзани со оваа тема, во што се состои и основниот научен придонес на овој докторски труд. Врз основа на

изнесениот приказ и оцена. Комисијата констатира дека се работи за докторски труд што ги задоволува критериумите за подготвување на научни и стручни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први" и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Од тие причини, на Комисијата и причинува задоволство едногласно да му предложи на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" да го усвои овој извештај со позитивна оцена и да му овозможи на кандидатот м-р Зоран Филиповски да пристапи кон јавна одбрана на својот докторски труд.

КОМИСИЈА:

1. проф. д-р Поликсена Гавровска с.р
2. проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски с.р
3. проф. д-р Сашо Георгиевски с.р
4. проф. д-р Татјана Петрушевска с.р
5. проф. д-р Тони Дескоски с.р

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ПРИМЕНА НА CFD-МЕТОДОЛОГИЈАТА КАЈ ТУРБОМАШИНИТЕ" ОД АВТОРИТЕ

## Д-Р ЗОРАН МАРКОВ И Д-Р ПРЕДРАГ ПОПОВСКИ

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 29. XII 2009 година, донесе одлука за определување Рецензентска комисија на ракописот под наслов „Примена на CFD-методологијата кај турбомашините", подготвен од д-р Зоран Марков, доцент на Машинскиот факултет во Скопје и д-р Предраг Поповски, професор на Машинскиот факултет во скопје во Скопје, во состав:

1. д-р Методија Мирчевски, професор на Машинскиот факултет во Скопје;
2. д-р Томислав Златановски, професор на Машинскиот факултет во Скопје во пензија;
3. д-р Валентино Стојковски, вонреден професор на Машинскиот факултет во Скопје.

По разгледувањето на приложениот материјал, рецензентите на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје му го поднесуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Ракописот „Примена на CFD-методологијата кај турбомашините" содржи насловна страница, три страници содржина и 139 нумерирани страници текст со вклучени 58 слики, 13 табели и листа од 25 библиографски единици. Ракописот е пишуван во А4-формат, двостранично, со единечен прород, со користење на компјутерска техника за обработка на текст. Во консултација со авторите, од нивна страна се додадени и предговор, вовед, легенди на користените акроними, ознаки и симболи, како составен дел на овој труд.

### II. АНАЛИЗА НА РАКОПИСОТ

Приложениот труд претставува опширна и сеопфатна обработка на проблемот на нумеричко моделирање на струењето и симулација на хидрауличните и јакосните перформанси кај турбомашините со примена на **CFD** (*Computational Fluid Dynamics* – нумеричка динамика на флуиди) и **FEA** (*Finite Element Analysis* – нумеричка анализа на тврдо тело со примена на методот на конечни елементи) методологиите на пресметување. **CFD**-методот се појавува во педесеттите години на XX век, но

позначаен прогрес и примена во практиката добива во поново време паралелно со развојот на компјутерската техника. Предвидувањето на струењата и нивната интеракција со опструјуваните елементи може да се постигне само во спрега помеѓу аналитичка, експериментална и пресметковна динамика на флуиди. Пресметковната динамика на флуиди (CFD) добива сè поголемо значење, особено кај проблемите кои се релевантни за практиката, каде што во општ случај се среќаваат комплексни закривени геометрии на прострујуваниот простор. Во овој труд се дава преглед на развојот на CFD-методологијата, при што посебен акцент е ставен на современите тенденции во развојот на нови и усовршувањето на постојните постапки на пресметување на струењето кај турбомашините.

Презентираната материја во трудот, покрај стандардните вовед и користени ознаки и литература, е поделена во три глави:

1. Пресметка на струењето низ турбомашините
2. Техника на нумеричко моделирање на работниот простор и струењето
3. Пакет пресметки на работното коло кај хидраулична турбина.

Во првата глава, која опфаќа 40 страници од основниот текст, даден е општ вовед во основите на турбомашините, нивна типизација како и генерален опис на проблематиката на моделирање и пресметување на струењето со примена на CFD-техниката. Исто така, даден е преглед на можните упростувања на физичките и математичките модели на струењето со што се јавува незначителна (толерантна) грешка при нумеричките пресметки, но значително се добива во смисла на компјутерско време и ресурси. Посебно се обработени моделите на турбуленција, кои играат значајна улога при моделирањето и пресметката и кои најчесто се применуваат кај струења низ турбомашини.

Во втората глава детално е презентирана општата постапка при решавање на струењето со помош на CFD/FEA техниката. При тоа, посебно внимание е посветено методот на конечни волумени, бидејќи тој метод наоѓа значајна примена во решавањето на струењето низ турбомашините. Детално е обработена и просторната дискретизација на општата равенка на одржување во конзервативна форма, а помалку е кажано за постапките на временска дискретизација на равенката. Објаснети се поимите нумеричка точност, конвергенција, конзистентност и стабилност при решавањето на равенките во дискретизирана форма, како и поимите верификација и валидирање на добиеното нумеричко решение на струењето. Алгоритмите кои се применуваат во CFD-техниката (алгоритми за корекција на притисокот заради задоволување на равенката на континуитетот, имплементацијата на граничните услови) се детално објаснети. Методите на генерирање на пресметковните мрежи и методите за решавање на добиените линеарни алгебарски равенки не се детално опфатени и образложени во трудот.

Третата глава е посветена на опис на основните чекори при решавање на практични проблеми со CFD/FEA техниката: креирање на модел за анализа на перформансите на хидраулична турбина: формирање на геометрискиот модел, дефинирање на пресметковниот домен, дискретизација на пресметковниот домен (генерирање на пресметковна мрежа), анализа на механичките карактеристики на работното коло. Потоа е претставена конкретна нумеричка симулација на хидрауличните и јакосните перформанси на прототип на Каплан турбина со зададени основни карактеристики. На почеток е креиран модел со помал номинален пречник и

познати резултати од експериментални мерења кои се користат за споредба со добиените резултати. Наведен и кратко опишан е комерцијалниот софтвер кој е користен за моделирање на геометријата, генерирање на пресметковната мрежа и нумеричко симулирање на хидрауличките и јакосните перформанси на турбината. На крајот на оваа глава дадена е детална анализа на добиените резултати од хидрауличките и јакосните пресметки.

Проблематиката при пресметка на струења која е разработена во овој труд е доста сложена. Со одличниот начин на разработка и објаснување на проблематиката, овој труд дава одлична основа за изучување на CFD-техниките и нивната практична примена.

Трудот е напишан на литературен македонски јазик со јасен, прецизен и разбирлив стил на изразување и претпоставува претходно познавање на материјата што се изучува по предметите хидраулични турбини и нумерички методи во динамиката на флуидите (CFD), кои се предаваат во првиот циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје, така што тој претставува корисна надградбена литература за споменатите дисциплини.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот под наслов „Примена на CFD-методологијата кај турбомашините" покрива дел од програмата по предметите од наставно-научните области хидраулични турбомашини и нумерички методи во динамиката на флуидите (CFD) кои се изучуваат на студиите во прв и втор циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје, а ќе претставува корисна литература и во соодветните предмети од третиот циклус на студии. Материјалот во него е презентиран методички и математички коректно, проследен со решени примери и е резултат од повеќегодишната работа на авторите.

Со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, ракописот под наслов „Примена на CFD-методологијата кај турбомашините", подготвен од д-р Зоран Марков, доцент на Машинскиот факултет во Скопје и д-р Предраг Поповски, професор на Машинскиот факултет во скопје во Скопје, да го одобри како учебник.

Скопје, 4.5.2010

Членови на Рецензентската комисија

1. Д-р Методија Мирчевски, професор на Машинскиот факултет во Скопје с.р.

2. Д-р Валентино Стојковски, вонреден професор на Машинскиот факултет во Скопје с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ПРИМЕНА НА CFD-МЕТОДОЛОГИЈАТА КАЈ ТУРБОМАШИНИТЕ“

## ОД АВТОРИТЕ

## ДОЦ. Д-Р ЗОРАН МАРКОВ И ПРОФ. Д-Р ПРЕДРАГ ПОПОВСКИ

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со одлука бр. 02-3692/2 донесена на неговата редовна седница одржана на 29.12.2009 година, определи да бидам еден од рецензентите на ракописот со наслов „Примена на CFD-методологијата кај турбомашините“, подготвен од авторите д-р Зоран Марков, доцент на Машинскиот факултет во Скопје, и д-р Предраг Поповски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, со задача да дадам оцена и предлог за негово објавување. Во тоа својство, а по прегледувањето на доставениот ракопис, имам задоволство да го поднесам следниов

## Извештај

### Општи податоци

Ракописот “Примена на CFD-методологијата кај турбомашините“ содржи корица, три страници содржина и 139 нумерирани страници текст со инкорпорирани 58 слики, 13 табели и листа од 25 библиографски единици. Неприложените страници од 1 до 8 авторите ги резервирале за воведниот дел од трудот кој ќе треба да опфати предговор, вовед, легенди на користените акроними, ознаки и симболи, или слично. Ракописот е пишуван во А4-формат, двостранично, со единечен проред, со користење на компјутерска техника за обработка на текст.

### Анализа на ракописот

Приложениот труд претставува опфатна монографска обработка на проблемот на нумеричко моделирање на струењето и симулација на хидрауличните и јакосните перформанси кај турбомашините со интегрирана примена на современите методологии на пресметување **CFD** (*Computational Fluid Dynamics* – нумеричка динамика на флуиди) и **FEA** (*Finite Element Analysis* – нумеричка анализа на тврдо тело со примена на методот на конечни елементи). Напредок кај предвидувањето на струења и нивната интеракција со опструјуваните елементи може да се постигне само во спрега помеѓу аналитичка, експериментална и пресметковна динамика на флуиди. При тоа, пресметковната динамика на флуиди (CFD), чиј развој неодвоиво е поврзан со развојот на компјутерската техника, добива сè поголемо значење, особено кај проблемите кои се релевантни за практиката, каде што во општ случај се среќаваат комплексни тридимензионално закривени геометрии на прострујуваниот простор. Во трудот се дава општ преглед на развојот на CFD-методологијата, со посебен акцент на современите тенденции

во развојот на нови и усовршувањето на постојните постапки на пресметување на струењето кај турбомашините.

Материјата на основниот текст на трудот е поделена во три глави: 1. Пресметка на струењето низ турбомашините, 2. Техника на нумеричко моделирање на работниот простор и струењето, 3. Пакет пресметки на работното коло кај хидраулична турбина.

Во првата глава, која е поделена на осум потпоглавја и опфаќа 40 страници од основниот текст, даден е општ вовед во основите на турбомашините, нивна типизација според различни критериуми, како и генерална елаборација на проблематиката на пресметување на струењето со примена на CFD-техниката. Даден е преглед на можните упростувања на физичките и математичките модели на струењето. Посебно се обработени моделите на турбуленција кои најчесто се применуваат кај струења низ турбомашините.

Во втората глава (стр. 45-93) подетално е презентирана генералната процедура при решавање на струењето со помош на CFD/FEA техниката. При тоа, авторите посветуваат посебно внимание на разработката на методот на конечни волумени, бидејќи таа нумеричка постапка наоѓа доминантна примена особено при решавањето на струењето низ турбомашините. Доста детално е обработена просторната дискретизација на генералната равенка на одржување во конзервативна форма, а помалку е кажано за постапките на временска дискретизација на равенката. Објаснети се поимите нумеричка точност, конвергенција, конзистентност и стабилност при решавањето на равенките во дискретизирана форма, како и поимите верификација и валидирање на добиеното нумеричко решение на струењето. Објаснети се применуваните алгоритми за корекција на притисокот во спрега со брзината заради задоволување на равенката на континуитетот. Прикажани се начините на имплементација на граничните услови, кои се неопходни параметри при секоја пресметка на едно струење. Авторите одлучиле да не опфатат подетална елаборација на методите на генерирање на пресметковните мрежи и методите за решавање на линеарните алгебарски равенки кои се добиваат со дискретизација на диференцијалните равенки.

Во третата глава најпрво генерално се опишани главните чекори при креирањето на модел за анализа на струјно-јакосните перформанси на хидраулична турбина со помош на CFD/FEA косимулациската техника: формирање на геометрискиот модел, дефинирање на пресметковниот домен, дискретизација на пресметковниот домен, моделирање на ротирачкото движење, управување со процесот на итерации, анализа на механичките карактеристики на работното коло. Потоа следува конкретна нумеричка симулација на хидрауличните и јакосните перформанси на прототипна Каплан турбина со зададени номинални карактеристики, за која најпрво е креиран и анализиран хомоген модел со помал номинален пречник и познати резултати од мерења кои се користени за споредба. Наведен и кратко опишан е комерцијалниот софтвер кој е користен за моделирање

на геометријата, генерирање на пресметковната мрежа и нумеричко симулирање на хидрауличките и јакосните перформанси на турбината. Дадена е детална анализа на добиените резултати од хидрауличките и јакосните пресметки.

Од претходно изнесеното јасно произлегува дека се работи за особено сложена и по својот обем широка проблематика која во овој труд е извонредно добро и концизно обработена. Од јазичен аспект, трудот е напишан на литературен македонски јазик со јасен, прецизен и разбирлив стил на изразување. По однос за кого е наменет, трудот претпоставува одредено ниво на познавање на материјата која се изучува по предметите хидраулични турбини и пресметковни методи во динамиката на флуиди (CFD), кои се предаваат на првиот и вториот циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје, така што тој претставува корисна комплементарна и надградбена литература за споменатите дисциплини. Трудот ќе биде подеднакво од корист и за оние што во практиката ја применуваат CFD- методологијата кај турбомашините.

**Заклучок и предлог**

Резимирајќи го погоре кажаното може да се заклучи дека понудениот труд од авторите доц. д-р Зоран Марков и проф. д-р Предраг Поповски претставува значаен придонес во збогатувањето на научно-стручната литература од областа во која припаѓа.

Рецензентот со големо задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, понудениот ракопис, со укажаните и од страна на авторите прифатени сугестии и корекции, да го одобри за печатење.

Рецензент

Проф. д-р Томислав Златановски с.р.

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| *1.* | Сапо Нефовски | Влијание на иновациите врз конкурентноста на претпријатијата во Република Македонија | д-р Васил Поповски |
| | | | |
| | | | |

ПРЕГЛЕД
на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за физичка култура во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Елена Соклевска - Илиевска | "Структура на карате елемонтите во спортска борба и нивното влијание врз постигнатиот успех". | Вонр. Проф. д-р. Жарко Костовски. |
| | | |
| | | |
| | | |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ – ИСТРАЖУВАЧ ВО ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКОТО ПРОЕКТИРАЊЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, на својата XIII седница одржана на 31.5.2010 година, нè одреди за членови на Рецензентската комисија за избор на соработник, помлад асистент - истражувач од областа на архитектонското проектирање на Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет. На конкурсот, објавен на 12.5.2010 година во дневните весници „Дневник" и „Коха", се пријавија двајца кандидати: Мери Батакоја, дипл.инж.арх. и Дамјан Момировски, дипл. инж. арх.

Комисијата констатира дека кандидатите ја доставиле потребната документација, согласно со конкурсот, изврши увид во неа и на Наставно-научниот совет му го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатката **Мери Батакоја** е родена на 21.12.1982 година во Скопје. На Архитектонскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 2001/2002 година, а дипломирала на истиот факултет на 27.2.2008 година, со среден успех од предметите 8,50 и среден успех од предметите од областа на архитектонското проектирање 9,13. Дипломската работа на тема „Повеќенаменски објекти на работ на градот Скопје – општина Ѓорче Петров" ја одбранила со особен успех и се стекнала со стручниот назив дипломиран инженер - архитект. Добитник е на наградата за најдобро изработена дипломска работа за 2007 година.

Пред почетокот и во текот на студиите посетувала курсеви за усовршување на ликовните техники на цртање и сликање, како и за изучување на правилата на класичниот цртеж (портрет, акт и мртва природа), во рамките на кои учествувала на неколку групни изложби. Во текот на 2005/2006 година со посебен успех го завршила курсот на тема „Клучни уметнички дела и концепти на дваесеттиот век", на TATE Modern, Лондон, Англија (Tate Online Cource for Modern and Contemporars Art – Level 2). Учесник е на Летната школа за архитектура 2006, на тема „Процес", под раководство на архитектот Хрвоје Њириќ, во тимот кој го реализирал Белведере павилјот во Крива Паланка. Во 2006 година во Студентскиот центар (SC) во Загреб, Хрватска, учествувала во работилницата „Стари простори – нови намени" под раководство на архитектите К. Рогина и В. Пенезиќ со проектот за ревитализација на Студентскиот центар, со кој партиципирала на изложбата во рамките на 41. Салон на загребската архитектура.

Во учебната 2009/2010 година кандидатката Мери Батакоја ги запишала постдипломските интердисциплинарни културолошки студии на Институтот за македонска литература, при Филолошкиот факултет „Блаже Конески", УКИМ, Скопје, на кои успешно ги завршила обврските предвидени за првите два семестра и со просечна оценка десет (10) ги одбранила следниве семинарски работи:

- **„Мемориски аспекти на Ново маало"** ***(дијахрониска анализа; популаризација на културните ресурси: од пејзажот на деструкцијата до***

***пејзажот на сонуваното)*** (предмет: Елитна и масовна култура, проф. д-р А. Прокопиев), во кој со помош на естетскиот метод на Walter Benjamin преку архитектонскиот медиум – цртежот се занимава со урбаниот потенцијал на имагинацијата и митот во дијахрониското читање на наведениот фрагмент од градот. Трудот е објавен во книгата „Елитна и масовна култура", Скопје, Феникс, 2009;

- **„Три лавиринтски приказни и нешто повеќе..."** ***(теориска анализа; опросторените архетипови на човековиот пад: Египетскиот, Критскиот и Берлинскиот лавиринт)*** (предмет: Антрополошки структури на имагинарното, проф. д-р Ј. Мојсиева Гушева), во кој се занимава со семантичката структура и составот на имагинарното, неговата променливост и мотивираност во зависност од типолошките црти на субјектот и од колективните историски и општествени сили, како фактори на критичкото разгледување и преиспитување на етичките аспекти на архитектонската историографија;

- **„Просторот кој се измолкнува мирувајќи – интегралната стварност во драмата „Човек – перница" на Martin McDonagh"** ***(Архитектура и театар: Времениот простор на актерската игра)*** (предмет: Жанрот во литературата и културата, проф. д-р Н. Аврамовска), во кој го разгледува проблемот на трансформацијата на фиксниот и врамен простор на театарската сцена со воведување на времени категории; настан, претприказна, сеќавање, метафора, атмосфера, светлост, сенка, за да го спротивстави просторното обликување на сцената на нејзиното архитектонско обликување;

- **„Македонски кризен речник"** ***(Прилог кон(тра) актуелната архитектура во Скопје)*** (предмет: Културни идентитети на Балканот, проф. д-р В. Миронска, проф. д-р Ј. Мојсиева Гушева), во кој се третираат клучните зборови (термини) од дебатата „Скопје 2014", кои го сочинуваат актуелниот кризен архитектонски речник и се проверуваат преку најблиските (по време) теоретски претпоставки од обласа на културологијата и социологијата, за во духот на современите дискурси да се пронајдат одговори на прашањата за односот помеѓу архитектурата и националниот идентитет, архитектурата и граѓаните, архитектурата и метрополата...;

- **„Јавни ритуали – кон социјалната одржливост на архитектурата"** ***(Музеите и граѓанскиот ритуал)*** (предмет: Културата во европски контекст, проф. д-р С. Стојменска Елзесер, проф. д-р А. Прокопиев), во кој фокус на интерес е продорот на социјалните вредности и ритуали во изградената форма како медиум, од светиот простор на храмот во секуларниот простор на современиот храм – музејот.

Во текот на учебната 2007/2008 година кандидатката Мери Батакоја работела како демонстратор на Архитектонскиот факултет во Скопје на предметите проектирање општествени згради I и II, а во учебната 2008/2009 година како надворешен соработник на истите предмети и на предметот теорија и архитектонско истражување. Како надворешен соработник била ангажирана и во учебната 2009/2010 година во наставата по предметот проектирање општествени згради II, како и во работата на архитектонското студио $V_2$ и $VI_2$. Во својство на хонорарен соработник – асистент во 2008/2009 година работела на „Академија Италијана" – Скопје, на предметот уметничко обликување – пејсажно обликување и опремување на јавни отворени простори, а во текот на 2008/2010 година во истото својство била ангажирана на „Американ колеџ" – Скопје, на предметот детаљ во архитектурата.

Во 2009 година, како соработник на IMG (International Management Group) работела на проектот „Реоткривање на патеката на културата" – сценарио за програмска ревитализација на Старата скопска чаршија (сценографија на театарските и музички

перформанси, дизајн на изложбените поставки и дизајн на промотивните материјали), во склоп на манифестацијата која е прогласена за еден од десетте најдобро реализирани проекти во областа на културата во 2009 година. Во соработка со д-р Антониот Џамарусти, во склоп на пилот - активностите на ИМГ за заштита и конзервација на македонското културно наследство, го реализирала проектот – студија за покривачки системи за археолошки монументи, презентиран на Семинарот за менаџирање на културното наследство во септември 2009 година во Скопје. Во склоп на активностите на ИМГ и соработката помеѓу Архитектонскиот факултет во Скопје и Музејот на Македонија, под раководство на вонр. проф. д-р Анета Христова-Поповска, учествувала во изготвувањето на Мастер планот за преадаптација на Музејот на Македонија, изложен во Националната галерија на Македонија - „Мала станица" во 2008 година и во склоп на манифестацијата „Реоткривање на патеката на културата" во 2009 година.

Од 1.2.2009 година работи во Архитектонското ателје Low Tech Architects, Скопје. Во својство на проектант – соработник учествувала во изработка на: основен проект за доградба и реновирање на Македонската амбасада, Љубљана, Словенија, идеен проект за доградба и надградба на Народната банка на Македонија, дизајн и 3Д – визуелизација на влезна партија на Клириншка куќа, Скопје. Како самостоен проектант изработила: проект за ентериер на рекреативен кат на здравствен објект, Москва, Русија, идејно решение за реконструкција на градски плоштад во Кавадарци - конкурсен проект (втора награда), идејно решение за локален плоштад вон нас. Влае, Скопје (откуп), идеен проект за административна зграда на осигурителна компанија, Скопје, Автор е на два реализирани проекта: ентериер и доградба на семејна куќа Зечевиќ, Тафталиџе, Скопје и ентериер на културен центар ЦК, Скопје (2008).

Кандидатката Мери Батакоја активно го владее англискиот јазик (писмено и усно), а од компјутерските програми ги користи: AutoCad: 2D и 3D, 3D Студио Max, Adobe Illustrator, Adobe Photoshop, Microsoft Word.

Кандидатот **Дамјан Момировски** е роден на 26.7.1984 година во Скопје. Студиите на Архитектонскиот факултет во Скопје ги започнал во учебната 2002/2003, а ги завршил на 30.1.2009 година, со среден успех од сите предмети 9,02 и среден успех од предметите од областа на архитектонското проектирање 10. Дипломската работа на тема „Железничка колонија – прототип на станбен блок" ја одбранил со особен успех и се стекнал со стручниот назив дипломиран инженер -архитект. Добитник е на наградата за најдобро дипломиран студент на Архитектонскиот факултет за учебната 2008/2009 година која ја доделува Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и на наградата за најдобра дипломска работа за учебната 2008/2009 година. Во 2006 година, како член на студентскиот тим ја добил наградата за најдобар студентски проект на годината за „Објект на Македонската филхармонија".

Бил учесник на изложбата на студентски проекти „Рачни цртежи" на БИСТА 2004 и на изложбата на БИСТА 2006 на тема „Традиционална македонска куќа – с. Витолишта". Изработил графички дизајн на промотивен материјал за НВО Х.Е.Р.А. и учествувал на конкурсот за постер на БИСТА 2008. Како претставник на Архитектонскиот факултет бил учесник на Архитектонскиот студентски конгрес на ниво на поранешните југословенски републики, во Белград 2006 година и на Архитектонскиот студентски конгрес во Загреб во 2007 година. Учествувал на Летната школа за архитектура во манастирот „Св. Јоаким Осоговски" во сесиите „Процес" (2006), под раководство на Хрвоје Њириќ и „Град за сите", под раководство на Џенгиз Бекташ (2007), како и на архитектонските работилници за ревитализација на левиот брег на

Вардар (2007), на интернационалната работилница „Cits/Identits" на Форум Скопје 2008, на работилницата „Generative Scripting" под менторство на арх. м-р Даниел да Роха (Скопје, 2009) и на интернационалната работилница „The Aftershock of the Postmodernicm" на Форум Скопје 2009. Учесник е во тимот кој ја подготвил изложбата „Македонска современа архитектура – реоткриена, Скопје" (2008), која е претставена и на 23. Светски конгрес на архитектурата во Торино.

Во текот на учебната 2008/2009 и 2009/2010 кандидатот Дамјан Момировски учествувал како надворешен соработник на предметите проектирање општествени згради I и II. Како соработник, за потребите на Министерството за образование на Република Македонија и на Заводот за заштита на спомениците на културата на град Скопје учествувал во изготвување на проектна документација, а за „Македонија-проект" учествувал во изработка на изведбениот проект за Клиничкиот центар во Скопје. Како член на тим учествувал на конкурсот за изработка на идејно урбанистичко-архитеконско решение за санација, конзервација, реставрација и реконструкција на Хавзипашините конаци во с. Бардовци, за кој има добиено откуп. Освен во доменот на архитектурата, кандидатот Дамјан Момировски пројавува особен интерес за стрипот и фотографијата, кој може да се проследи од бројните активности кои ги реализирал како автор, тутор и координатор на изложби на фотографии, фотографски работилници и стрип работилници одржани во Народната техника и Националната галерија, Мултимедијален центар „Мала станица" - Скопје.

Од странските јазици, активно (писмено и усно) го владее англискиот јазик (upper intermediate level) и се служи со германскиот, а од компјутерските програми ги владее: AutoCAD 2D – 3D, ArchiCad, SketchUP, B Pas, Corel Draw, Adobe Photoshop, Adobe InDesign, Adobe Illustrator, MC office и Cons Vegas.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесеното, Комисијата констатира дека, од двајцата пријавени кандидати кои ги исполнуваат условите на конкурсот за избор на соработник – помлад асистент - истражувач, кандидатката Мери Батакоја, дипл.инж.арх., има значително поголем по обем и квалитет професионален курикулум, како и поголемо научноистражувачко искуство и реализирани научноистражувачки трудови во областа на архитектонската теорија и проектирање. Ваквата констатација Комисијата ја поткрепува со следниве референци:

- високиот просечен успех кој кандидатката го постигнала на додипломските и досегашните постдипломски студии;
- насоченоста на нејзиниот интерес и покажаниот потенцијал за развивање на истражувачкиот дискурс кон граничните, интердисциплинарни подрачја на архитектонската теорија;
- искуството на кандидатката во работата на значајни меѓународни проекти од различен домен и карактер на архитектонската експертиза;
- практичното професионално проектантско искуство и квалитетниот пристап во архитектонското проектирање потврден со повеќе награди и признанија;
- педагошкото искуство и талент за пренесување на знаењата на студентите;
- континуираниот ангажман и покажаниот интерес за учество на манифестации, работилници и следење на актуелните иновации во архитектурата;

- комуникативноста, позитивната, креативна енергија и изразеното чувство за тимска работа, искрената посветеност кон работата и соработниците, што ја прави посакуван соработник и пред најтешките предизвици во професијата.

Врз основа на изнесеното, Комисијата цени дека кандидатката Мери Батакоја, дипл.инж.арх., со досегашните резултати манифестира сигнификантен потенцијал за научноистражувачка и професионална работа и поседува квалитети кои гарантираат нејзино понатамошно академско и професионално напредување.

Од тие причини, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет, врз основа на Законот за научноистражувачка дејност, да ја избере Мери Батакоја, дипл.инж.арх., за помлад асистент - истражувач во областа на архитектонското проектирање при Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј во Скопје".

Рецензентска комисија

Вонр. проф.д-р Анета Христова-Поповска – претседател, с.р.
Проф. д-р Тихомир Стојков – член, с.р.
Вонр. проф. м-р Митко Хаџи-Пуља – член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "МЕХАНИЗМИ НА ХИПЕРАКТИВНОСТ ИНДУЦИРАНИ СО ВОЗДУШНА ХИПЕРОКСИЈА ВО БЕЛОДРОБНИОТ ПАРЕНХИМ КАЈ НЕОНАТАЛНИ СТАОРЦИ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р РАМАДАН СОПИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на состанокот одржан на 27.5.2010 година, нѐ предложи за РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА за оцена на изработената докторска дисертација под наслов: **МЕХАНИЗМИ НА ХИПЕРАКТИВНОСТ ИНДУЦИРАНИ СО ВОЗДУШНА ХИПЕРОКСИЈА ВО БЕЛОДРОБНИОТ ПАРЕНХИМ КАЈ НЕОНАТАЛНИ СТАОРЦИ,** поднесена од кандидатот Рамадан Сопи, магистер по експериментална медицина, вработен како асистент на Универзитетот во Приштина.

Комисијата во состав: д-р Митко Младенов, доцент на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Сузана Диневска-Ќовкаровска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Мухарем Јакупи, редовен професор на Медицинскиот факултет во Приштина и д-р Јорданка Димовска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје во пензија, го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов: **МЕХАНИЗМИ НА ХИПЕРАКТИВНОСТ ИНДУЦИРАНИ СО ВОЗДУШНА ХИПЕРОКСИЈА ВО БЕЛОДРОБНИОТ ПАРЕНХИМ КАЈ НЕОНАТАЛНИ СТАОРЦИ,** поднесена од кандидатот Рамадан Сопи, магистер по експериментална медицина, ги содржи сите предвидени поглавја и при тоа:

Во **ВОВЕДОТ,** кандидатот констатира дека зголемената реактивност на дишните патишта во детството е една од најчестите хронични манифестации на неонаталните белодробни оштетувања, при што таа е типична кога станува збор за бронхопулмонарна дисплазија (Pelkonen et al., 1997). Имено, прекумерната контракција на мазните мускули во дишните патишта може да биде последица на нарушената релаксација на контрактилните елементи распоредени во големите дишни патишта или белодробниот паренхим (Iben et al., 2006; Mhanna et al., 2004). Според досегашните истражувања, ендогениот азотен оксид (NO) ја спречува ексцитаторно холинергичната стимулација на контрактилните елементи во дишните патишта кај млади морски прасиња изложени на воздух (Khassawneh et al., 2002). Понатаму, кандидатот посочува дека во in vivo услови, потенцијацијата на белодробниот резистентен одговор со вагална стимулација и блокада на NO - синтетазата (NOS) кај млади нормоксични стаорци е стопирана кај хипероксичните животни (Iben et al., 2000). Според кандидатот, овие

откритија упатуваат на модулаторниот ефект на NO врз контрактилните елементи во екстрапулмонарните или интрапулмонарните дишни патишта кои можат да се изгубат по хипероксијата. При тоа, знаејќи дека NO се произведува од L-аргининот преку NOS, достапноста на L-аргининот може да игра клучна улога во продукцијата на NO и неговите ефекти врз функцијата на белите дробови (Murat, 2006). Од друга страна, L-аргинин хомеостазата е инволвирана во регулацијата на функцијата на дишните патишта, особено достапноста на оваа аминокиселина за NOS ја определува продукцијата на ендогениот NO-бронходилататор (Riccardolo et al., 2004). Притоа, кандидатот наведува дека експресијата на следниве три NOS - изозими е потврдена во дишните патишта: конститутивната NOS (cNOS), која може да биде нервна (nNOS), ендотелна NOS (eNOS) изоформа и индуцибилна NOS - изоформа (iNOS) (Ricciardolo et al., 2004). cNOS произведува NO со механизми кои го инволвираат калиумот и се вклучени во релаксацијата на мазните мускули во дишните патишта. Имено, NO ја активира растворливата гванилил циклаза и ја интензивира продукцијата на cGMP. Притоа, cGMP ја активира протеин киназата G, која посредува во релаксацијата на мазните мускули од дишните патишта преку намалување на концентрацијата на интрацелуларниот калциум (Ricciardolo et al., 2004). Од друга страна, L-аргининот е исто така супстрат за аргиназата и дава L-орнитин и уреа, при што достапноста на NOS може да биде регулирана со супстратна компетиција помеѓу NOS и аргиназата. Според литературни податоци наведени од кандидатот, досега се идентификувани две различни аргиназни изозими: аргиназа I и II, кои се кодирани од различни гени (Marsingh et al., 2008). Аргиназа I е цитосолен ензим и е предоминантна изоформа во црниот дроб. Аргиназа II е митохондријален ензим и главно се експресира во екстрахепатичното ткиво, но ниски нивоа на овој ензим се откриени исто така и во црниот дроб (Jenkinson et al., 1996; By et al., 1998). Во дишните патишта, двете аргинази I и II се конститутивни ензими експресирани во бронхијалните епителни клетки, фибробластите и алвеоларните макрофаги (Klasen et al., 2001; Lindeman et al., 2003; Que et al., 1998), додека аргиназата II е експресирана во паренхимските епителни клетки (Que et al., 1998). Во поранешни истражувања наведени од кандидатот докажано е дека и двете изоформи на аргиназа можат да бидат експресирани во мазните мускулни клетки на дишните патишта (Bergeron et al., 2007; Zuyderduyn et al., 2006). Бидејќи прекурсорот за синтеза на NO, L-аргининот е заеднички супстрат за двете, NOS и аргиназата, кандидатот претпоставува дека зголемената активност на аргиназата може да ја намали продуктивноста на NO (Buga et al., 1996). Имајќи предвид дека ефектите од хипероксија во интрапулмонарните дишни патишта се нејасни, хипотезата на кандидатот е дека хипероксијата ја зголемува контракцијата и ја намалува релаксацијата на мазните мускулни клетки од дишните патишта. При тоа, кандидатот претпоставува дека со зголемувањето на супстратот за NOS или инхибицијата на аргиназата ќе се надмине зголемената контрактилност на паренхимското ткиво на белите дробови предизвикана со хипероксија.

**ЦЕЛТА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** е добро дефинирана, со добро поставени целни задачи, кои можат да се групираат во пет дела. Прво, утврдено е дали хипероксијата ја зголемува контрактилноста на белодробните паренхимски ленти, а ја намалува нејзината релаксација. Како второ, кандидатот го испитува ефектот на хипероксијата врз NO - продукцијата преку мерење на cGMP. Како трета цел е

испитувано дали ин витро и ин виво суплементацијата со L-аргинин ги спречува последиците предизвикани со хипероксија на мазните мускули во белодробниот паренхим. Како четврто, испитано е дали хипероксијата влијае на активноста на аргиназата, на промените на самиот протеин како и на mRNA - експресијата. И како петто, кандидатот испитал дали инхибицијата на аргиназата го намалува хипероксично-зголемениот контрактилен одговор.

Во поглавјето **МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ НА РАБОТА**, опишани се експерименталните услови и методите кои се користени за следење на предвидените параметри. Комисијата е на мислење дека се користени современи методи за реализација на предвидените испитувања.
Оваа студија е целосно експериментална и експериментите се изведени кај (Sprague-Dawley) млади стаорци. Сите групи на животни, на првиот ден од животот биле изложени на 100% $O_2$ (тешка хипероксија), 50 % $O_2$ (умерена хипероксија) или воздух (како контрола) во период од 7 дена. Хипероксичните групи биле сместени заедно со своите мајки во плексиглас комори и изложени на постојан проток на $O_2$ (2 l/min) во тек на 7 дена. Мајките биле ротирани секој ден меѓу групите експонирани на воздух и хипероксичните групи со цел да се заштитат од постојана изложеност на хипероксија. Концентрацијата на кислород е следена континуирано со помош на кислороден анализатор. Животните од секоја група биле жртвувани на седмиот ден. Белите дробови биле изолирани и ставани во мраз студен оксигениран Krebs-Hensleit (KH) раствор (со концентрација во милимоли: 118.2 NaCl, 25 $NaHCO_3$, 4.6 KCl, 1.2 $KH_2PO_4$, 1.2 $MgSO_4$, 2.5 $CaCl_2$ и 10 декстроза, со pH 7,4). Белодробните паренхимски ленти со 1 mm дебелина биле подготвувани со секција на левото белодробно крило од секое животно. Потоа тие биле пренесувани во 20 ml бањи и континуирано биле оксигенирани со мешавина на гас (95% $O_2$ и 5% $CO_2$) на 37 °C. Според протоколот на работа, експерименталните животни биле поделени во шест група. Кај првата група на животни е студиран ефектот на хипероксијата при EFS (стимулација со електрично поле) индуцираните контракциски и релаксациски одговори на белодробниот паренхим од дишните патишта. Белодробните паренхимални ленти биле монтирани во водено купатило при што електричната стимулација (EFS) била аплицирана преку платински електроди на различни напони (2-20 V, AC на 60 Hz) за 10 секунди, во интервали од 2 минути со цел да се индуцира контракција. Со цел да се испита ефектот на хипероксијата на EFS-индуцираниот релаксациски одговор била извршена преконстрикција со bethanechol во концентрација од $10^{-4}$ M (оптимална концентрација за да се добие 50-75% од максималната контракција). EFS потоа била аплицирана при различни напони (5-50 V, AC на 60 Hz) по 10 секунди кај 2-минутните интервали за да се индуцира релаксација. Релаксацијата на лентите по EFS - стимулацијата е изразена како процент од вкупната преконстрикциска состојба за секоја лента во однос на возраста кај групите експонирани на воздух и хипероксичните групи. Втората група животни се користени за да се испита дали хипероксијата ја менува активноста на NOS или достапноста на супстратот. За таа цел ткивата биле инкубирани во NOS - инхибитор - Nω-нитро- L-аргинин метил естер (L-NAME) 30 мин. По 30 минути инкубација, bethanechol-от бил додаден за да настане преконтракција на белодробните паренхимски ленти, а потоа била аплицирана EFS, со цел да се

индуцира релаксација. Во одделни препарати на ткивото било студирано дали in vitro суплементацијата со L-аргинин (NOS супстрат) ги поправа ефектите предизвикани со хипероксијата.
Третата група на животни биле користени за да се испита дали хипероксијата ја менува активноста на аргиназата. Овој сет на експерименти е извршен со инкубација на ткивата во аргиназа - инхибитор -N-ώ-хидрокси-нитро-L-аргинин за 30 мин, а потоа е аплицирана EFS со цел да се индуцира контракција.
Четвртата група животни биле третирани *ин виво* со L-аргинин со интрепаеритонеална (i.p) инекција, седум дена за време на хипероксијата или експозицијата на воздух. Потоа, во *ин витро* услови биле испитувани ефектите на *ин виво* L-аргининската суплементација, врз EFS-индуцираната контракција.
Петтата група животни се користени за проучување на ефектот на *ин виво* инхибиција на активноста на аргиназата во дишните патишта при хипероксично индуцирана хипереактивност. За таа цел на животните им бил даден аргиназа инхибитор, nor-NOHA, преку дневни i.p инекции за време на изложеноста на хипероксија или воздух. Шестата група животни се користени за испитување на ефектите на хипероксијата врз експресијата на изоформните аргиназни протеини, аргиназните mRNA - изоформи, како и мерење на аргиназната активност и количината на cGMP. Експресијата на протеините е одредувана користејќи Western blot техника како и имунохистохемиски методи. Експресијата на mRNA е утврдена со (RT-PCR)-Reverse transcriptase Polimerase Chain rection. Аргиназната активност е мерена со Jankinson - метод со помош на спектрофотометар, додека cGMP е одредуван со помош на ELISA - метода.

Во поглавјата **РЕЗУЛТАТИ и ДИСКУСИЈА**, кандидатот објаснува дека во текот на ова истражување добил значителни резултати кои ќе помогнат да се расветлат ефектите од хипероксијата. Имено, кандидатот потврдува дека хипероксијата доведува до подобрување на контрактилниот одговор на белодробниот паренхим споредено со нормоксичните животни. Понатаму, хипероксијата ја нарушува релаксацијата на белодробниот паренхим во споредба со животните кои се изложени на нормална концентрација на воздух. Ваквото нарушување на релаксирањето настанува преку прекин на NO-cGMP сигнализацијата како последица на порастот на достапноста на L-аргининот за NOS. При тоа, кандидатот е на мислење дека нивото на cGMP е поголемо во белодробното ткиво на хипероксичните животни поради порастот во синтезата на NO, при што нивото се враќа во нормална состојба при суплементација со L-аргинин.
Во однос на релацијата помеѓу хипероксијата и аргиназата, кандидатот е на мислење дека хипероксијата ја зголемува активноста на аргиназата во белодробниот паренхим. Во контекст на последново, може да се заклучи дека суплементацијата со L-аргинин или - аргиназа инхибитор во белите дробови штити од хипероксично индуцираниот пораст на контрактилниот одговор во дисталните дишни патишта. Имунохистохемиските анализи покажуваат дека хипероксијата ја регулира функцијата на протеинот аргиназа и mRNA во белодробното ткиво. Последново е потврдено се резултатите кои покажуваат дека протеинот аргиназа I има зголемена експресија во епителното ткиво на белодробните патишта, додека, пак, експресијата на протеинот аргиназа II е подеднаква во сите делови на белодробниот паренхим.

Од приложените испитувања се забележува дека зголемената контрактилност на белодробните паренхимски ленти е асоцирана со намалена релаксација кај стаорчињата изложени на хипероксија, којашто влијае на рамнотежата помеѓу контрактилноста и релаксативноста на интрапулмонарниот АСМ. Кандидатот исто така адресира значајна редукција на релаксацијата на белодробниот паренхим кај неонатални стаорчиња изложени на хипероксија (Сл. 9 и 10). При тоа, тој укажува дека ендогениот NO има важна улога во физиолошката регулација на функцијата на дишните патишта и неговото отсуство има влијание во патогенезата на болеста на дишните патишта која се карактеризира со хиперреактивност како што е бронхијалната астма (Barnes, 1995). Инхибицијата на NOS - активноста преку L-NAME го редуцира релаксирачкиот одговор на EFS-индуцираниот белодробен паренхим кај стаорци изложени на собен воздух (Сл. 11А), но не го променува релаксирачкиот одговор на белодробниот паренхим изложен на хипероксија (Сл. 11Б), што укажува дека NO е вклучен во релаксацијата кај EFS - индуцираниот релаксирачки одговор, кој кај хипероксичните животни е компромитиран.

Понатаму за да се докаже дали хипероксично исцрпениот L-аргинин учествува во редукција на релаксацијата на белодробните паренхимски ленти, кандидатот внесува егзоген L-аргинин во белодробните паренхимски ленти во специјални водени бањи или, пак, го додава дневно кај стаорци во доза од 300 mg/kg во текот на експонирањето на хипероксија или нормоксија. При тоа забележува дека доаѓа до воспоставување на изгубената релаксација на EFS - преконстрихираните белодробни паренхимски ленти кај животните експонирани на хипероксија (Сл. 13 и 14). Кај животните на собни услови, егзогениот L-аргинин нема никаков ефект (Сл. 13А). Според кандидатот, овие податоци укажуваат дека L-аргининот се исцрпува од ткивата во текот на хипероксијата станувајќи со тоа ограничувачки фактор за NO - продукцијата при овие услови. Ова е во корелација со претходните податоци за хомозиготен трансмембрански спроведувачки регулатор кај цистична фиброза, каде што е демонстрирано дека релаксацијата на изолираната трахеа може да биде променета со суплементација со L-аргининот (Mhanna et al. 2001). Во клинички студии, додадениот L-аргинин кај астматични деца ја зголемува продукцијата на дисталниот NO, и овие студии во целост се во согласност со презентираните податоци од страна на кандидатот, покажувајќи дека надворешното додавање на L-аргинин го зголемува продуцирањето на NO, воспоставувајќи релаксација на белодробните паренхимски ленти кај хипероксичните животни (Abuzayan, 2010).

Врз основа на добиените резултати, кандидатот очекува дека суплементацијата со L-аргинин или инхибицијата на активноста на аргиназата да ја обнови NO-cGMP сигнализацијата, може да овозможи алтернативен терапевтски приод во санирањето на последиците од хипероксијата, кој би се должел на инхалација со егзоген NO.

Во поглавјето **ЛИТЕРАТУРА**, кандидатот наведува 232 референци кои се однесуваат само на оваа проблематика. Бројот на цитираните референци само ја потврдува темелноста во истражувањето и целисходноста во приодот на поставените проблеми. Овој податок, од друга страна, ја потврдува и актуелноста на проблемот и потребата од понатамошни истражувања во наведената област.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставениот материјал од кандидатот, Комисијата едногласно заклучи дека изработената докторска дисертација под наслов **МЕХАНИЗМИ НА ХИПЕРАКТИВНОСТ ИНДУЦИРАНИ СО ВОЗДУШНА ХИПЕРОКСИЈА ВО БЕЛОДРОБНИОТ ПАРЕНХИМ КАЈ НЕОНАТАЛНИ СТАОРЦИ,** доставена од м-р Рамадан Сопи, претставува самостојна работа која дава оригинални податоци и објаснување за влијанието на хипероксијата врз белодробниот паренхим кај новородени стаорчиња.

Во литературниот преглед на докторската дисертација се изнесени релевантни податоци за темата и се дава солидно образложение на поставените цели.

Предвидените задачи се добро дефинирани, експерименталните услови и групи во истражувањата се прецизно дадени, параметрите се правилно одбрани и соодветни на поставените цели и задачи, а добиените резултати нудат задоволителен одговор на поставените цели.

Комисијата со задоволство му предлага на Стручниот колегиум на Институтот за биологија и на Наставно-научниот совет на ПМФ, да ја прифати изработената докторска дисертација и да се спроведе понатамошната постапка за нејзина одбрана.

**Рецензентска комисија**

Д-р Митко Младенов, доцент
на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с. р.

Д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор
на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с. р.

Д-р Мухарем Јакупи, редовен професор
на Медицинскиот факултет во Приштина, с. р.

Д-р Сузана Диневска-Ќофкаровска, редовен професор
на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с. р.

Д-р Јорданка Димовска, редовен професор
на Природно-математичкиот факултет во Скопје, во пензија, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03 - 325/
30 - 5 2005 год.
СКОПЈЕ

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТЦИЈА „ПРАВНИОТ СТАТУС НА ВРАБОТЕНТИЕ ВО ЈАВНИТЕ СЛУЖБИ" ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р МАРИЈА ПЕШЕВА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на седницата одржана на 24.3.2010 година, со одлука број 02-270/23 формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Марија Пешева под наслов „Правниот статус на вработените во јавните служби", во состав: д-р Тито Беличанец, редовен професор – член, д-р Гзиме Старова, редовен професор - член, д-р Борче Давитковски, редовен професор – ментор, д-р Тодор Каламатиев, редовен професор - член и д-р д-р Ана Павловска-Данева, вонреден професор - член.

Комисијата со внимание ја прочита и ја оцени докторската дисертација на кандидатката, и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Содржина на трудот

Докторскиот труд „Правниот статус на вработените во јавните служби" содржи вовед, пет дела и заклучни констатации разработени на 286 страници текст и 684 фусноти, при што се користени 78 странски библиографски извори, 13 домашни библиографски извори, 8 меѓународни прописи, 11 прописи од правото на Европската унија и 18 случаи од Европскиот суд на правдата и 51 домашен пропис.

Воведот ги содржи предметот и целите на истражувањето, методолошкиот пристап што е користен при неговата изработка, како и објаснување за општествената оправданост за изработка на трудот.

Предметот на истражување на докторската дисертација се фокусира на правниот статус на вработените во јавните служби и влијанието на секторот на јавните служби врз развојот на правото. При тоа, акцентот е даден на влијанието на овој сектор врз развојот на јавното (административното) и трудовото право.

Основната хипотеза од која тргнува кандидатката во проучувањето на правниот статус на вработените во јавните служби е дека секторот на јавните служби треба да се раздвои, од една страна, од целосно јавниот, односно државниот сектор, и од друга страна, од целосно приватниот сектор. При тоа, нагласува дека во него актуелни се идеите во однос на практицирањето и исполнувањето на концептот на граѓанство, особено на начинот на кој тој влијае врз развојот на државниот и приватниот сектор, како и на развојот на јавното и трудовото право. Последователно, според

кандидатката се отвора дебатата дали развојот на секторот на јавните служби не значи и развој на ново право или нов сегмент во правото преку кој се извлекува идејата за граѓанин на државата на благосостојба.

Крајната цел на анализата е да се одговори на отворената дебата за развој на нов, трет, сектор на јавни служби, чии права и обврски се дефинираат согласно со карактеристиките на овој сектор како компромис помеѓу јавниот и приватниот сектор, односно сектор кој може да се дефинира како јавен во смисла што државата ја има ултимативната одговорност за обезбедување на услугите, кои не се секогаш дадени од страна на државата директно, туку од институции кои се посредници помеѓу пазарот и државата.

Во **првиот дел** насловен како „Поимот на јавна служба“, кандидатката го разработува поимот на јавната служба во десет глави, вклучително и заклучок.

Во првата глава од овој дел кандидатката посочува повеќе дефиниции на поимот, изложувајќи го дуалистичкиот пристап во дефинирањето на јавните служби, односно материјалниот и институционалниот поим на јавните служби. Исто така, во првата глава кандидатката се задржува и на дефинирање на поимот јавен интерес и неговото остварување преку јавните служби.

Во втората глава кандидатката го обработува историскиот развој на јавните служби, при што се задржува на двете главни традиции: англосаксонската наспроти традицијата во континентална Европа. При тоа, кандидатката ја нагласува различната димензија во развојот на јавните служби во овие две традиции, кои поаѓаат од различностите во нивните правни архитектури. Кандидатката со право констатира дека ваквиот начин на развој на јавните служби влијае и врз статусот на вработените во тие служби, кои во различни фази од развојот на јавните служби биле различно третирани од страна на законодавството. Сето ова се одразува и врз нивниот статус денес.

Во третата глава кандидатката накратко се осврнува на различните концепти на јавните служби, кои се поврзани со нивниот историски развој: плуралистичкиот, концептот на индустриски односи, неолибералниот концепт, новиот институционализам и регулативниот концепт.

Во четвртата глава кандидатката ги разработува принципите на јавните служби, кои според неа се клучни во дефинирањето на улогата на државата во регулирањето на јавните служби преку механизмите на јавното (административното) и трудовото право. Кандидатката ги истакнува традиционалните принципи на еднаквост, континуираност и адаптабилност на јавните служби, дополнети со принципите на универзалност, квалитетна услуга, ценовна достапност и заштита на корисниците и потрошувачите, чија промоција е особено евидентна во законодавството на Европската унија. Во петтата глава, кандидатката ги анализира видовите јавни служби, а во шестата глава се задржува посебно на јавните претпријатија како носители на јавните служби.

Во последните три глави од првиот дел кандидатката се осврнува на процесите на приватизација на јавните служби, кои се од голема актуелност и во континентална Европа и во Велика Британија, како и во Република Македонија. Во последната глава од првиот дел кандидатката во кратки заклучоци дава сублимиран осврт врз развојот на јавните служби и главните особености на јавните служби и фазите на нивниот развој кои влијаат и врз определувањето на статусот на вработените во јавните служби.

Во **вториот дел** насловен како „Јавните служби низ практиката" кандидатката се задржува на поимот на јавната служба во Европската унија и нејзините земји-членки, како и во Република Македонија. Содржината е поделена на три глави, вклучително и заклучок.

Кандидатката истакнува дека во Европската унија, секторот на услуги од општ економски интерес е пандан на поимот јавни служби.

Во дефинирањето на секторот на услуги од општ економски интерес во Европската унија, кандидатката ги анализира документите издадени од Европската комисија и релевантите правни акти, како и одлуките на Европскиот суд на правдата. При тоа, кандидатката го става акцентот на потврдата на Европската унија на значењето на признавањето и постоењето на лесно пристапни, ценовно достапни и високо квалитетни услуги од општ интерес за квалитетот на животот на граѓаните на Европската унија, како и за условите за работа и конкурентноста на европските претпријатија и постоењето на широк консензус во рамките на Унијата за постоењето на овие услуги. Понатаму, кандидатката се осврнува на оправданоста на постоењето на секторот на услугите од општ економски интерес во Европската унија. Понатаму, во текстот, кандидатката се осврнува на теоретските премиси од различни автори кои ги дефинираат причините за постоење на овој сектор, како на ниво на Европската унија, така и на ниво на поединечните земји-членки, како и на улогите на Унијата и земјите-членки во однос на услугите од општ интерес.

Во втората глава кандидатката го дефинира поимот на јавна служба во Република Македонија. Во таа смисла, кандидатката со право констатира дека овој поим во Република Македонија е уставна категорија, иако тој се дефинира со законската материја, при што истакнува дека законодавецот ја прифатил поделбата на административни (нестопански) и стопански јавни служби, при што законските термини кои се користат се јавни услуги од јавен интерес и дејности од јавен интерес. Понатаму, во текстот кандидатката ги разработува условите за развојот на јавните служби и нивниот правен режим во Република Македонија, како и поединечните законски акти со кои овие служби се регулираат.

Во третата глава, кандидатката преку заклучоци го сублимира материјалот кој го обработува и анализира во вториот дел од трудот. Во заклучоците, особено во делот кој се однесува на јавните служби во Република Македонија истакнува дека и во Република Македонија се присутни светски докажаните трендови на маркетизација на јавните служби што се огледа преку процесите на приватизација, либерализација,

комерцијализација и демонополизација на јавните служби во последните дваесет години.

Во третиот, четвртиот и петтиот дел од трудот кандидатката ја разработува хипотезата во однос на влијанието на развојот на јавните служби врз развојот на нов, трет, сектор во општеството и како тоа влијае врз положбата на вработените во нив.

Во **третиот дел** под наслов „Јавните служби во правниот и општествениот систем: развој на нов, трет, централен сектор", кандидатката ја разработува хипотезата за развојот на јавните служби како нов сектор во општеството, кој се јавува помеѓу приватниот и чисто јавниот сектор. Кандидатката нагласува дека една од позначајните карактеристики на јавните служби е што нивното постоење го предизвикува постоењето на класичната дихотомија, т.е. биполарност во правната наука на јавно и приватно право и дека се смета оти со појавата и развојот на јавните служби се појавува нов, трет, централен сектор. Во посебна глава кандидатката го анализира односот на јавните служби и пазарот, каде што е актуелна дебатата за јавните служби како компромис помеѓу ефикасноста на одредени сектори на пазарот и ефикасноста на општеството.

Во втората глава од третиот дел кандидатката посебно ја обработува положбата на јавните служби во системот на јавното право. Оваа анализа ја заснова врз споредбата помеѓу односите поединец-држава и поединец–јавна служба.

Во третата глава кандидатката го анализира односот на јавната политика спрема јавните служби, односно ја анализира теоријата на Ле Гранд во однос на мотивацијата и агенцијата во дефинирањето на јавната политика, а со тоа и нивното влијание врз развојот на јавните служби во едно општество. Во таа смисла, таа ги наведува различните видови општества во кои, според степенот на агенција и мотивација, јавните служби се јавуваат во различни форми: неолиберализмот, социјалдемократијата и новите тенденции кон т.н. третиот пат, односно пазарниот социјализам.

Во четвртата, последна глава од овој дел, кандидатката изнесува заклучоци во однос на положбата на јавните служби во општеството. Во таа насока, кандидатката заклучува дека постоењето на јавните служби во општеството го предизвикува постоењето на класичната дихотомија, односно биполарност во правната наука на јавно и приватно право.

Во **четвртиот дел** под наслов „Правниот режим на вработените во јавните служби", кандидатката во пет глави го анализира статусот на вработените во јавните служби. Во таа смисла ги анализира споредбено искуствата на реформите во јавните служби и работно-правниот однос во земјите-членки на Европската унија, како и во Република Македонија. Овој нов вид на трудовоправни односи (ќе) претставува „идеална" комбинација меѓу трудовоправниот однос во приватниот сектор, кој се карактеризира со ефикасност, економичност и рационалност, и карактеристиките на трудово-правниот однос во јавниот сектор детерминирани од целта, т.е. заштитата

на јавниот интерес. Оваа дилема се однесува за сите видови на јавни служби без оглед на нивниот карактер или сопственост.

Анализата на правната положба на вработените во јавните служби е поврзана со реформите низ кои поминуваат тие, а кои можат да се сретнат во неколку облици: трансформација, модернизација и инерција. Трансформацијата се однесува на намерен и интензивен обид за промена на основните организациони принципи во јавниот сектор. Модернизацијата е поумерена категорија на реформа во јавниот сектор, каде што континуитетот е значаен. Инерцијата се стреми кон зачувување на основните принципи на јавниот сектор, иако не значи и целосно стагнирање (постојат одредени промени кон подобрување на работењето на јавниот сектор).

Во петтата глава од овој дел кандидатката ја анализира положбата на вработените во јавните служби во Република Македонија. При тоа, ја зема предвид постојната положба на јавните служби во државата, односно нивната поделба на стопански и нестопански јавни служби и законските одредби со кои тие се регулираат. Во Република Македонија, состојбата во однос на положбата на вработените во јавните служби е следна: во делот на стопанските јавни служби, кои поминуваат низ процес на трансформација и приватизација со цел за нивно модернизирање, трудово-правниот однос на вработените се регулира со Законот за работните односи и со посебните закони како *lex specialis*. Ова се однесува како на јавните претпријатија кои нудат одредена јавна служба, така и на приватизираните јавни служби. Во текот на овој процес на трансформација не доаѓа до задржување на (какви било) привилегии на вработените. Во однос на нестопанските јавни служби, трудовоправниот однос се регулира со Законот за работните односи и со посебните закони како *lex specialis*. Понатаму кандидатката заклучува дека во овој дел, со оглед на дејностите кои се застапени во нестопанските јавни служби, постои една нерешена состојба во однос на вработените во буџетските јавни служби, како што се образованието, здравството, културата. Тоа се должи на фактот што во Република Македонија, тековната правна регулатива се однесува исклучиво на јавната администрација во потесна смисла на зборот, односно државната администрација.

Во останатиот дел кандидатката ги издвојува посебностите во работниот однос на вработените во јавните служби преку кој се остварува заштитата на јавниот интерес. На крајот од овој дел, кандидатката се задржува и на статусот на вработените во регулаторните тела, кои играат значајна улога во одржувањето на еквилибриумот на јавните служби во општеството.

Во **петтиот**, последен **дел** од трудот под наслов „Влијанието на јавните служби врз развојот на трудовото право", кандидатката врши анализа на реформите кои се случуваат во рамките на трудовото право како одраз на состојбите во јавните служби. Имено, преку претходно извршената анализа на поимот на јавната служба и нејзиното значење во општеството, како и во однос на положбата на вработените во јавните служби, кандидатката ја поткрепува хипотезата за постоење на значајна тенденција за развој на нов вид на трудово право кое (ќе) еволуира во рамките на и од

секторот на јавните служби. Оваа нова димензија на трудовото право ќе ѝ овозможи на оваа правна гранка да ги надмине границите на работодавачот и да се соочи со граѓанството однадвор, при тоа имајќи го предвид концептот на пазарно граѓанство. Со тоа, работниците и работодавачите како главни актери во однос на воспоставувањето на условите за работење во рамките на јавните служби треба да ја имаат предвид и димензијата на граѓанинот-потрошувач и консумент на овие услуги. Во новиот сегмент од трудовото право, интересот на граѓанинот-потрошувач станува дел од централниот процес на балансирање на интересите, понекогаш во директен (теоретски и/или практичен) судир со интересите на работниците, особено во секторот на јавните служби. Главната улога во (ре)дефинирањето на трудовото право во третиот сектор и воопшто *vis-à-vis* новиот концепт на социјално граѓанство, кое преминува и во пазарно, треба да ја имаат организациите на работодавачите и на работниците, при што треба да ја имаат предвид специфичноста на третиот сектор. Особено е важно при дефинирањето на положбата на вработените во јавните служби да се направи граница помеѓу граѓаните во својство на потрошувачи и граѓаните во својство на вработени во јавните служби. Првите имаат право да бараат пристап до квалитетни, постојани, универзални и ценовно достапни јавни служби, со висок степен на заштита на нивните права и интереси како потрошувачи, а вторите се должни тоа да го обезбедат. Оттука, договорите за вработување играат важна улога кои, иако претставуваат средство на регулирање на заемните права на работникот и работодавачот, односно две однапред одредени страни, сепак тие се гледаат како средство за зацврстување на политиката на остварување на новиот концепт на социјално државјанство. Потрошувачите бараат нов статус, а трудовото право мора да се реформира на начин кој ќе ги задоволи тие потреби на потрошувачите. Споровите од работен однос, работната дисциплина, работните часови, висината на платата и сите други прашања од работниот однос не смеат да имаат (негативно) влијание врз квалитетот на услугата. Тие мора да се во согласност со добросостојбата на граѓаните-потрошувачи. Трудовото право треба да понуди механизми за овозможување висок квалитет на услугите преку определување на висината на платата со резултатите од работата, постојано подобрување на знаењето и вештините на вработените преку тренинзи и обуки и воспоставување на ефикасен систем на управување со човековите ресурси. Понатаму, во трудот, кандидатката врши анализа на влијанието на функционалниот пристап во дефинирањето на јавните служби врз правниот статус на вработените во нив, односно улогата на јавните служби што ја остваруваат во општеството, која се изразува најмногу преку вработените во нив и ги посочува т.н. седумте принципи на јавниот живот како основа на дефинирањето на положбата на вработените. Понатаму, се задржува на анализа на карактеристиките на вработувањето и управувањето во јавните служби пред сè како дел од јавниот сектор.

Во **заклучните констатации** кандидатката ги дава своите финални согледувања, оцени и препораки. Основен заклучок од кој понатаму ги црпи своите препораки и оцени е дека јавните служби се издвојуваат како

посебен сектор во општеството и како такви ја разнишуваат поделбата на јавното и приватното право. Ова има свое влијание и врз јавното и трудовото право, вклучително и врз положбата на вработените во нив. Ова произлегува и од есенцијалната карактеристика на јавните служби да бидат достапни до широката јавност под еднакви услови и во секое време, што го оправдува постоењето на дистинктивни карактеристики на работниот однос на вработените во нив. Тие се карактеризираат и со нов модел на баланс на интересите, а кој ја вклучува и заштитата на јавниот интерес и на граѓанинот-потрошувач.

Во своите препораки ги издвојува особено следните, без оглед на видот на јавната служба, и тоа: а) во однос на вработувањето, клучни се принципите на стручност и компетентност; б) раководење со јавните служби со ист капацитет и овластувања како и во приватниот сектор, со висок степен на одговорност и отчетност, како и развивање на култура на клиентот во организацијата и внесување на успешните модели на управување од приватниот сектор: *Total Quality Management*, вклучително и соодветен систем на управување со човечките ресурси; в) учество на граѓаните – корисници во работењето на јавните служби каде што особено е важно правото на глас, но и правото на излез, односно можноста да се напушти давателот на услуга доколку граѓанинот не е задоволен од услугата што ја добива. Тоа значи и поттикнување на конкуренцијата од страна на државата.

Според кандидатката, овие принципи доколку не е можно да се внесат во правна рамка, потребно е да се донесе декларативна заложба на професиите за остварување на овие прииципи на ниво на сектори или професии. Државата, пак, е потребно да го промовира овој модел на односи и да се залага за негово имплементирање. Во таа смисла, кандидатката предлага и формирање на посебно тело во Република Македонија кое ќе биде посветено на остварување на оваа цел. На крајот, кандидатката завршува со предлози за понатамошни истражувања кои ќе придонесат за дефинирање на идеалниот модел на вработувањето во јавните служби.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И ОЦЕНА

Докторската дисертација „Правниот статус на вработените во јавнте служби" обработува интердисциплинарна, нова, современа и кај нас малку истражувана тема. Оттука, интересот што го побудува во научната, стручната и пошироката правна и општествена јавност, како и несомнениот научен придонес на овој труд - се гаранција за правилно избраната тема и потребата од нејзино научно истражување, кое ќе добие научна верификација, но и практична имплементација со предлози и решенија за доградба на правниот систем на Република Македонија.

Во погоре изложената содржина на докторската дисертација ги презентиравме ставовите и резултатите до кои дошла кандидатката во истражувањето, а посебно нејзиното мислење за тоа дека јавните служби се издвојуваат како посебен сектор во општеството и како такви ја

разнишуваат поделбата на јавното и приватното право што влијае врз положбата на вработените во нив.

Генералната оцена за докторската дисертација „Правниот статус на вработените во јавнте служби“ на кандидатката м-р Марија Пешева, е позитивна и таа претставува одреден научен придонес во изучувањето и објаснувањето на статусот на вработените во јавниот сектор, како и на основните принципи на нивна регрутација, задржување и напредување во службата.

Трудот претставува самостоен научен труд во кој авторката покажува способност за анализа и воопштување со добра и коректна примена на научната методологија. Авторката во своите заклучоци ги предлага најдобрите решенија за доградба на правниот систем на Република Македонија, што ја става во благородна мисија на тесно поврзување на науката со реалноста и практиката.

Врз основа на сето она што беше констатирано и изложено во овој извештај, на Комисијата ѝ причинува задоволство да му предложи на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” да го усвои извештајот со позитивната оцена дадена во него и да ѝ овозможи на кандидатката да пристапи кон јавна одбрана на дисертацијата.

Скопје, 15.6.2010 година

**Комисија,**

Д-р Тито Беличанец, редовен професор – член, С.Р.

Д-р Гзиме Старова, редовен професор – член, С.Р.

Д-р Борче Давитковски, редовен професор – ментор, С.Р.

Д-р Тодор Каламатиев, редовен професор – член, С.Р.

Д-р Ана Павловска-Данева, вонреден професор – член, С.Р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ИРИГАЦИОНИТЕ СОЛУЦИИ НА **SMEAR LAYER**, ВИТАЛНИТЕ СТРУКТУРИ И ДЕНТИНОТ НА ЕНДОДОНТСКИ ТРЕТИРАНИ ЗАБИ" ИЗРАБОТЕНА ОД Д-Р ИЛИЈАНА АЏИСАНКОВА МУРАТОВСКА ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот Факултет во Скопје, на својата 7. редовна седница одржана на ден 24.03.2010 по предлог на Научниот одбор, донесе одлука за формирање на рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација

"Проценка на влијанието на иригационите солуции на smear layer, вителните структури и преостанатиот дентин не ендодонтско третирани заби" од д-р Илијана Аџисанкова-Муратовска, назначувајќи комисија во состав:

- Проф. д-р Љупка Матовска,
- Проф. д-р Бона Бајрактарова,
- Проф. д-р Снежана Иљоска,
- Проф. д-р Светлана Кулеванова
- Проф. д-р Славјанка Оџаклиевска.

Рецензентската комисија, по темелното, детално разгледување и проучување на доставениот материјал, на Наставно-научниот совет му го поднесува следниот .

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација под наслов "Проценка на влијанието на иригационите солуции на smear layer, вителните структури и преостанатиот дентин не ендодонтско третирани заби" од д-р Илијана Аџисанкова-Муратовска е напишана на 134 страни, со цитирани 158 библиографски

единици. Таа се состои од 9 поглавја: вовед во темата, литературен преглед, цел на трудот, материјал и метод на работа, резултати, дискусија, заклучоци и литература. Приложени се и кратка содржина на англиски јазик како и тестови користени за статистичка анализа.

Во **Воведниот дел** е презентирано значењето на ендодонцијата како дисциплина на стоматологијата, со посебен осврт на успешната ендодонтска терапија и анализа на сите последователни постапки. Посебен аспект е даден на механичката инструментација, техниките и растворите за иригација, како важни фактори во обезбедувањето на дентинска површина која ќе биде спремна за адхезија на материјалот за дефинитивна оптурација.

Во тој контекст, т.н.размачкан слој кој се создава при механичката обработка на каналите, со својот состав од органски и неоргански компоненти, вклучувајќи и некротичен материјал, микроорганизми и сл. може да претставува потенцијал за компромитирање на ендодонтската терапија. Имајќи го предвид фактот што овој слој е со аморфна структура и адхерира тесно со дентинската супстанца, покрај иригансите, неопходно е да се вклучат и хелирачки средства кои ќе го растворат.

Во **Литературниот преглед** д-р Илијана Аџисанкова-Муратовска проследира трудови од други автори кои работеле на слична проблематика, низ кои се покажува можноста за компромитирање на ендодонтската терапија доколку таа правилно и соодветно не ги проследи сите фази на процедура, со посебна нагласка на размачканиот слој, а при тоа д а не биде нарушена природната виталност и цврстина на коренот на забот. Во ова поглавје д-р Илијана Аџисанкова-Муратовска ги анализирала бројните трудови кои ја обработуваат и каналната морфологија со сета нејзина комплексност во смисол на недостапност за механичка обработка како и современите инструменти кои ни стојат на располагање со цел да се постигне конусн форма со мазни ѕидови, со што би се олеснила крајната оптурација на каналниот систем. Новите технологии со кои се создадени флексибилни инструменти, со т.н. метална меморија, специфичен дизајн и максимална можност за обработка на каналот се голема поддршка на успешната ендодонтска терапија, но при тоа

мора да се води особено внимание и за искуството на терапевтот што ја спроведува процедурата.

Деталниот опис на т.н. smear layer е со посебен акцент литературно проследен во ова поглавје, како можност да ги забави ендодонските дезинфициенси во нивната акција, што уште еднаш ја потврдува потребата од користење на хелирачки средства, со добро проценета индкација. Ендодонтската литература изобилува со истражувања за карактеристиките на ригационите средства во ендодонтската процедура, бидејќи изборот на ириганс е од големо значење за успехот на ендодонтската терапија. Така на пример, ако современата ултразвучна обработка на каналите како ефикасно докажан метод за отстранување на размачканиот слој не е применета со адекватна иригација, значи дека основната цел не е постигната. Во ова поглавје направен е осврт врз сите средства кои досега се користени или се користат од различни автори, а кои некогаш се причина за дисколорација на околината и кородирање на инструментите.

Токму затоа, д-р Илијана Аџисанкова-Муратовска, земајќи ги во предвид досегашните искуства на бројни автори како и личните сознанијаи искуства, ги поставила следниве **цели** за испитување во оваа докторска дисертација:

- определување на степен на создаден размачкан слој и отворени, односно облитерирани дентински тубули во цервикална, средна и апексна третина на коренот преку сцаннинг-микроскопија , а со примена на различни техники на препарација и дејствување на Natrium hypohlorite и Chlorhexidine gluconate на создадениот размачкан слој;
- процена на степенот на отстранување на размачканиот слој преку отварање на дентински тубули во сите три третини на коренските канали каде што покрај веќе споменатите агенси се користени и хелирачки агенси;
- верификација на можноста за евентуален губиток на калциум од дентин, процентот на застапената декалцификација при користење на одредени ириганси или при нивна комбинација со хелирачки средства 17% Ethylenediamidetetraacetate (ЕДТА) и 10% лимонска киселина;

- евалуација на степенот на промената во микротврдината на коренскиот канал како резултат на примената на различни со што би се предвидела отпорноста и издржливоста на коренот под оптретување;
-определување на можноста и временската димензија на дејствување на иригационите раствори одделно или во комбинација со хелирачки раствори на разложувањето на виталното пулпино ткиво во ин витро услови.

Во поглавјето **Материјал и метод**, авторката ги презентира иригасите кои се употребени во ова истражување, 2,5% Natrium hypohlorite (NaOCl) и 0,2% Chlorhexidine gluconate(CHX) и хелирачки раствори 17% Ethylenediamidetetraacetate(EDTA) и 10% лимонска киселина. Квантификација на количеството на smear layer со електронска микроскопија е направено на 180 еднокорени заби, ендодонтски нетретирани со примена на две техники на биомеханичка обработка , по сите принципи на работа кои тие техники ги препорачуваат.Електрон-микроскопската евалуација е градуирана по авторот Роме. Формираните девет групи на испитувани корени се направени според видот на користениот ириганс.

Детекција на присуство на калциумови јони е со метод на атомска апсорпциона спектрофотометрија за чија евалуација на промените во нивото на калциумовите јони во дентинската структура се искористени 90 заби од свежо екстрахирани нееруптирани трети молари, а анализата е направена на Хемискиот институт во Скопје.
Мерењето на микротврдината е направено со "Vickers" апарат со оптоварување од 0,5kg.

Разложувањето на пулпиното ткиво во т.н. експериментален дел се базира на органолитичкото дејство на споменатите современи раствори, со истовремено утврдување на влијанието на растворливост на иригансите на виталното ткиво.
Во статистичката обработка на добиените резултати биле користени следните статистички методологии:
- дескриптивна статистика беше користена кај квантитативните, нумерички параметри;

- дистрибуција на фреквенции (апсолутна и релативна застапеност) за прикажување на квалитативните параметри;
- тестови за независни примероци и тестови за зависни примероци за одредување на сигнификантност во добиените разлики меѓу анаизираните параметри.

Добиените податоци се табеларно и графички прикажани.

Во поглавјето **Резултати** сукцесивно се прикажани добиените резултати за присуство на размачкан слој направени на 90 корени, резултатите од екстрахиран цалциум од дентин, резултати од утврдување на микротврдината на дентинот И дејството на ириганситe на пулпиното ткиво на вкупно 46 табели, 34 графикони, проследени со 8 слики. Овие резултати ги прикажуваат добиените вредности според применетите техники ( рачна И машинска) на биомеханичка обработка, ириганситe, нивна комбинација со хелациони средствапо третини на коренскиот систем, што претставува корисно сопствено искуство, коешто ќе придонесе како за примена во практичната работа, така и за согледување и споредба на нивната ефикасност во ендодонтската терапија.

Во поглавјето **Дискусија** авторката преку освртот и анализата на различните пристапи во биомеханичката обработка на коренските канали, различното искуство, мислење и пристап кон примената на иригационите солуции произлезени од сопствените истражувања, ги дискутира и ги споредува со искуствата на други тематски истражувачи, што секако ќе допринесува и за индивидуалната одлука на секој поединечен случај. Тука сепак остануваат и контроверзите во смисол на некои објавени истражувања, а тоа е фактот дека без механичка инструментацијаво каналот не постои размачкан слој. Наспроти тоа, одреден број автори сметаат дека овој слој може да претставува бариера за бактериски метаболити, со што би се превенирала бактериска инвазија во тубулите. Истражувањата во оваа дисертација, во еден свој сегмент, прикажуваат присаство на размачкан слој, особено во апикалната третина кој целосно ги покрива дентинските тубули, при што ириганситe неможат во поголем степен да го отстранат размачканиот слој. Видот на каналните инструменти со машинско проширување секако дека ветува и покажува

резултати особено при постоење на пречки во каналниот систем, што заедно со иригацијата ветува поголем степен за отстанување на размачканиот слој. Ириганситe што се користени во оваа студија во добар дел се совпаѓаат со оние користени од други автори, што укажува на фактот дека во овој момент тоа е изборот со којшто се располага, дека тематиката е актуелна и истражувачка и дека иднината се повеќе, освен кон хемиските и ултрасоничните техники, треба да биде насочена кон изнаоѓање други техники на елиминација на размачканиот слој. Од литературата која кандидатката ја има проследено, јасно произлегуваат одредени контроверзи кои и во овие испитувања се наметнуваат, што секако е вистинската сугестија и патоказ за сите споредбени примероци коишто се изнесени во оваа дисертација а се потврдени и во следното поглавје.

**Заклучоци**. Тука низ осум заклучни согледувања, д-р Илијана Ацисанкова-Муратовска ги сумира своите резултати:

- дека независно од материјалот и дизајнот на инструментите и техниките, во текот на препарацијата на каналите, се продуцира еднаква количина на размачкан слој атхериран на ѕидовите на дентинот, со неможност да биде елиминиран со неактивни компоненти, во однос на содржинските компоненти на овој слој;
- подобрување има во однос на примената на машинските проширувачи, при што се создава помала количина размачкан слој, што заедно со заемното дејство на ириганс и хелациона супстанција дава подобри резултати;
- во однос на обработката и резултатите добиени од апикалната третина во споредба спо цервикалната и средната третина, секако дека очекувано дава послаби резултати;
- вообичаениот 2,5% Natrium hypohlorite, самостојно или во комбинација со хелатори е препорачан кас случаите со потреба од поагресивно дејствување во каналната содржина;
- битен заклучок е фактот дека екстракција на калциумови јони не настанува при примена на 0,2% како ириганс, наспроти сигнификантното намалување на содржината на калциумовите јони

во дентинот при употреба на 2,5% Натриум хипохлорите и хелатори од типот на 17% ЕДТА и 10% лимонска киселинашто еднакво се случувало и во однос на микротврдината на коренско-канален дентин.

Во поглавјето **Литература** уредно се цитирани 152 референци од домашни и од странски автори.

# ЗАКЛУЧОК

Рецензентската комисија по темелната анализа на поднесената докторската дисертација под наслов "Проценка на влијанието на иригационите солуции на smear layer, вителните структури и преостанатиот дентин кe ендодонтско третирани заби" претставува допринес за подобрување и унапредување на ендодонтската терапија и покрај истражувачкото значење има и апликативна вредност. Дисертацијата ги содржи сите елементи на научно-истражувачки труд, кој содржи литературен преглед, анализа на сопствените резултати и нивна компарација со искуствата на други автори, а целите на трудот се целосно застапени и обработени.

Вака оформениот дисертационен труд и дава за право на Рецензентската комисија позитивно да го оцени и да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да го усвои рецензентскиот извештај и да и овозмои на кандидатката понатамошен тек на докторската дисертација.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф.Д-р Љупка Матовска с.р.

Проф.Д-р Славјанка Оџаклиевска с.р.

Проф.Д-р Снежана Иљовска с.р.

Проф.Д-р Бона Бајрактарова с.р.

Проф.Д-р Светлана Кулеванова с.р.